


**Предлог**

# ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА ОПШТИНА СТРУГА за периодот 2025 – 2028 година

**СОДРЖИНА**


**I. ВОВЕД**.....3

1.1 Профил на општината Струга.....3

1.2 Цел на ИЛРП.....5

**II.МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП**.....5

**III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ**.....6

**IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД ДЕМОГРАФСКАТА И СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА**.....7

**V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА НА ОПШТИНАТА**.....23

**VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНАТА**.....23

**VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ**.....25

**VIII. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ**.....27

8.1 Програма за урбано планирање.....30

**8.2 Програма за комунални дејности**.....36

**8.3 Програма за заштита на животната средина и природата**.....41

8.4 Програма за локален економски развој.....43

8.5 Програма за култура.....47

8.6 Програма за спорт и рекреација.....49

8.9 Програма за еднакви можности на жените и мажите.....52

8.10 Програма за заштита и спасување.....54

8.11 Програма за месна самоуправа.....56

**9 БУЏЕТ НА ИЛРП**.....59

**10 ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИЛРП**.....60

# I. ВОВЕД

## 1.1 Профил на општината Струга

Географска положба:

Општина Струга е административен, културен и економски центар во југозападниот дел на Северна Македонија, со значителни природни ресурси и туристички потенцијал. Граничниот премин Ќафасан, кој е главна точка за преминување кон Албанија, ја зголемува меѓународната пристапност на Струга. Овој премин е од стратешко значење за трговските и туристичките текови помеѓу двете земји. Патниот сообраќај преку овој премин е значително подобрен со реновирање на делови од патната инфраструктура, што ја прави Струга важно прекугранично јазло.

Населени места и градот Струга, општина Струга е составена од градот Струга како административен центар и повеќе од 50 рурални населени места, распоредени низ Струшката рамнина и планинските предели околу неа. Оваа територија е разновидна, опфаќајќи урбани и рурални заедници со различни економски, културни и етнички карактеристики. Општината според последниот попис одржан во 2021 година има 50652 жители кои живеат во градот Струга и населните места: Боровец, Враништа, Велешта, Вишни, Глобочица, Горна Белица, Долна Белица, Драслајца, Добовјани, Делогожди, Лабуништа, Луково, Ливада, Мислешево, Мороишта, Мали Влај, Нерези, Ново Село, Октиси, Пискупштина, Подгорци, Радолишта, Радожда, Ташмаруништа, Франгово, Заграчани, Збажди, Заум, Шум, Корошишта, Горно Татеши, Долно Татеши, Џепин, Враништа, Лабуништа, Делогожди, Мислешево и Калишта.

Општина Струга се граничи со неколку општини и тоа: општина Вевчани, општина Охрид и општина Дебарца.




Слика 1. Географска локација на општина Општина Струга

Патиштата кои ја поврзуваат Општина Струга со околината се клучни за економскиот и социјалниот развој на општината, особено автопатот А2 (дел од Коридор 8) кој ја поврзува со Скопје и Албанија, како и регионалните патишта кон Охрид и Дебар. Овие патни правци обезбедуваат значаен транспортен и туристички потенцијал, но исто така се соочуваат со предизвици поврзани со одржувањето, безбедноста и инфраструктурната модернизација, особено во руралните и планинските делови. Со континуирани инвестиции и подобрувања, овие патишта можат да го поттикнат одржливиот развој и да ја зголемат конкурентноста на општината.

Во Охридско-Струшкото поле преовладува умерено континентална клима, но во однос на врнежите, па и амплитудите на температурата на воздухот, во одредена мера добиваат карактеристики на модифицирана медитеранска клима. Ветровите се јавуваат од сите правци, меѓутоа според зачестеноста и јачината на ветровите преовладуваат од северниот, југозападниот и јужниот правец. Охридско-Струшкото поле се наоѓа во климатска зона I. Минималната температура во зимскиот период изнесува –13,7˚Ц а максималната 16,6˚Ц; додека во лето минималната температура изнесува 5,3˚Ц, а максималната 36,1˚Ц. Ветровите од трета зона се слаби со брзина од максимум 80 м/сец. Според ружата на ветрови за Република Македонија, ветерот кај Струга во најголемиот дел од годината е во правец од север, југозапад и југ, и тоа северниот ветер учествува со 28%, југозападниот со 21,8 % и јужниот со 12,1 %. Максималната јачина на ветерот изнесува околу 9 бофори или 62-74 км/х, па дури и до 82 км/х. Средната јачина изнесува 7-8 км/х. Годишните тишини се 17,4%. Интензитетот на врнежите од дожд, снег и град е многу низок и истите не се рамномерно распределени во текот на целата година, така што не може да се каже дека воздухот редовно се прочистува со врнежи. Релативната влажност на воздухот изнесува 60-81% зима и 50-75% во лето.

Според одредбите од Законот за локална самоуправа ,со Општината раководи Градоначалник и Совет на општината, во чиј состав има 27 советници. Општинската администрација е раководена од страна на секретарот на Општина Струга, и истата е организирана во повеќе сектори и одделенија кои покриваат различни области на локалната самоуправа, вклучувајќи урбанизам и просторно планирање, финансии, јавни услуги, локален економски развој, образование, култура, спорт, социјална заштита, инспекциски надзор, правни работи, и ИТ и електронска управа. Секторите се одговорни за стратешко планирање и имплементација на политики, додека одделенијата спроведуваат конкретни активности, како јавни набавки, односи со јавноста, меѓународна соработка, и човечки ресурси. Заедно, тие обезбедуваат ефикасно функционирање на општината и услужување на граѓаните. Во рамките на Општина Струга работи и Територијалната противпожарна единица. Официјален јазик со кој општината и администрацијата комуницира сограѓаните и локалните институции е македонскиот и албанскиот јазик.

Табела: Совет и вработени во Општина Струга по пол:

| **Степен на родова еднаквост** | **Број на лица** | | **Вкупен број на вработени со договор на неопределено време во општинската администрација** |
|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | |
| **Совет на општината (Советници)** | 17 | 10 | |
| **Општинска администрација** | 133 | 74 | 207 |

Во Општина Струга вкупниот број на вработени изнесува 207 лица. Податоците од Табелата покажуваат дека бројот на вработени жени е помал во однос на мажи. Исто така, и во Советот на општинат од вкупно 27 советници само 10 се жени.

### 1.2 Цел на ИЛРП

ИЛРП на општина Струга е производ на ново воспоставена сеопфатна и напредна стратешка развојна рамка на општината, која е цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност.

Планот е подготвен низ соработка и партнерства со сите чинители во општината и ги рефлектира приоритетните потреби на граѓаните. Притоа, целта на ИЛРП е да овозможи практична и спроведлива рамка за адресирање на клучните развојни предизвици поврзани со животот на граѓаните.

## II. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП

ИЛРП на општина Струга е подготвен во согласност со **Методолошките насоки за подготовка на Интегрирани локални развојни планови**и зработени со поддршка на проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“, кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој. Проектот е дел од поширокатa програмска рамка на УНДП финансирана од Шведска, која го опфаќа и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.

Во табелата 1, се наведени клучните методолошки чекори и периодот во кој се реализирани.

*Табела 1: методолошки чекори и периодот во кој се реализирани.*

| **Чекори** | **Период на спроведување** |
|---|---|
| Чекор 1 – Одлука на градоначалникот за почеток на процесот на планирање | Јули, 2023 |
| Чекор 2 – Формирање на тим за планирање на локалниот развој | Јули, 2023 |
| Чекор 3 – Мапирање на засегнатите страни | Јули, 2023 |
| Чекор 7 - Собирање податоци за социо-економска и анализа на животната средина | Август, 2023 |
| Чекор 8 - Социо-економска и анализа на животната средина | Септември, 2023 |
| Чекор 9 – Изработка на тематски SWOT анализи | Окомври, 2023 |
| Чекор 10 – Изработка на интегрална SWOT анализа | Октомври, 2023 |
| Чекор 11 – Подготовка на први и консолидирани нацрти на ИЛРП (визија, стратешки цели, критериуми за приоритизација, цели на програмите, приоритетни мерки на програмите, активности и проекти, буџет и план за мониторинг и евалуација) | Ноември, Декември и Јануари 2023 |
| Чекор 12 - Презентирање на нацртот ИЛРП на Форумот на заедницата со цел обезбедување повратни информации и коментари | Февруари 2023 |
| Чекор 13 - Подготовка на пред-финалниот нацрт на ИЛРП одобрен од градоначалникот | Март 2023 |
| Чекор 14 - Презентирање на пред-финалниот нацрт на ИЛРП до Советот на општината за дискусија и одобрување | Април 2023 |
| Чекор 15 – Објавување на финалната верзија на ИЛРП | Мај 2023 |

ИЛРП на општина Струга е продукт на процес на партиципативно развојно планирање заснован на подготвеноста на општинската администрација за обезбедување на учество на засегнатите страни и градење на стратешки капацитети за интегрирано развојно планирање во општината.

## III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

При подготовката на ИЛРП на општината Струга, се водеше сметка за усогласување на овој план со постоечки политики и агенди на различни сектори на повисоките нивоа на управување. Притоа обезбедена е:

- вертикална усогласеност со документи за развој повисоко во хиерархијата – релевантни политики и стратешки планови, на национално и регионално ниво;
- хоризонтално усогласување помеѓу клучните општински секторски развојни планови и политики и
- усогласување со просторните и урбанистичките планови.

Поконкретно ИЛРП на општината Струга е вертикално усогласен со следниве клучни развојни документи:

- Националната развојна стратегија (план за 20 години);
- Стратегија за регионален развој (план за 10 години);
- Програми за развој на планските региони (план за 5 години);

Очекуваниот ефект од вертикалното усогласување е да се олесни обезбедувањето на средства од повисоките нивоа на власт, како и од европските фондови, поради конзистентоста на ИЛРП на општина Струга со националната платформа за стратешко планирање и нејзините делови.

При подготовката на ИЛРП на општина Струга особено внимание беше посветено на усогласување со целите и локализирање на апликативните мерки и активности предвидени во следните национални секторски стратегии (кои имаат валидно времетраење):

- ✓ Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[1];
- ✓ Акционен план за 2021 - 2023 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[2];
- ✓ Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[3];
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој 2009 - 2030 година[4];
- ✓ План за спречување на создавање отпад 2022 - 2028 година[5];
- ✓ План за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[6];
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата[7];
- ✓ Национална стратегија за биолошка разновидност со Акционен план 2018 - 2023 година[8];
- ✓ Национален план за енергија и клима[9];

[1] https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf
[2] https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf
[3] https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf
[4] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf
[5] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf
[6] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/.pdf
[7] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12.pdf
[8] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/NATIONAL-BIODIVERSITY_MKD.pdf
[9] https://economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf

- ✓ Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година[10];
- ✓ Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година[11];
- ✓ Стратегија за индустриски развој 2018 - 2027 година, со Акционен план[12];
- ✓ Стратегија за развој на женското претприемништво 2019 - 2023 година[13];
- ✓ Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021 - 2027 година[14];
- ✓ Национална стратегија за МСП 2018 - 2023 година[15];
- ✓ Национална стратегија за млади 2016 - 2025 година[16];
- ✓ Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027 година[17];
- ✓ Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 - 2026 година[18];
- ✓ Стратегија за образование 2018 - 2025 година[19];
- ✓ Фискална стратегија на Република Северна Македонија 2022 - 2024 година (со перспектива до 2026 година)[20];
- ✓ Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2022 - 2025 година[21] и
- ✓ Други повеќегодишни национални стратегии и планови кои се поврзани со делокругот на надлежностите на општините и се во фаза на подготовка или се планирани за ажурирање.

Покрај вертикалното усогласување при изработка на овој стратешки документ во предвид се земени тековните стратешки документи изготвени од страна на општината:

- ✓ Стратегија за култура на општина Струга 2017–2022
- ✓ Стратегија за млади 2015-2020
- ✓ Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор 2015-2020
- ✓ Стратегија за социјална заштита на своите граѓани 2015-2020

## IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД ДЕМОГРАФСКАТА И СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА

Овој дел на ИЛРП се осврнува на демографската, социо-економската и еколошката анализа како основа за одржливиот развој на општина Струга.

Со демографската, социо-економската и анализата на животната средина беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на општината Струга. На тој начи е воспоставена информациска и аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја на ИЛРП. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски - економски, социјални и еколошки развојни планови.

[10] https://economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2759.nspx
[11] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/94b041280dbe4ae6870f6450e30de0a2.pdf
[12] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf
[13] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/2023.pdf
[14] https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/ns_16_2021.pdf
[15] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija.pdf
[16] https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies
[17] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/_2022_2027.pdf
[18] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/2022-2026.pdf
[19] https://mon.gov.mk/page/?id=2048
[20] https://finance.gov.mk/
[21] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10 -2022-2025-MK-Struktuirana-za-Vlada-1.pdf

Со подготовката на оваа анализа се демонстрира пристапот на „Системско размислување“ и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.
Демографската и социо-економската и анализата на животната средина се засновани на достапни податоци од различни извори и во различни форми.

| **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА** | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Општина Струга има стабилно, но стареење население, со значително влијание на миграцијата врз демографската структура. | Преземање мерки за намалување на миграцијата преку програми за економски развој и создавање нови работни места. |
| Висок процент на младата популација мигрира за работа и образование во странство, што влијае на локалниот економски и социјален развој. | Унапредување на образовните и здравствените услуги за подобрување на животниот стандард. |
| Присуството на повеќе етнички заедници (Македонци, Албанци, Турци, Роми) го одредува мултикултурниот карактер на општината. | Поттикнување на повратните миграции со поддршка за мали и средни претпријатија. |
| | Активна инклузија на сите етнички заедници во општинскиот развој преку културни и социјални програми. |
| **АНАЛИЗА НА ПАЗАР НА ТРУДОТ** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Ниската стапка на невработеност е поврзана со развиениот туристички сектор кој нуди сезонски вработувања, особено во угостителството. | Развој на образовни програми усогласени со потребите на пазарот на труд, со акцент на техничко образование и обука за младите. |
| Забележан е недостиг на специјализирана и квалификувана работна сила, што ја ограничува експанзијата на локалните компании. | Поттикнување на инвестиции во сектори кои обезбедуваат одржливи и постојани работни места. |
| Постојат тенденции за миграција на млади и квалификувани лица во странство, што доведува до „одлив на мозоци“ и намалување на локалниот развоен потенцијал. | Стимулирање на иницијативи за привлекување квалификувани кадри и намалување на миграцијата преку локални проекти и субвенции. |
| | Промоција на претприемништвото и поддршка на микро, мали и средни претпријатија како начин за креирање нови работни места. |
| **ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Основата на локалната економија во општина Струга се заснова на туризмот, | Развој на туристичката инфраструктура и унапредување на туристичката понуда, со фокус на еко-туризмот и културниот туризам. |

| | |
|---|---|
| угостителството, трговијата, земјоделството и малиот бизнис. | |
| Туризмот претставува значаен економски фактор, особено поради природните ресурси како Охридското Езеро и културното наследство. | Поддршка за модернизација на земјоделските практики и воведување на нови технологии за зголемување на продуктивноста. |
| Земјоделството, иако со висок потенцијал, се соочува со ограничувања во однос на модернизација и продуктивност. | Поттикнување на мали и средни претпријатија преку поволни кредити, обуки и даночни олеснувања. |
| Домашната и странската миграција имаат значително влијание врз локалната економија, со одлив на работна сила и намалени стопански активности. | Развој на програми за задржување на работната сила, преку зголемување на можностите за локална вработеност и поттикнување на иновации. |
| | Зголемување на инвестициите во инфраструктурни проекти и поддршка за обновливи извори на енергија. |
| **АНАЛИЗА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПЛАНИРАЊЕ** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Општина Струга се соочува со сериозни предизвици во одржувањето и модернизацијата на комуналната инфраструктура. | Интензивна реконструкција и модернизација на постојната улична мрежа и јавни простори. |
| Постои потреба од реконструкција и изградба на улична мрежа, тротоари, кејови, паркови, плоштади и водоводни системи. | Развој на канализациски системи за подобрување на управувањето со отпадните води. |
| Атмосферската и фекалната канализација се недоволно развиени, што создава ризици за животната средина и здравјето на граѓаните. | Поставување на нови системи за улично осветлување и надградба на сообраќајната сигнализација за безбедност и ефикасност. |
| Недоволно и застарено улично осветлување и вертикална и хоризонтална сигнализација. | Изградба на нови и реконструкција на постојните депонии, вклучувајќи решенија за рециклирање и управување со отпад. |
| Управувањето со отпадот е отежнато поради недоволен број депонии и несоодветна инфраструктура. | Изработка на долгорочни планови за урбанистички и инфраструктурен развој, вклучувајќи мерки за заштита на животната средина |
| **АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Општина Струга располага со основна социјална инфраструктура која вклучува образовни институции, здравствени услуги, културни установи и објекти за социјална заштита. Постои мрежа на основни и средни училишта, здравствени домови и дневни центри за ранливи групи. Сепак, има простор за подобрување во однос на достапноста и квалитетот на услугите, особено во руралните подрачја. | Модернизација и реконструкција на постојната инфраструктура - Подобрување на капацитетите на училишта, здравствени објекти и социјални центри за да се обезбедат поквалитетни услуги. |

| | |
|---|---|
| | Зголемување на достапноста на услугите во рурални средини - Поддршка на отварање на нови објекти и зголемување на мобилни услуги за подобар пристап до здравствени и социјални услуги. |
| | Интеграција на дигитални технологии - Воведување на е-услуги во образованието и здравството за поголема ефикасност и пристапност. |
| | Поддршка на ранливи категории - Зголемување на опфатот на индивидуални третмани и програми за лицата со попреченост, и финализирање на проектите како сензорни соби. |
| **АНАЛИЗА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Висок хидрографски потенцијал: Општината има значајни водни ресурси, како реката Црни Дрим и Хидроцентралата Глобочица. | Планирање и управување: Развивање стратегии за управување со водните потенцијали и заштита на природните ресурси. |
| Проблеми со загадување: Почвата страда од загадување поради диви депонии и непрочистени отпадни води. | Санација на загадувањето: Чистење на дивите депонии, селските канали и пороите за заштита на водите и природата. |
| Мониторинг на воздухот: Поставена е мерна станица за следење на квалитетот на воздухот, но се потребни подолгорочни анализи. | Мониторинг: Редовно собирање и анализа на податоци од мониторинг станиците за подобрување на животната средина. |
| Шумски екосистеми: Состојбата на шумите е загрозена од болести, пожари и нелегална сеча на дрва. | Заштита на шумите: Редовно следење и имплементација на програми за заштита од пожари и нелегална сеча. |
| | Зголемена енергетска ефикасност: Поставување на обновливи извори на енергија како фотоволтаици и топлински пумпи на јавни објекти |
| **АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСТА И СИГУРНОСТА ВО ЗАЕДНИЦАТА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Безбедноста во заедницата на општина Струга е генерално стабилна, со ниско ниво на криминал и добра соработка помеѓу локалното население и полицијата. | Потребна е модернизација на сообраќајната инфраструктура и поставување на дополнителна сообраќајна сигнализација за зголемување на безбедноста на патиштата. |
| Постои ризик од сезонско зголемување на сообраќајните несреќи, особено за време на туристичката сезона, поради зголемена фреквенција на возила и посетители. | Унапредување на јавната осветленост, особено во периферните населени места. |

| | |
|---|---|
| Дел од населените места сè уште немаат соодветно осветлување и инфраструктура што може да придонесе за чувство на несигурност во одредени делови на градот. | Зголемување на бројот на едукативни кампањи за граѓаните за сообраќајна култура и јавна безбедност. |
| | Планирање на подобра координација меѓу институциите за време на туристичките манифестации со цел ефикасно справување со поголемиот број посетители. |

Во секторските анализи не се идентификуваат карактеристики (пример мал број на компании во сопственост на жени..спортски игралишта адекватни за девојчиња и жени) и специфични потреби и недостатоци кои се однесуваат на жени, мажи и лица со попреченост. Недостатокот на вакви информации во овој дел е во корелација мерките и активностите кои ќе бидат предложени, бидејќи нема да ги одразуваат специфичните потребеи на сите целни групи. За да се обезбеди родова сензитивност и инклузивност, неопходно е секторските анализи подетално да ги адресираат овие аспекти за легиримирање на мерките и активностите во програмирањето. Ова ќе овозможи дизајнирани на мерки и активности кои ќе бидат конкретно насочени кон намалување на нееднаквостите и унапредување на условите за сите засегнати страни, вклучително и најмаргинализираните групи

**SWOT анализа**

SWOT е кратенка на англиски јазик за: „силни страни, слаби страни, можности и закани“. Силните и слабите страни се внатрешни фактори во општината или прашања кои примарно се под контрола на локалните чинители. Во исто време, можностите и заканите се надворешни фактори, околности врз кои локалните чинители имаат мало влијание но мора да бидат свесни за нив и да имаат соодветни механизми да одговорат на нив.

SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста. Клучните прашања на кои се фокусираше SWOT анализата се:

- Силни страни: Што е тоа што ние го имаме, а другите го немаат? Што правиме или што можеме да направиме подобро од другите?
- Слаби страни: Што правиме полошо од другите? Што е клучно за нас што го попречува нашиот развој?
- Можности: Кои се можностите што ги гледаме за нашата општина во регионот и државата?
- Закани: Кои тековни активности во регионот, државата и надвор од неа може да влијаат на нашиот напредок?

*Табела 3: Интегрална SWOT анализа*

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| **Образование**:<br>- Долгогодишна традиција на школство во општината<br>- Стручен наставен кадар<br>- Солидна распореденост на образовните установи на територијата на општината<br>-Потреба и желба на жителите за унапредување на образовниот систем во општината<br>- Бројни поединечни и екипни успеси на учениците во различни натпреварувања<br>- Делумно организиран систем за неформално образование на локално ниво<br>- Високо ниво на млади лица со високо образование | **Образование**:<br>**-Недоволни средства од дотации за материјално работење на училиштата( греење, струја, хигиенски средства),**<br>**- Иселувањето на млади и квалификувани кадри влијае негативно врз образовниот систем, особено во руралните средини.**<br>**-Недостиг на просторни услови и потреба од поекипирање за инклузија на учениците со посебни образовни потреби.** |
| **Спорт**:<br>- Општина Струга располага со прекрасни природни услови, како Охридското Езеро и околните планини, кои овозможуваат развој на различни спортови на отворено.<br>-Струга има долга традиција на развој на спортови, особено во фудбалот, ракометот и веслањето. Неколку локални спортски клубови имаат достигнато високи резултати на национално и меѓународно ниво.<br>Општината поддржува спортски настани и училишни спортски активности, со што се поттикнува учеството на младите во спортот.<br>Различни спортски клубови за деца и млади се активни во општината, што помага за раниот развој на спортскиот потенцијал.<br>Струга е домаќин на меѓународни спортски натпревари, како Струшкиот ракометен турнир, кој привлекува учесници и посетители од различни земји. | **Спорт**:<br>- Струга има ограничена спортска инфраструктура, особено во руралните области. Недостаток на спортски сали, терени и опрема е забележителен.<br>-Многу спортски клубови се соочуваат со финансиски проблеми, што влијае на нивната способност за тренинг, опрема и учество на натпревари.<br>-Нема доволно програми и иницијативи за вклучување на поширокатa популација, особено на децата и младите, во масовни спортски активности.<br>-Спортот за лицата со посебни потреби и за постарите лица е слабо развиен и не е доволно поддржан.<br>-Иселувањето на млади и талентирани спортисти, кои бараат подобри услови за тренинг и развој, е значаен проблем за општината. |
| **Здравје и благосостојба**:<br>- Општина Струга има општа болница и повеќе здравствени домови, што обезбедуваат основна здравствена грижа за населението.<br>-Поради богатата природна околина, Струга има долга традиција на користење на природни лекови и терапии, што го збогатува здравствениот спектар на услугите.<br>- Општината редовно организира спортски и рекреативни активности, кои придонесуваат | **Здравје и благосостојба:**<br>**-Недостаток на амбуланти во рурални средини и лекари во примарна здравствена заштита**<br>**-Здравствените установи се соочуваат со застарена опрема и инфраструктура, што го ограничува квалитетот на услугите, има потреба од доопремување на постојните капацитети на установите од терцијарна заштита.** |

| | |
|---|---|
| за подобрување на физичката благосостојба на жителите.<br>- Се организираат локални кампањи за подигнување на свеста за важноста на превенција и здрав начин на живот, како и за редовни здравствени прегледи.<br>-Чистиот воздух, природните убавини и близината на езерото овозможуваат здраво опкружување и можности за рекреација на отворено, што придонесува за благосостојба на жителите. | **- Превентивните здравствени програми не се доволно развиени и достапни за сите жители во руралните средини.** |
| **Водовод и канализација, комунални служби**:<br>- Општина Струга има развиена мрежа за водоснабдување и канализација, која покрива поголем дел од урбаните и руралните населби.<br>-Регионот околу Струга е богат со природни извори и езера, кои обезбедуваат квалитетна вода за пиење.<br>-Општината редовно спроведува активности за одржување и подобрување на инфраструктурата за водоснабдување и канализација, вклучително и редовно чистење и одржување на канализационите мрежи.<br>- Се спроведуваат и се планираат проекти за модернизација на комуналните служби, вклучувајќи инвестиции во нова опрема и технологија.<br>Општината вложува напори да ги усогласи своите комунални услуги со националните и европските стандарди за заштита на животната средина. | **Водовод и канализација, комунални служби**:<br>-Дел од мрежите за водоснабдување и канализација се застарени и бараат обемна реконструкција и модернизација.<br>- Во некои рурални делови на општината, мрежата за водоснабдување и канализација не е целосно развиена, што доведува до проблеми со снабдувањето со вода и управувањето со отпадните води.<br>- Ограничените финансиски ресурси ја отежнуваат реализацијата на проекти за подобрување на инфраструктурата и услугите на комуналните служби.<br>- Комуналните служби често се соочуваат со недостиг на современа техничка опрема, што го ограничува нивниот капацитет за ефикасно извршување на задачите.<br>- Има предизвици во ефикасното управување со отпадните води, што може да доведе до загадување на локалните водотеци и Охридското Езеро. |
| **Транспорт, врски и сообраќајни решенија**:<br>- Струга се наоѓа на клучна сообраќајна позиција во близина на границата со Албанија и е поврзана со главните патни правци, што ја прави значаен транзитен и транспортен центар.<br>-Општината е добро поврзана со соседните градови и региони преку регионални патишта и автопати, што ја олеснува мобилноста на населението и транспортот на стоки.<br>-Близината на Охридскиот меѓународен аеродром обезбедува лесен пристап до воздушен транспорт, што е важно за туризмот и економијата на општината. | **Транспорт, врски и сообраќајни решенија**:<br>- Во некои делови на општината, особено во руралните средини, локалната патна инфраструктура е слабо развиена, со оштетени патишта и недоволно обележување.<br>- Во централното градско подрачје, недостигот на паркинг места е значаен проблем, што создава сообраќаен хаос и незадоволство кај жителите и туристите.<br>-Недоволно модернизирана сообраќајна сигнализација и недостиг на сообраќајни знаци на критичните точки создаваат ризици |

| | |
|---|---|
| -Иако со ограничени капацитети, општината има организиран јавен превоз, кој го олеснува движењето на жителите и туристите.<br>- Патната инфраструктура е изградена со цел да се олесни пристапот до природните и културните атракции на Струга, што придонесува за развој на туризмот. | за безбедноста на учесниците во сообраќајот.<br>-Јавниот превоз е недоволно развиен, со ограничени линии и фреквенција, што ги ограничува опциите за мобилност на граѓаните, особено во руралните подрачја.<br>- Нема доволно развиени велосипедски патеки и пешачки зони, што ги намалува опциите за користење на алтернативен и еколошки транспорт. |
| **Електрична енергија**:<br>- Општина Струга има добро развиена и распространета електрична мрежа, која ги покрива сите урбани и голем дел од руралните населби.<br>-Регионот има потенцијал за искористување на обновливи извори на енергија, како што се хидроелектричните капацитети и сончевата енергија, што може да придонесе за одржлив развој.<br>-Општината има релативно стабилна инфраструктура за дистрибуција на електрична енергија, што обезбедува сигурност во снабдувањето на домаќинствата и индустријата.<br>- Локалната самоуправа покажува интерес за иницијативи и проекти за подобрување на енергетската ефикасност во јавните објекти и приватните домаќинства.<br>-Постојат можности за понатамошно проширување на мрежата и подобрување на капацитетот на постојната инфраструктура. | **Електрична енергија**:<br>- Во одредени делови од општината, електричната инфраструктура е застарена, што може да предизвика прекини во снабдувањето и зголемени трошоци за одржување.<br>- Постојат повремени проблеми со стабилноста на електричното снабдување, особено за време на екстремни временски услови или во руралните области.<br>- Иако постојат можности, инвестициите во обновливи извори на енергија се сè уште ограничени, што ја намалува можноста за одржливо енергетско снабдување.<br>-Во случај на прекин во снабдувањето, општината има ограничени резервни капацитети, што може да влијае на безбедноста и функционирањето на критичната инфраструктура.<br>-Нема доволно програми за поддршка на граѓаните за премин кон поефикасно користење на електричната енергија и инсталирање на обновливи извори во домаќинствата. |
| **Туризам**:<br>- Струга е благословена со прекрасни природни пејзажи, како што се Охридското Езеро, реката Дрим и околните планини, што ја прави атрактивна дестинација за природен и еко-туризам.<br>- Општината располага со богат културно и историско наследство, вклучувајќи древни цркви, манастири, традиционални архитектонски споменици и локални фестивали, како што е „Струшките вечери на поезијата.“ | **Туризам**:<br>- Иако има природни и културни атракции, општината се соочува со недостаток на современи туристички капацитети, како што се хотели, ресторани и патеки, што ја ограничува способноста да привлече и задржи туристи.<br>-Туристичките потенцијали на Струга не се доволно промовирани на национално и меѓународно ниво, што ја намалува нејзината конкурентност како туристичка дестинација.<br>-Туризмот во Струга е главно сезонален, со најголем број посети во летниот период, што |

| | |
|---|---|
| -Локалното население е познато по својата гостопримливост, што придонесува за позитивното искуство на туристите.<br>Пристап до меѓународен аеродром: Близината на Охридскиот меѓународен аеродром го олеснува пристапот на странски туристи, што е важен фактор за развој на туризмот.<br>Можности за активен туризам: Струга нуди разни активности за туристи, како што се пешачење, велосипедизам, водни спортови и риболов, што ја прави атрактивна дестинација за активен туризам.<br>- | создава предизвици за одржлив развој на туристичката индустрија во текот на целата година.<br>- Патната и урбаната инфраструктура, особено во периферните делови, е недоволно развиена, што може да ја ограничи достапноста и комфорот на туристите.<br>- Локалното население не е доволно вклучено во туристичкиот сектор, што резултира со пропуштени можности за развој на автентични туристички производи и услуги. |
| **Екологија**:<br>- Постојат неколку активни граѓански организации кои промовираат еколошка свест и активности за зачувување на животната средина.<br>-Присуството на водни ресурси и сончеви периоди создава потенцијал за развој на обновливи извори на енергија. | **Екологија**:<br>- Иако постојат иницијативи, недостигот на соодветни системи за собирање и рециклирање на отпадот е голем проблем.<br>-Охридското Езеро е подложено на загадување, што може да има долгорочни негативни ефекти врз животната средина и економијата.<br>- Недостигот на финансиски средства и недостатокот на поддршка од централната власт го ограничуваат развојот на проекти за заштита на животната средина. |
| **Економија, приватен сектор, инвестиции**:<br><br>-Поволна географска локација, сместена на брегот на Охридското Езеро, што ја прави привлечна за туризам и инвестиции.<br>-Општината располага со значајни природни ресурси, вклучувајќи вода и земјоделско земјиште, што може да се искористи за агро-економски развој.<br>-Туристичкиот сектор е значаен извор на приходи, со голем потенцијал за понатамошен развој преку привлекување на странски и домашни инвестиции.<br>-Присуството на мали и средни претпријатија, особено во угостителството, градежништвото и земјоделството, го зајакнува локалниот економски развој.<br>- Богатото културно и историско наследство на Струга е привлечен фактор за културниот туризам. | **Економија, приватен сектор, инвестиции**:<br>- Инфраструктурата, особено патната мрежа и индустриските зони, не е доволно развиена за да привлече големи инвестиции.<br>-Мали инвестиции во индустрискиот сектор: Недостиг на големи индустриски капацитети и ниско ниво на инвестиции во производствени сектори.<br>-Недостаток на квалификувана работна сила: Недоволното присуство на квалификувана работна сила е пречка за понатамошен економски развој и инвестиции.<br>-Комплексни административни процедури и недостаток на транспарентност може да ги одвратат потенцијалните инвеститори.<br>- Голема зависност од туристичкиот сектор, што создава нестабилност во економијата, особено во време на кризи |
| **ЛС на општина Струга**: | **ЛС на општина Струга**: |

| | |
|---|---|
| - Секторска екипираност<br>- Компетенции во клучни подрачја<br>- Добра мрежа на проектни партнери<br>- Поврзаност со НВО во реализација на одредени програми и проект | - Недоволно финансиски средства за предфинансирање и изработка на проектни документации |
| **Земјоделие**:<br>-Општината располага со плодни земјишта кои се погодни за различни земјоделски активности, што може да го зголеми производството на земјоделски производи.<br>-Погодни климатски услови и водни ресурси кои го поддржуваат развојот на земјоделството.<br>-Можност за производство на разновидни земјоделски производи, вклучувајќи овошје, зеленчук, житарки и сточарски производи.<br>-Достапност на државни и меѓународни програми за поддршка на земјоделците, како што се субвенции и обуки. | **Земјоделие**:<br>- Потреба за модернизација на земјоделската опрема и технологија за подобрување на продуктивноста и ефикасноста.<br>-Недостаток на соодветна инфраструктура, како што се патишта и системи за наводнување, што може да го ограничи развојот на земјоделството.<br>-Тешкотии во пристапот до пазарите и недостаток на маркетинг стратегија за продажба на земјоделските производи.<br>-Недостаток на обуки и консултации за земјоделците во врска со новите техники и практики во земјоделството.<br>-Проблеми со управувањето на ресурсите и еколошките аспекти на земјоделството, како што се ерозијата на почвата и употребата на хемикалии. |
| **Заштита и спасување**:<br>- Обучени пожарникари за успешен одговор на различни инциденти<br>- Добри работни услови и континуирана обука на пожарникари - спасувачи<br>- Постојана комуникација и поврзаност со соседните служби за заштита и спасување од соседните општини: Вевчани и Охрид<br>- Соработка со најблиските служби за заштита и спасување од општините од пограничниот регион со Албанија | **Заштита и спасување**:<br>- Недостаток на современа опрема и ресурси за ефективно справување со големи и комплексни итни ситуации.<br>-Проблеми со инфраструктурата како што се неадекватни патишта и недостиг на достапност до одредени области, што може да го отежне процесот на спасување.<br>-Недостаток на координација помеѓу различните служби за заштита и спасување<br>-Недостаток на систематско евидентирање на предходни инциденти и недостаток на детални планови за управување со кризи |
| **Претприемништво и МСП**:<br>-Присуство на природни ресурси и убави природни пејзажи кои можат да бидат искористени за развој на туризам и агробизнис.<br>-Достапност на државни и меѓународни програми и финансиски средства за поддршка на МСП и стартапи. | **Претприемништво и МСП**:<br>-Недостаток на современа инфраструктура, како што се патишта, комунални услуги и логистички центри, што може да го отежни развојот на МСП.<br><br>-Потешкотии во пристапот до финансиски ресурси и кредити, што може да ги ограничат можностите за раст и развој на малите и средни претпријатија. |

| | |
|---|---|
| -Потенцијал за развој на локалниот пазар и можност за создавање на нови работни места во локалната заедница.<br>-Присуство на локални институции и организации кои нудат поддршка, советување и обуки за претприемачи. | -Потреба за подобрување на обуките и поддршката за претприемачи, особено во областите на управување, маркетинг и иновации.<br><br>-Комплексни и опсежни регулаторни барања и процедури кои можат да го отежнат процесот на започнување и управување со бизнис.<br>-Потреба за развивање на конкурентни стратегии и маркетинг планирање за да се справат со конкуренцијата и да се заземе значајно место на пазарот.<br><br>-Ограничени можности за вмрежување и соработка меѓу претприемачи и бизнис организации, што може да го ограничи пристапот до ресурси и партнерства. |
| **Непрофитен сектор**:<br>-Активни и посветени невладини организации кои работат на локално ниво и ги поддржуваат потребите на заедницата.<br>-Развиени програми и проекти насочени кон решавање на локални проблеми, како што се образованието, здравството и социјалната заштита.<br>-Поддршка од меѓународни донатори и организации кои финансираат проекти и иницијативи во општината.<br>-Висока свест и ангажираност на локалната заедница во различни активности и иницијативи од непрофитабилниот сектор.<br>-Присуство на квалификувани и искусни професионалци во непрофитабилниот сектор кои придонесуваат за квалитетот на програмите и услугите. | **Непрофитен сектор**:<br>- Недоволна информираност за активни повици и грантови шеми<br>- Влез на нов кадар во НВО секторот<br>- Исти поединци во повеќе НВО-а<br>- Недоволна поддршка од локалната самоуправа |
| **Култура и културни настани**:<br>-Богато културно наследство и традиции кои привлекуваат интерес и создаваат уникатни можности за културни настани и фестивали.<br>Културни Настани:<br>-Организација на значајни културни настани и фестивали, како што сеструшките вечери на поезијата, кои привлекуваат туристи и културни ентузијасти. | **Култура и културни настани**:<br>-Недостаток на соодветна инфраструктура за организација на големи културни настани, како што се простории, опрема и техничка поддршка.<br>-Ограничени финансиски ресурси за поддршка и развој на културни проекти и настани, што може да ги ограничи можностите за креативност и иновации. |

| | |
|---|---|
| -Постојат културни институции, како што се музеите, галериите и театри, кои придонесуваат за развој на културната сцена.<br>-Висок степен на поддршка и интерес од страна на локалната заедница за културни активности и настани.<br>-Прекрасни природни локации кои можат да служат како атрактивни места за културни настани и активности. | -Недостаток на ефективни стратегии за промоција и маркетинг на културните настани, што може да доведе до недоволна посета и интерес од страна на јавноста.<br>-Недостаток на поддршка од страна на институции, приватниот сектор и донатори, што може да влијае на одржливоста на културните проекти.<br>- Недостаток на вмрежување на различни културни сектори<br>- Недоволна валоризација на културното наследство<br>- Слабо развиени креативни и културни индустрии<br>- Културната понуда не ги задоволува потребите на младите и децата |
| **Пазар на труд**:<br>- ниска стапка на невработеност<br>- Развиен туристички сектор кој создава можности за сезонски вработувања и работа во угостителството. | **Пазар на труд**:<br>-Недостаток на специјализирана и квалификувана работна сила во одредени сектори, што го ограничува развојот на локалните компании.<br>Миграција на Млади:<br>-Иселување на млади и образовани лица кон поголемите градови или странство во потрага по подобри можности, што води до „одлив на мозоци“ и намалување на потенцијалот за локален развој.<br>-Проблеми со обезбедување на стабилни и постојани работни места, со доминација на сезонска работа и непостојани договори.<br>-Слабост на индустриската база и недоволна диверзификација на економијата, што резултира во ограничени можности за вработување надвор од традиционалните сектори.<br>-Недоволна координација помеѓу образовните институции и потребите на пазарот на трудот, што резултира со неусогласеност на вештините со барањата на работодавците. |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| **Образование**:<br>- Општина Струга може да ги искористи можностите за финансирање преку меѓународни проекти, програми на ЕУ и донаторски организации, кои можат да обезбедат средства за модернизација на | **Образование**:<br>- Со миграцијата на населението во поголемите градови или во странство, особено на младите семејства, постои опасност од намалување на бројот на ученици во училиштата, што може да доведе |

| | |
|---|---|
| училиштата, обука на наставниците и развој на нови образовни програми.<br><br>-Со растот на дигитализацијата и подобрувањето на интернет пристапот, постои можност за интеграција на современи технологии во наставата, што може да ја зголеми ефикасноста и достапноста на образованието.<br><br>-Струга има богато културно и историско наследство, кое може да се користи за развој на образовни програми поврзани со туризмот, историјата и уметноста, како и за привлекување на студенти од други региони.<br><br>-Соработката со локалните компании може да овозможи развој на стручно образование и обука (VET), што ќе ги подготви учениците за пазарот на трудот и ќе ги намали стапките на невработеност меѓу младите. | до затворање на училишта и намалување на квалитетот на образованието.<br><br>**-Ограничените буџетски средства од дотации и средства на општината можат да го ограничат развојот на образовниот сектор, во делот на материјално работење.**<br><br>-Постојат значителни социоекономски разлики меѓу населението, што може да води до нееднаков пристап до квалитетно образование, особено за децата од руралните средини и ранливите групи. |
| **Спорт**:<br>- Општина Струга располага со прекрасни природни ресурси, како што се Охридското Езеро и околните планини, кои нудат одлични услови за развој на водни спортови, планински спортови и рекреативни активности на отворено.<br>-Струга може да искористи можности за финансирање преку ЕУ фондови и други меѓународни програми за изградба и реновирање на спортската инфраструктура, како и за организирање на спортски настани од регионално и меѓународно значење.<br><br>-Како туристичка дестинација, Струга има можност да развие спортски туризам, со организирање на спортски манифестации, турнири и натпревари кои ќе привлечат посетители и ќе го поттикнат локалниот економски развој.<br>-Во општината постои силна традиција и интерес за одредени спортови, како што се фудбалот, ракометот и атлетиката. Ова може да се искористи за развој на младински спортски програми и изградба на спортски клубови кои ќе ги мотивираат младите да се вклучат во спортски активности. | **Спорт**:<br>-Постојната спортска инфраструктура во општината може да биде неадекватна или во лоша состојба, што го ограничува одржувањето на спортски настани и редовно вежбање на граѓаните.<br>- Недостатокот на доволно финансиски ресурси може да ја ограничи можноста за одржување и модернизација на спортските објекти, како и за поддршка на спортски програми и настани.<br>- Миграцијата на младите луѓе во поголемите градови или во странство може да доведе до намалување на интересот и учеството во спортот, што може негативно да влијае на развојот на спортот во општината.<br>-Недостиг на квалификувани тренери и спортски кадар: Недоволниот број на квалификувани тренери и спортски професионалци може да ја ограничи можноста за квалитетен спортски развој и обука на младите спортисти. |

| | |
|---|---|
| **Здравје и благосостојба**:<br>- Обука на постоечки кадри<br>- Потенцијал да се развие здравствен туризам благодарение на природните ресурси, како што се Охридското Езеро и чистиот воздух. Ова може да вклучува изградба на бањски центри, велнес и спа објекти кои ќе привлечат туристи и ќе ги подобрат услугите за локалното население. | **Здравје и благосостојба:**<br>**- Недоволно развиената здравствена инфраструктура, може да ја ограничи достапноста и квалитетот на здравствените услуги за населението во руралните средини**<br>**- Иселувањето на квалификувани лекари и медицински сестри во други земји или поголеми градови може да предизвика недостиг на здравствен кадар, што ќе го намали квалитетот на здравствените услуги.** |
| **Водовод и канализација, комунални служби**:<br>- Општина Струга може да искористи меѓународни фондови и донации за подобрување на водоводната и канализационата инфраструктура. Ова вклучува финансирање за изградба на нови водоводни и канализациони системи, како и за рехабилитација на постојните.- Намалување на потрошувачката на вода со нејзино рационално користење и воведување на можност за користење на пречистена сива вода (употребувана во домаќинствата) во руралните подрачја како техничка вода, при недостаток на чиста изворска вода<br>- Воспоставување на мерки за заштита на изворите и зачувување на квалитетот на водата на високо ниво | **Водовод и канализација, комунални служби**:<br>- Застарена инфраструктура<br>- Недоволни финансиски средства |
| **Транспорт, врски и сообраќајни решенија**:<br>- Сообраќајно- географската положба го олеснува пристапот на меѓународните фондови за унапредување на сообраќајната инфраструктура<br>- Преку јавно-приватни партнерства, општината може да привлече средства за изградба на паркиралишта и развој на транспортни услуги. Ова може да го поттикне економскиот развој и да ја подобри поврзаноста на населението. | **Транспорт, врски и сообраќајни решенија**:<br>- Многу од патиштата и сообраќајните мрежи во општината се застарени и недоволно одржувани, што може да предизвика сообраќајни проблеми и да го ограничи транспортниот капацитет на градот.<br>-Со порастот на бројот на возила, особено во туристичката сезона, општината се соочува со значителен сообраќаен метеж. Ова може да го влоши квалитетот на живот и да го ограничи пристапот до клучни услуги. |
| **Електрична енергија**:<br>- Високо ниво на сончеви денови што овозможува значаен добиток на енергија од употреба на фотоволтаици<br>- Употреба на соларна енергија – пониски трошоци | **Електрична енергија**:<br>- Недоволна развиеност на свесноста на граѓаните за важноста на развојот и унапредување на електроенергетскиот сектор и неговите можни позитивни влијанија на функционирање на целата општина |

| | |
|---|---|
| | - Развој на градот по мерки на инвеститорското лоби<br>- Претежно потпирање на необновливи енергетски извори |
| **Туризам**:<br><br>- Потенцијал за развој на еко-туризмот, авантуристичкиот туризам и рекреативни активности на отворено.<br>-Општината има богато културно наследство, со историски локалитети, манастири и традиционални манифестации. Преку развој на културен туризам и промоција на локалните традиции и обичаи, Струга може да привлече посетители заинтересирани за културни доживувања.<br>-Општина Струга може да ги искористи меѓународните фондови и програми за развој на туристичката инфраструктура, како што се изградба на хотели, туристички комплекси и инфраструктура за поврзување на туристичките атракции.<br>- Преку регионална соработка, Струга може да развие заеднички туристички пакети со соседните општини, кои ќе овозможат интегрирано туристичко искуство, комбинирајќи различни туристички атракции и услуги. | **Туризам**:<br>- Нискобуџетен туризам<br>- Конкуренција Охрид и Република Албанија<br>- Се поголема регионална конкуренција<br>- Нерационално користење на природните и културните ресурси |
| **ЛС на општина Струга**:<br>- Можности за унапредување на знаењето и вештините на службениците од Општината и претпријатијата чиј основач е Општината<br>-Меѓуопштинска соработка и дигитализција<br>- Учество, т.е. пријавување на различни меѓународни конкурси на проекти како ИПА за набавка на потребни ресурси (возила за прва помош/противпожарни возила/опремување на простории за пружање на различни социјални услуги и сл.) | **ЛС на општина Струга**<br><br>- Системот на децентрализација<br>-Долгот на општината<br>-Недостаток на проектни и технички документации<br>- Оперативно раководство кое не е доволно свесно за улогите и функциите кои ги има финансиското управување, контрола и интерна ревизии |
| **Земјоделие**:<br>- Потенцијал за зголемување на земјоделското производство и диверзификација на земјоделските производи.<br>-Близината на Струга до регионални и меѓународни пазари, нуди можности за зголемување на продажбата на земјоделски производи. | **Земјоделие**:<br>- Ниска продуктивност на земјоделското производство, недостаток на современа технологија и знаење |

| | |
|---|---|
| - Зголемениот интерес за органски производи и одржливо земјоделство отвора можности за земјоделците во Струга да се ориентираат кон органско производство, што може да ја зголеми конкурентноста на нивните производи на домашниот и меѓународниот пазар.<br>-Земјоделците во Струга можат да искористат средства и поддршка преку национални и ЕУ програми за модернизација на земјоделското производство, вклучувајќи инвестиции во нова опрема, технологии и обуки за современи агро-техники.<br>-Формирање на земјоделски кооперативи и агро-кластери, земјоделците можат да ги здружат своите ресурси и да остварат поголем економски ефект преку зголемување на производството и подобрување на пристапот до пазарите. | |
| **Заштита и спасување**:<br>- Обуки и вежби на жителите на општината за однесување и справување со различни елементарни непогоди (пожари, земјотреси, поплави и сл.) и ракување со технолошки современа опрема<br>-Развој на современи противпожарни техники и опрема | **Заштита и спасување**:<br>- Ограничени финансиски ресурси наменети за заштита и спасување<br>-Елементарни непогоди |
| **Претприемништво и МСП**:<br>- Овозможување на пристап до извори за финансирање на ММСП<br>- Достапност на фондови и субвенции за самовработување<br>- Тенденција кон намалување на каматните стапки во комерцијалните банки<br>- - Достапност до државна помош<br>- Бизнис зони | **Претприемништво и МСП**:<br>-Миграција на млади<br>-Намален прилив на СДИ, ниско ниво на реинвестирање и потенцијален одлив на странскиот капитал<br>- Промени на законските регулативи<br>- |
| **Непрофитен сектор**:<br>- Меѓусебно здружување на заеднички проекти на локално, регионално и мултилатерално ниво<br>- Соработка и партнерство со јавниот сектор<br>- Изработка на Стратегија за развој на НВО секторот<br>- Интеграција во ЕУ и можност за користење на ЕУ фондови<br>- Програми и повици на национално ниво | **Непрофитен сектор**:<br>- Можност за влијание врз активностите на НВО-ата од политички аспект од страна на владеачките структури, а со цел застапување на сопствените интереси Користење на НВО секторот во политички цели<br>- Активности и проекти кои не се приоритет на локалната заедница но се приоритет на донаторската заедница |
| **Култура и културни настани**: | **Култура и културни настани**: |

| | |
|---|---|
| - Зголемување на меѓународната побарувачка за туризам ориентиран кон автентична понуда од природно и културно наследство<br>- Воспоставување културна соработка со збратимените градови<br>- Пристап до фондови за финансирање на култура<br>- Децентрализација на донесувањето одлуки за култура од локално и регионално значење | - Продажба и отуѓување од културното наследство<br>- Елементарни непогоди и климатски услови кои можат да го оштетат споменичкото наследство<br>- Политизација на културата<br>- Централизација на културата во РСМ и скромно финансирање на програми во Струга од страна на државните органи |
| **Пазар на труд**:<br>- Развојот на зелени работни места во секторите како што се обновливи извори на енергија, управување со отпад, и еко-туризам, може да понуди нови можности за вработување, особено во контекст на глобалните трендови кон одржливост.<br>- Пазарот на трудот може да се прошири во секторот на туризам и угостителство преку развој на нови хотели, ресторани, и туристички услуги.<br>-Потребата од квалификуван персонал за управување, прием, угостителство и водичи --Охрабрување на воведување на нови идеи, модели и концепти како и промоција на општествени иновации како начин за решавање на социо-економски проблеми и и придонес кон подобрување на квалитетот на животот на граѓаните | **Пазар на труд**:<br>- Миграција на млади<br>- Општа апатија и незаинтересираност на жителите за работа во локалните компании<br>- Заминување на млада квалификувана работна сила во странство<br>-Лоша економска ситуација- во градот и државата<br>- Некомпатибилни вештини, компетенции и знаење од формалното образование |

## V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА НА ОПШТИНАТА

Визијата на општина Струга е да стане пример за одржлив развој и економски просперитет, поттикнувајќи инклузивен раст кој ги опфаќа сите аспекти на заедницата, вклучувајќи ја едукацијата, спортот, екологијата и приватниот сектор. Општината се стреми да создаде подобар квалитет на живот за своите граѓани преку модернизација на инфраструктурата и заштита на природните ресурси, истовремено обезбедувајќи еднакви можности за сите, особено за младите, жените и ранливите групи

## VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНАТА

Стратешките цели произлегуваат од ВИЗИЈАТА за развој на општината и се однесуваат на идентификуваните споредбени предности на општината но истовремено и на потребата од систематско – стратешко адресирање на клучните предизвици и дефицити. Стратешка цел е всушност ПОЗИТИВНАТА ПРОМЕНА која се планира да се постигне низ спроведување на Интегрираниот локален развоен план.

Стратешките цели за развој на општината Струга се дефинирани за сите поединечни области во надлежност на општините согласно со Законот за локалната самоуправа, као што следи:

**Урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште**

Стратешката цел на општина Струга во областа на урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште е да обезбеди планиран, одржлив и ефикасен развој на урбаната средина кој ќе ги задоволи потребите на граѓаните и ќе придонесе кон подобар квалитет на живот. Оваа цел вклучува изработка и имплементација на урбанистички планови кои ќе ја оптимизираат искористеноста на просторот, ќе промовираат рационално и одржливо управување со градежното земјиште, и ќе осигураат дека новите градежни проекти се во согласност со екологичките стандарди и културното наследство на општината.

**Комунални дејности**

Стратешката цел на општина Струга во областа на комуналните дејности е да обезбеди квалитетни, одржливи и ефикасни комунални услуги кои ќе ги задоволуваат потребите на сите граѓани, со посебен акцент на зачувување на животната средина и подобрување на урбаната инфраструктура. Оваа цел вклучува модернизација и оптимизација на системите за водоснабдување, отпадни води, управување со отпадот и уличното осветлување, како и унапредување на јавните простори за рекреација и социјална интеракција. Општината ќе се стреми кон зголемена енергетска ефикасност, подобрување на управувањето со отпадот и развој на еколошки одржливи решенија за јавните услуги.

**Заштита на животната средина и природата**

Обезбедување на одржливо управување и заштита на природните ресурси и животната средина во Општина Струга преку намалување на загадувањето, промовирање на обновливи извори на енергија, зголемување на свесноста на населението, и интеграција на еколошки стандарди во сите локални политики и активности.

**Локален економски развој**

Поттикнување на одржлив локален економски развој преку поддршка на малите и средните претпријатија (МСП), развој на туризмот, подобрување на инфраструктурата, и привлекување на инвестиции кои ќе создадат нови работни места и ќе го зголемат животниот стандард на граѓаните на Општина Струга.

**Култура**

Промоција и заштита на културното наследство, поддршка на културните и креативните индустрии, и развој на културни активности кои ќе ја зајакнат културната идентитет и ќе придонесат кон одржливиот развој на Општина Струга.

**Спорт и рекреација**

Промовирање на активен и здрав начин на живот преку развој на спортска инфраструктура, поддршка на спортските клубови и активности, и обезбедување на достапни можности за рекреација за сите граѓани на Општина Струга.

**Социјална заштита и заштита на децата**

Стратешката цел на Општина Струга во областа на социјалната заштита и заштитата на децата е да се обезбеди инклузивен и ефикасен систем кој ќе ги поддржи најранливите категории на население, со посебен фокус на правата на децата и нивното здраво развој. Ова вклучува развој на програми за социјална помош, промоција на правата на децата, поддршка на семејства и родителство, како и обезбедување квалитетни услуги за детска грижа. Општината ќе се залага за социјална инклузија и соработка со невладините организации, со цел да се создадат услови за безбедно и здраво растење на децата, поттикнувајќи нивното активно учество во општеството.

**Образование**

Стратешката цел на Општина Струга во областа на образованието е да се обезбеди квалитетно, инклузивно и достапно образование за сите деца, со цел да се подготват за успешен живот и активно учество во општеството.

**Фокус на младите**

Стратешката цел на Општина Струга со фокус кон младите е да се создадат услови за активен ангажман, личен развој и професионална успешност на младите луѓе, преку поддршка на нивната инклузија во општествениот и економскиот живот.

**Родова еднаквост**

Цел на општината Струга  е да се воспостават родово сензитивни и одржливи политики и пракси кои што ќе допринесат кон постигнување на еднакви можности и овозможување на квалитетен живот за жените и мажите, девојчињата и момчињата.

**Заштита и спасување и противпожарна заштита**

Стратешката цел на Општина Струга во областа на заштитата и спасувањето, како и противпожарната заштита, е да се обезбедат ефективни механизми за превенција, реагирање и управување со несреќи, со акцент на заштита на животот, имотот и животната средина.

## VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ

Во интегрираниот развоен план се опфатени приоритетните развојни можности во следните четири години, односно во период 2025-2028 година. Приоритетите се утврдени согласно изготвените анализи и консултациите со граѓаните на форумските сесии и граѓанските собири по урбани и месни заедници, одржани средби на граѓаните и деловните субјекти со Градоначалникот и општинската администрација.

Општина Струга останува посветена на постигнување одржлив и инклузивен развој преку идентификација и реализација на приоритетни проекти кои ќе го подобрат квалитетот на живот на нејзините граѓани. Развојните приоритети на општината вклучуваат:

Подобрување на образовната инфраструктура: Општина Струга активно ќе работи на модернизација на училиштата и обезбедување на квалитетни услови за учење, со цел да се поттикне академскиот успех на учениците и нивниот личен развој.

Промоција на спортот и физичката активност: Во план е изградба и реконструкција на спортски терени и објекти кои ќе им овозможат на младите и сите граѓани активно да учествуваат во спортски активности, со што ќе се промовира здрав животен стил.

Заштита и унапредување на животната средина: Општината ќе инвестира во проекти за зачувување на природните ресурси, чистење на водните површини, и воспоставување на ефикасни системи за управување со отпад, со цел да се зачува природната убавина на Струга.

Економски развој и поддршка на приватниот сектор: Струга ќе продолжи да создава поволна деловна клима преку поддршка на локалните бизниси и привлекување на инвестиции, со што ќе се зголемат можностите за вработување и економски раст.

Поддршка на културни и туристички иницијативи: Општината ќе работи на зајакнување на културните програми и развој на туристичката понуда, со цел да го промовира богатиот културен и историски наследство на Струга и да привлече повеќе посетители.

Овие приоритети ќе бидат водечки во процесот на планирање и реализација на идните активности на Општина Струга, со крајна цел да се обезбеди одржлив раст и подобар живот за сите граѓани.

## VIII. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ

Со цел ИЛРП да биде блиску поврзан со буџетскиот процес во општината, направена е примарна анализа на приходите и расходите на општината по сметки, за 2021, 2022 и 2023 година и на вкупни расходи по надлежности за 2021, 2022 и 2023 година.
Наодите се орезентирани во трите табели подолу.

*Табела 4. Приходи на општината по сметки за 2021, 2022 и 2023 година*

| **Приходна сметка** | **2021** | **2022** | **2023** | **Раст 2022/2021** | **% Раст 2022/2021** | **Раст 2023/2022** | **% Раст 2023/2022** | **Структура 2021%** | **Структура 2022%** | **Структура 2023%** | **% промена на структура** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општините | 406,997,099 | 392,978,125 | 426,377,410 | -14,018,974.00 | 97% | 33,399,285.00 | 108% | 41% | 37% | 36% | |
| Донации | 9,369,591 | 27,326,411 | 11,485,775 | 17,956,820.00 | 292% | -15,840,636.00 | 42% | 1% | 3% | 1% | |
| Кредити | 0 | 0 | 0 | - | #DIV/0! | - | #DIV/0! | 0% | 0% | 0% | |
| Самофинансирачки активности | 7,961,303 | 10,069,806 | 10,514,390 | 2,108,503.00 | 126% | 444,584.00 | 104% | 1% | 1% | 1% | |
| Дотации | 576,164,823 | 619,602,375 | 738,923,243 | 43,437,552.00 | 108% | 119,320,868.00 | 119% | 58% | 59% | 62% | |
| **Вкупен приход** | **1,000,492,816.00** | **1,049,976,717.00** | **1,187,300,818.00** | **49,483,901.00** | 105% | 137,324,101.00 | 113% | 100% | 100% | 100% | |

*Табела 5. Расходи на општината по сметки за 2021, 2022 и 2023 година*

| **Расходна сметка** | **2021** | **2022** | **2023** | **Раст 2022/2021** | **% Раст 2022/2021** | **Раст 2023/2022** | **% Раст 2023/2022** | **Структура 2021%** | **Структура 2022%** | **Структура 2023%** | **% промена на структура** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општините | 401,251,935 | 389,109,525 | 422,660,588 | -12,142,410.00 | 97% | 33,551,063.00 | 109% | 40% | 37% | 36% | |
| Донации | 8,893,006 | 21,992,239 | 11,485,775 | 13,099,233.00 | 247% | -10,506,464.00 | 52% | 1% | 2% | 1% | |
| Кредити | 0 | 0 | 0 | - | #DIV/0! | - | #DIV/0! | 0% | 0% | 0% | |
| Самофинансирачки активности | 7,196,172 | 9,265,675 | 10,288,624 | 2,069,503.00 | 129% | 1,022,949.00 | 111% | 1% | 1% | 1% | |
| Дотации | 575,825,137 | 619,602,375 | 738,923,243 | 43,777,238.00 | 108% | 119,320,868.00 | 119% | 58% | 60% | 62% | |
| **Вкупни расходи** | **993,166,250.00** | **1,039,969,814.00** | **1,183,358,230.00** | **46,803,564.00** | 105% | 143,388,416.00 | 114% | 100% | 100% | 100% | |

*Табела 6: Вкупни расходи на општината по надлежности во 2021, 2022 и 2023 година*

| Надлежност | 2022 | 2023 | Раст 2022/2021 | Структура 2021% | Структура 2022% | % промена на структура (2022/2021) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А- Совет на општина | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| Д- Градоначалник | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| Е- Општинска администрација | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| Ф- Урбано планирање | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| Г- Локален економски развој | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| Ј- Комунални дејности | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| К - Култура | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| Л - Спорт и рекреација | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| М – Програми за развој | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| Н - Образование | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| Р – Заштита на животна средина и природа | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| Т – Унапредување на здравствена заштита | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| B – Социјална заштита и заштита на деца | | | | | | |
| W – Противпожарна заштита | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| Q - Заштита и спасување | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| X – Родова еднаквост | | | - | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| Вкупно | - | - | - | #DIV/0! | #DIV/0! | **#DIV/0!** |

Програмите кои се составен дел на ИЛРП на општината Струга се усогласени со општинскиот буџетски циркулар за 2024 година пропишан од министерот за финансии.

**8.1 Програма за урбано планирање**

Во продолжение е даден наративен и табеларан опис и образложение на секоја од наведените потпрограми:

**Потпрограма за урбанистичко планирање уредување(F1)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Урбанистичко уредување | Ознака на буџетска/општинска програма | F1 |
| Потпрограма | Урбанистичко уредување | Ознака потпрограма | |
| Цели на потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на потпрограма | Со оваа Програма се планираат активности за финансирање на изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти за Општина Струга во 2023 – 2028 година како и нивни измени и дополнувања врз основа на анализата на постојните планови, анализата на реализација на плановите, застареност на плановите, нивна неусогласеност со ново настанатите општествени промени и новите законски прописи за урбанистичко планирање, законот за постапување со бесправно изградени објекти и План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со акциски план (2020 – 2029), а по иницијатива на централната власт, локалната самоуправа и заинтересирани правни и физички лица. | | |
| Планирани активности | 1.Приоритет при изработка на Програмата, според важноста на просторот и застареноста на плановите се дава на:<br>а)Изработка на ГУП за град Струга. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | б)Изработка на Детален урбанистички план УЕ-1; УЕ-2; УЕ-3; УЕ-4 исток и УЕ-4 запад.УЕ-5; УЕ-6; УЕ-7; УЕ-8; УЕ-9; УЕ-10 УЕ-11, УЕ-12 (индустриска зона) Мороишта блок 30 и населба Езерски Лозја, Теферич и делови на поединечни Блокови во споменатите ДУП-ови,<br>в) Продолжување на започнатата постапка за Изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба-лоцирање на постројка за претовар на постоен отпат од дивата депонија и претовар на моментален отпат генериран во Општина Струга на дел од К.П. 2832/2 К.О.Струга Општина Струга.<br>г)Донесување на Урбанистички план за село за подрачјето на Општина Струга за Јабланица, Безево, Биџево, Богојци, Боровец, Брчево, Велешта, Вишни, Враништа, Горно Татеши, Горна Белица, Долно Татеши, Долна Белица, Делогожди, Добовјани, Драслајца, Дренок, Заграчани-Шум, Збажди, Калишта, Корошишта-Џепин, Лабуништа, Ложани, Луково, Мали Влај, Мислешево, Мислодежда, Модрич, Мороишта, Нерези, Ново Село, Октиси, Пискупштина, Подгорци, Поум, Присовјани, Радожда,Радолишта, Ташмаруништа, Франгово, Селци-Буринец ,Ливада, Локов, Ржаново, Глобочица, Лакајца,и Тоска.<br>д)Донесување на Урбанистички планови вон населено место за ЕЛЕН КАМЕН 1 ЕЛЕН КАМЕН 2<br>ѓ) Изработка на урбанистички проекти<br>е)Изработка на Урбанистички проект со план за парцелација<br>ж) Изработка на сообраќајна студија за град Струга,<br>з)Техничка исправка на донесени урбанистички планови | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Донесен нов ГУП<br>Дополнети и ажурирани ДУП<br>Нови ДУП во населени места | | | |
| Ризик и претпоставки | Временски неприлики, технички проблеми | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | **14.500.000 денари** | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 2.900.000,00 | 2.900.000,00 | 2.900.000,00 | 2.900.000,00 |
| Статус на реализација на проектот | Согласно Годишните програми се реализираат активностите | | | |
| Начин на реализација (самостојно | Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови се финансира од Буџетот на општина Струга , како и од страна на заинтересирани | | | |

| | |
|---|---|
| или во партнерство) | правни и физички лица и средства кои се уплатени согласно Законот за постапување за бесправно изградени објекти. |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку интегрирање на принципи кои ги земаат предвид различните потреби и искуства на жените и мажите во користењето на урбаните простори. Вклучување на родова анализа во процесите на планирање, за да се осигура дека јавните простори, транспортните мрежи и инфраструктурата се дизајнирани на начин кој промовира безбедност, достапност и инклузивност. |

**Потпрограма за капитални расходи за уредување на градежно земјиште**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Уредување на градежно земјиште | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Развојна потпрограма | Улици во Општина Струга | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма | Програмата за работа на општинската администрација на Секторот за просторно планирање и комунална дејност во Општина Струга во делот од Програмата за уредување градежно земјиште се утврдуваат:<br><br>1. Подрачјата на кои се врши уредување на градежното земјиште;<br>2. Обемот на уредувањето и одржувањето и степенот на опремување со комунални објекти и инсталации;<br>3. Ориентациона пресметка на трошоците за уредување и одржување;<br>4. Извори на финансирање на уредувањето;<br>5. Пресметка на висината на надоместокот за уредување на земјиштето;<br>6. Начин на задужување и насочување на средствата за уредување;<br>7. Динамика на извршување на Програмата;<br>8. Преодни и завршни одредби.<br><br>I. ПОДРАЧЈА НА КОИ СЕ ВРШИ УРЕДУВАЊЕТО<br><br>Подрачјата на уредување на градежното земјиште ги опфаќаат сите урбани единици од УЕ – 1 до УЕ – 12 (инд.зонаМороишта-блок 30) како и приградската населба “Езерски Лозја”, нас. “Теферич” и Вилските населби “Елен камен” 1 и 2 , селските населби, индустриски и мини сервисни зони во селски насеби.<br><br>Уредувањето претставува основа за целосна реализација на деталните урбанистички планови при што Програмата за уредување на градежното земјиште за 2023 година претставува само една етапа во нивната реализација.<br><br>Реализацијата на Програмата ќе зависи од донесувањето на деталните урбанистички планови за урбаните единици, односно од бројот на реализирани локации како за индивидуални така и за колективни, деловни и други објекти во рамките на урбанизираното подрачје на Општина Струга. | | |
| Планирани | II. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ | | |

| | |
|---|---|
| активности | II.1. Во обемот на одржување на комуналната инфраструктура спаѓаат:<br>1. улична мрежа;<br>2. тротоари и кејови;<br>3. паркови и зеленило;<br>4. крајбрежен појас;<br>5. улично осветлување;<br>6. атмосферска канализација;<br>7. вертикална и хоризонтална сигнализација;<br>8. зимско одржување на улиците;<br>9. мостови;<br>10. плоштади;<br>11. отстранување на диви депонии;<br>12. одржување на постојна и набавка на нова урбана опрема;<br>13. одржување на автобуски стојалишта<br>14. одржување на авто-такси станици<br>15. други непредвидени трошоци за уредување.<br>II.2. Во обемот на изградба на комунална инфраструктура се:<br>1. изградба и реконструкција на улична мрежа;<br>2. изградба и реконструкција на тротоари;<br>3. изградба и реконструкција на кејови;<br>4. изградба и реконструкција на паркови;<br>5. изградба и реконструкција на плоштади;<br>6. водоводни мрежи;<br>7. фекална канализација;<br>8. атмосферска канализација;<br>9. улично осветлување, и улични мрежи;<br>10. втора фаза на градските гробишта;<br>11. изградба на депонија за смет;<br>12. вертикална сигнализација;<br>13. надоместоци за имотно – правни односи;<br>14. изградба и реконструкција на автобуски стојалишта<br>III. ТРОШОЦИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА<br>III.1. Трошоци за одржување<br>1. улична мрежа / крпење ударни дупки и прекоп<br>2. зимско одржување<br>3. санација на плажи-одржување –насип на песок и изградба на потпорни зидови .<br>4. постојна урбана опрема<br>III.1.А. Трошоци за одржување по извршени работи на ЈП “Комунално” – Струга, ЈП “Хигиена”с.Лабуништа, ЈП „Октиси„ с.Октиси и ЈП „Водовод Дологожда„ – с.Делогожда<br>1. Миење, чистење и одржување на улици и тротоари<br>2. Паркови – зеленило и јавни површини (обновување на зеленилото, наводнување, кастрење на вегетација косење на зелени површини и др,Градски плажи – крајбрежие, од потегот од”Мајски Цвет” до “Еуротел”: чистење, орање, кастрење вегетација, косење, прибирање на отпад<br>Во согласност со програмите за работа. |

| | |
|---|---|
| | За извршените работи ЈП “Комунално” – Струга, ЈКП “Хигиена”, ЈП „Октиси„ и ЈП „Водовод Дологожда„ ќе доставуваат до општина Струга фактура за секоја извршена работа, по претходно извршен увид (за извршената работа) од страна на надлежниот орган на општината.<br>Исплатата на средствата за извршените работи Општината ќе ги извршува, сукцесивно по доставената фактура, во зависност од приливот на средствата на Буџетот на општина Струга.<br>Доколку сумата за извршената работа го надмине предвидениот износ истата ќе биде регулирана.<br>III.2. Трошоци за изградба на инфраструктура<br>III.2.1. Работи од имотно - правен карактер<br>III.2.2. Улична мрежа<br>- Пробивање на улици, изработка на долен строј во град Струга<br>- Пробивање на улица, изработка на долен строј од ул Партизанска до Туристичка (дел од Источно колекторска)<br>- Кружен тек с.Мислешево на магистрален пат М-4<br>- Кружен тек на магистрален пат М-4 спој со (улица помеѓу УЕ-1 и УЕ-2)<br>- Пробивање на улица, изработка на долен строј од улМ.Тито до магистрален пат М4 (улица помеѓу (УЕ-1 и УЕ-2)<br>- Пробивање на улица, изработка на долен строј од ул Туристичка до магистрален пат М4 (дел од Источноколекторска)<br>- Реконструкција на горен и долен кеј на Реката Црн Дрим .<br>- Реконструкција на улица Маркс Енгелс од ЈНА (кружен тек кај полиција) до Ристо Крле<br>- Реконструкција и поплочување во старо градско јадро изработени од камен (блок 12 и блок 14 во УЕ-4 запад)<br>- Реконструкција и изградба на тротоари во град Струга<br>- Пробивање, тампонирање и асфалтирање на улица од кружен тек полиција до раскрсница со Источно колекторска<br>- Реконструкција и изградба на улици во Мини Сервисна Зона (УЕ-11)<br>- Реконструкција на ул “Пролетерски Бригади”, “15ти Корпус” до кружен тек ул. Партизанска<br>III.2.3. Фекална канализација<br>1. Град Струга и Рурални подрачја<br>2. Нивелирање на постојни шахти во град Струга<br>3. Изработка на тех.документација<br>4. по укажана потреба<br>III.2.4. Атмосферска канализација<br>1. Општина Струга<br>2. Изработка на тех.документација<br>3. по укажана потреба<br>III.2.5. Водоводни мрежи<br>1. Град Струга и Рурални подрачја<br>2. Реконструкција на постојна мрежа<br>3. Изработка на тех.документација<br>4. Реконструкција на резервар за вода и станица за хлорирање<br>5. по укажана потреба<br>III.2.6. Електрични мрежи, и улично осветлување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 1. Надоместок за улично осветлување на концесионер<br>2. Улично осветлување-електрични столбови канделабри од Цветан Димов до градски гробишта .<br>3. Осветлување на шеталиште Корзо со тех. Документација<br>4. Улично осветлување-електрични столбови канделабри во УЕ-<br>5. По укажана потреба .<br>III.2.7. Партерно и хортикултурно уредување<br>1. Поставување на урбана опрема ..<br>2. Поставување на урбана опрема во рурални средини<br>III.2.8. Останати работи<br>1. санација на старите депонии<br>2. изградба на градските гробишта, 2-ра фаза<br>3. набавка на урбана опрема .<br>4. сообраќајна сигнализација, хоризонтална и вертикална<br>5. средства за техничка документација<br>6. изработка на урбанистичка документација 0<br>7. изработка на урбанистичка документација за бесправно изградени објекти<br>8. Уредување на одводен канал со придружни активности кај насипот-Струга (западно од УЕ-1 и УЕ-3) | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Очекуваните резултати од програмата вклучуваат подобрување на урбаната инфраструктура преку изградба и реконструкција на улици, тротоари, кејови, паркови и плоштади, како и модернизација на водоводните и канализациските мрежи. Ќе се зголеми безбедноста со обновена сообраќајна сигнализација, а подобреното улично осветлување и уредувањето на јавните простори ќе создадат поудобна и поестетска средина. Дополнително, санацијата на депониите и поставувањето урбана опрема ќе придонесат кон почиста и поорганизирана заедница. | | | |
| Ризик и претпоставки | Временски неприлики, технички проблеми | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | **1,419,685,744,00 Денари** | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 369.685.744 | 350.000.000 | 350.000.000 | 350.000.000 |

| | |
|---|---|
| Статус на реализација на проектот | Согласно Годишните програми се изготвува техничката документација и се пристапува кон уредување на градежно земјиште |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Струга<br>Национални фондови<br>ИПА и други фондови |
| Родова респонсивност (краток опис) | Подпрограмата се однесува подеднакво за сите мажи и жени |

**8.2 Програма за комунални дејности**

**Потпрограма за изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изградба и реконструкција на локални патишта | Ознака на буџетска/општинска програма | JD |
| Развојна потпрограма | | Ознака на развојна потпрограма | JDO |

| | |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Програмата за работа на општинската администрација на Секторот за просторно планирање и комунална дејност на Општина Струга се состои во Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на локалните патишта за 2024 - 2028 година, се утврдува обемот на работите и изворите на средствата, како и распоредот на средствата и начинот на нивното непосредно користење.<br>Имајќи ја во предвид моменталната финансиска состојба и состојбата на патиштата во општината работите се планираат да се реализираат етапно со нагласено учество на месните заедници, Буџетот на Општината, Јавно претпријатие за државни патишта на Република Македонија, Агенцијата за неразвиени подрачја и други фондови и извори на финансирање.<br>Покрај изградба на одредени делници акцентот се дава на вложувањето, а се планира и изработка на техничка документација за инфраструктурни објекти за патни правци што воопшто досега не се изградени. |

| | |
|---|---|
| | Програмата ги опфаќа како преносни обврските од минатата година кои биле планирани или започнале со реализација но кој од разни причини не се реализирани, односно не се завршени. |
| Планирани активности | Со програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на локалните патишта во Општина Струга за 2023 година, се предвидува:<br>1. Изработка на техничка документација: за инфраструктурни проекти за изградба и реконструкција, рехабилитација на локални патишта.<br>2. Изработка на локални патни правци и др.: Пробивање на патни правци со ископ, насип, тампонирање и изработка на пропусти, модернизација на патни правци, со обновување, реконструкција, рехабилитација, проширување на коловозите,<br>3. Одржување на патни правци кои се во надлежност на општината,<br>4. Останати трошоци.<br>1. Изработка техничка документација за:<br>- Инфраструктурни проекти за изградба и реконструкција, рехабилитација на локални патишта, чистење на одводнителни канали, пропусти, потпорни зидови, мостови и други пропратни елементи и објект на патишта<br>2.1. Изработка на локални патни правци и др.:<br>- Изработка на локакни патни правци, ископ, насип, тампонирање, асфалтирање одводнување, изработка на пропусти, мостови и други пропратни елементи и објект на патишта, модернизација на патните правци со обновување, реконструкција, рехабилитација, проширување на коловозот, чистење на одводнителни канали.<br>Изградба,реконстукција,тампонирање, асфалтирање на улици во населени места во Општина Струга: с.Јабланица, с.Безево, с.Биџево, с.Богојци, с.Боровец, с.Брчево, с.Велешта, с.Вишни, с.Враништа, с.ГорноТатеши, с.Горна Белица, с.ДолноТатеши, с.Долна Белица, с.Делогожди, с.Добовјани, с.Драслајца, с.Дренок, с.Заграчани, с.Шум, с.Збажди, с.Калишта, с.Корошиштас.Џепин, с.Лабуништа, с.Ложани, с.Луково, с.МалиВлај, с.Мислешево, с.Мислодежда, с.Модрич, с.Мороишта, с.Нерези, с.Ново Село, с.Октиси, с.Пискупштина, с.Подгорци, с.Поум, с.Присовјани, с.Радожда, с.Радолишта, с.Ташмаруништа, с.Франговос.Селци, с.Буринец, с.Ливада, с.Локов, с.Ржаново, с.Глобочица, с.Лакајца,ис.Тоска. |
| Очекувани резултати / ефекти | Побрз економски развој, посовремен изглед на населените места. Да се приближи квалитетот на животот во руралните средини со тој во градските средини. |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, временски непогоди при реализацијата. |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 |

| Вкупна вредност | **480.000.000 Денари** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 120.000.000 | 120.000.000 | 120.000.000 | 120.000.000 |
| Статус на реализација на проектот | Тековни активности | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | • Буџет на Општина Струга 60%<br>• Агенција за државни патишта-проект Светска банка преку Влада на Р.М 40% | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Берово жени, мажи, девојчиња и момчиња | | | |

**Потпрограма за зимско одржување на локални патишта и улици**

| Име на буџетска програма | зимско одржување на локални патишта и улици | Ознака на буџетска/општинска програма | JD |
|---|---|---|---|
| Развојна потпрограма | | Ознака на развојна потпрограма | JDO |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Со ова Програма се утврдуваат активностите и приоритетите, временските рокови за чистење и финансиска конструкција на програмата за зимско одржување на локални улици и патишта на општина Струга за 2025/2028 година | | |
| Планирани активности | Активностите утврдени во точка I. на програмата 1. прв приоритет, 2. втор приоритет, а кои се однесуваат на зимско одржување на улиците во град Струга, што подразбира чистење на снег, мраз и попесочување со индустриска сол и абразивен материјал на улиците во град Струга, тротоарите, кејовите на реката Црн Дрим и градската чаршија (од чаршискиот мост до спој со ул.,,Цветан Димов,,) ќе се вршат со Договор за јавна набавка склучен во писмена форма меѓу еден или повеќе економски оператори и договорниоторган чиј предмет е обезбедување услуги, по претходна спроведена постапка , согласно Законот за Јавните во постапка утврдена со закон.<br>За Работите на одржување на општинските патишта и улици, Општина Струга ќе склучи договор со кој ќе ги отстапи на извршување на правни лица регистрирани за вршење на овие работи, на начин и во постапка утврдена со закон. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Обезбедување навремено и ефикасно чистење на снег, мраз и попесочување на улиците, тротоарите, кејовите и градската чаршија. Преку склучување договори со правни лица регистрирани за овие работи, ќе се осигури подобрена проодност и безбедност на сообраќајот и пешаците во зимски услови, што ќе придонесе за поквалитетно функционирање на градот и зголемена сигурност за граѓаните | | | |
| Ризик и претпоставки | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | **26.000.000 Денари** | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 6.500.000 | 6.500.000 | 6.500.000 | 6.500.000 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активности за 2023 | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџетот на општина Струга. | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку обезбедување на инфраструктура која ги адресира различните потреби и безбедносни аспекти на жените и мажите во заедницата. подобрување на осветлувањето на патиштата и тротоарите, особено во населени места каде што жените често се движат пеш, како и обезбедување пристапност за лица со посебни потреби. | | | |

**Потпрограма за капитални расходи за урбана опрема**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Урбана опрема(капитални расходи) | Ознака на буџетска/општинска програма | JN |
| Развојна потпрограма | Урбана опрема | Ознака на развојна потпрограма | JNA |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на | Општата цел на Програмата е да се обезбедат најосновните услови во делот на безбедноста на сообраќајот и безбедноста на пешаците како и создавање на услови за нормално функционирање на сообраќајот во општина Струга. Програмата дефинира и други обврски на општината утврдени во постојните важечки прописи. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| развојната потпрограма) | | | | |
| Планирани активности | Вертикална сообраќајна сигнализација<br>Набавка и поставување на сообраќајни знаци и патоказни табли на подрачјето на општина Струга со монтажа<br>Хоризонтална сообраќајна сигнализација<br>Осовинско бележење на улици и патишта со бела боја<br>Бележење на пешачки премини со бела боја<br>Обележување на коловозни стрелки, автобуски стојалишта, такси станици и ивичњаци од тротоари<br>Успорувачи на сообраќај и друга сообраќајна опрема<br>Поставување на успорувачи<br>Набавка и поставување на друга сообраќајна опрема<br>Сообраќајна студија за град Струга | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Очекуваните резултати од предложените активности за изградба на сообраќајна сигнализација вклучуваат подобрување на безбедноста и ефикасноста во сообраќајот на територијата на општина Струга. Со поставувањето на вертикална и хоризонтална сигнализација, како и успорувачи и друга сообраќајна опрема, ќе се овозможи подобро регулирање и насочување на сообраќајот, зголемена видливост и ориентација за учесниците во сообраќајот. Изработката на сообраќајна студија ќе овозможи долгорочно планирање и развој на сообраќајната инфраструктура, што ќе придонесе за побезбедни улици, подобрена мобилност и поефикасно управување со сообраќајот во градот. | | | |
| Ризик и претпоставки | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | **36.000.000,00 Денари** | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 9.000.000 | 9.000.000 | 9.000.000 | 9.000.000 |
| Статус на реализација на проектот | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Бужет на општина Струга | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Подпрограмата се однесува подеднакво за сите мажи и жени | | | |

**8.3 Програма за заштита на животната средина и природата**

Сектор за урбанизам, комунални дејности, сообраќај и заштита на животна средина, Одделение за заштита на животна средина и Одделението за комунална инфраструктура и сообраќај преку изработка и имплементација на квалитетна и издржана програма
ќе придонесе кон спроведување на законските одредби кои произлегуваат од Законот за локалната самоуправа, Законот за заштита на животната средина, и усвоените програми од Советот на Општина Струга.
Воедно и имплементација на мерки и активности во поглед на подобрување и заштита на животната средина.
Одделението со своите активности се стреми да придонесе за спроведување на многуте еколошки иефикасни проекти, а се со цел Општината Струга и нејзините граѓани да добијат идеални услови и повисоки стандарди во областите на екологија

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | | Ознака на буџетска/општинска програма | P1 |
| Развојна потпрограма | | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Општината на својата територија да ги спроведува мерките и активностите кои се доделени на локалната самоуправа, а се однесуваат на областите заштита на животната средина.<br>Општината да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани.<br>Анимирање на граѓаните во активностите кои ќе произлезат од Програмата, односно активно учество на граѓаните. Програмата да врши едукација на поединци или групи во заштитата и подобрувањето на еколошките стандарди, што ќе придонесе за развивање на јавната свест за зачувување на животната средина и природата. | | |
| Планирани активности | . Одделение за животната средина, своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има, во следните подрачја:<br>1.1. Јавна чистота, хигиена и одржување на водоснабдителни системи,<br>1.2. Паркови, јавно зеленило и хортикултура,<br>1.3. Урбана опрема и припрема на документи за заштита на животна средина,<br>1.1. Јавна чистота, хигиена и одржување на водоснабдителни системи<br>Одржување на јавната чистота, хигиена и водоснабдителните системи се во надлежност на општината преку своите Јавни комунални препријатија со цел подобрување и унапредување на состојбата за (2023) година се планираат следните активности:<br>- Чистење на дивите депонии, селски канали, порои, кои не се во состав на мељоративниот систем на Струшко поле заради заштита на водите, реките и езерата | | |

| | |
|---|---|
| | 1.2.ПАРКОВИ, ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО И ХОРТИКУЛТУРА<br>1.2.1. Одржување на постојното јавно зеленило<br>Одржување и реконструкција на јавни тревни површини се мисли на постојните парковски површини, односно замена на оштетената или уништена трева со нова трева. По потреба и дотур на нова, квалитетна земја заради:<br>- поголема ефикасност во садењето на новата трева.<br>- Одржување и реконструкција на цветни површини.<br>Оваа активност се однесува на одржување на цветните насади и замена на овенатите или уништени цвеќиња на местата кои се со цветен насад,<br>- Одржување и реконструкција на жардиниери<br>Во 2023 година по пролетното садење на цвеќе и тревната површина на жардиниерите ќе треба да се одржува, коси, полева, надополнува со цвеќе да се изврши и Дезинсекција, Дезинфекција, Дератизација како и тековно одржување на депонијата.<br>- Одржувањето на активностите за паркови, јавно зеленило и хортикултура се во надлежност на ЈП Комунално Струга,<br>- Реконструкција – тековно оддржување на депонија за комунален отпад<br>- Дезинсекција, Дезинфекција, и Дератизација на територијата на општина Струга<br>- Санација на депониите за комунален отпад во населените места во општина Струга.<br><br>1.3. УРБАНА ОПРЕМА И ПРИПРЕМА НА ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА<br>1.3.1 Одржување на урбаната опрема<br>- Одржување и санација на оштетени клупи за седење.<br>Дел од поставените клупи се оштетени па така неопходна е интервенција и санирање на даските од клупите, како и на нивната конструкција (доколку е потребно).<br>-Санација и замена на оштетени корпи за смет<br>Покрај што бројот на корпи за смет на јавните површини во Општина Струга е недоволен, добар дел од истите се оштетени и/или вон функција. Санација (таму каде што е можно) и замена (онаму каде што не е можна поправка) на оштетените корпи.<br>Одржување на фонтаните во паркот на поезијата како и евентуално други фонтани кои би се изградиле во следниов период, треба редовно да се одржуваат и зачуваат во исправна состојба исто така се предвидува за потребите на општинските инфраструктурни и основни проекти да се изработат елаборати и стратегиски оцени на како и Кофинансирање за изградба на инфраструктура за заштитени подрачја и тоа:<br>- Средства за урбаната опрема.<br>- Подготовка на елаборати и стратегиски оцени на проекти.<br>- Материјали за посебна намена.<br>- Засадување на дрва.<br>- Одбележување на значајни датуми од Областа на Животната средина.<br>- Заловување и хуман третман на Кучиња скитници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Очекуваните резултати од предложените активности вклучуваат подобрување на јавната чистота, хигиената и водоснабдувањето, како и реконструкција и одржување на парковите, зеленилото и урбаната опрема во општина Струга. Ќе се постигне зголемена заштита на животната средина преку чистење на депонии, дезинфекција, дезинсекција и санација на инфраструктурата за отпад. Редовното одржување на фонтаните, корпите за отпадоци, клупите и другата урбана опрема ќе придонесе за уреден јавен простор | | | |
| Ризик и претпоставки | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | **119.000.000,00 Денари** | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 29.000.000 | 30.000,000 | 30.000,000 | 30.000,000 |
| Статус на реализација на проектот | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Средства за реализација на програмата ќе се обезбедат и од ЈП „Комунално“ Струга, и од други квалификувани и финансиски извори . | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку интегрирање на мерки кои ги земаат предвид различните влијанија на еколошките прашања врз жените и мажите, вклучување на жени и мажи подеднакво во процесите на планирање и донесување одлуки за заштита на животната средина, како и развој на активности за подигнување на свеста за еколошки теми, со фокус на различните улоги и одговорности на жените и мажите во заедницата. | | | |

**8.4 Програма за локален економски развој**

**Програма за поддршка на локалниот економски развој**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Поддршка на локалниот економски развој | Ознака на буџетска/општинска програма | G1 |
| Потпрограма | Поддршка на ЛЕР | Ознака на развојна потпрограма | G1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | 1. Програма за Подршка на Локалниот Економски Развој<br><br>Согледувајќи ги актуелните трендови и позитивните искуства во работењето, програмата е базирана на две основни постулати и методолошки пристапи за ефективно планирање на развојот и обезбедување на услови за имплементација на дефинираните стратешки цели и приоритети на Општина Струга.<br>1.1 Локална контрибуција за реализација на проектни активности на приоритетни програми и проекти<br>1.2 Операционализација на Стратегијата за Локален Економски Развој | | | |
| Планирани активности | Општинска корисна работа<br>БРР Секундарна канализација во Велешта<br>БРР Набавка на возило со вакум пумпа<br>Реконструкција на училишта за енергетска ефикасност<br>Поставување на фотоволтаици на јавни објекти<br>Техничка документацијафотоволтаици<br>Поставување на опрема за намалување на загадување (топлински пумпи, фотоволтаици)<br>Активности со Црвен крст<br>Активности на Локален економско социјален совет<br>Учество на проетШвајц.Агенција –Форуми за Центар за Дијализа | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Зајакнати апсорбциони капацитети за искористување на европските, меѓународните и домашните фондови<br>Иплементирани во фази или во целост најмалку два проекти финансирани од ЕУ и други меѓународни фондови<br>Имплементирани во фази или во целост најмалку три проекти финансирани од домашни фондови<br>Унапредена енергетската ефикасност.<br>Зајакнати административни капацитети на одделението за подготовка на апликации и имплементација на проекти.<br>Зајакнати капацитети за туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план во соработка со ЦРВПР . | | | |
| Ризик и претпоставки | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на потпрогамата/проектот | 01.01.2024 година | | | |
| Датум на завршување на потпрограма/проектот | 31.12.2027 година | | | |
| Вкупна вредност | **81.000.000,00 денари** | | | |
| | 2024 | 2026 | 2027 | 2028 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индикатори | 21,000,000 | 20,000,000 | 20,000,000 | 20,000,000 |
| Статус на реализација на потпрограмата/проектот | Продолжување на тековни работи | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Струга со Биро за регионален развој и УНДП (Надворешни фондови) | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку дизајнирање активности и мерки кои ги адресираат специфичните економски потреби на жените и мажите, како и на маргинализираните групи. | | | |

**Програма за поддршка на ЛЕР – Унапредување на туризмот**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Поддршка на локалниот економски развој | Ознака на буџетска/општинска програма | G2 |
| Потпрограма | Поддршка на ЛЕР – Унапредување на туризмот | Ознака на развојна потпрограма | G2 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Има за цел да ја позиционира општината како атрактивна туристичка дестинација преку промоција на природните, културните и историските богатства, развој на туристичката инфраструктура и поттикнување на одржливи форми на туризам. Програмата предвидува поддршка за локалните туристички капацитети, организирање културни и спортски настани, како и унапредување на соработката помеѓу локалните и меѓународните актери во секторот. Со ова, се очекува да се зголемат економските придобивки, да се создадат нови работни места и да се поттикне одржлив економски и социјален развој, зајакнувајќи ја туристичката понуда на општина Струга. | | |
| Планирани активности | Подготовка, обработка и печатење на печатени промотивни туристички материјали за Струга<br>Креирање и одржување на посебна вебстраница за промоција на туризмот и туристичките капацитети во Општина Струга и промоција во социјалните мрежи<br>Креирање и одржување на смарт апликации за промоција на туризмот во Струга<br>Изработка на слоган и лого на Струга како туристичка дестинација, по пат на јавен конкурс за најдобар слоган и најдобро лого<br>Средства за користење на авторски права<br>Учество на меѓународни, регионални и локални туристички саеми, конференции и форуми надвор од државата и во Струга<br>Поставување на знаците за категоризација на објекти од физички лица кои имаат решение за категоризација и се запишани во регистарот на категоризирани објекти во Општина Струга | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Субвенционирање на физички лица даватели на услуги за сместување на домашни и странски туристи на територијата на Општина Струга за платената туристичка такса<br>Субвенционирање на физички лица за добивање на лиценца за туристички водич и/или придружник, заради давање туристички услуги на територијата на Општина Струга<br>Членување во домашни и меѓународни организации, здруженија, асоцијации, сојузи и институции од областа на туризмот и угостителството<br>Изработка и поставување на туристичка сигнализација на територијата на Општина Струга, заради информирање на туристите за позначајните туристички места, локалитети и туристички точки | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Очекуваните резултати од предложените активности вклучуваат зголемување на туристичката привлечност на Струга преку подобра промоција, креирање дигитални и печатени материјали, и модернизација на инфраструктурата. Изработката на слоган, лого и туристичка сигнализација ќе придонесе за создавање препознатлив идентитет на градот, додека субвенциите за локалните даватели на услуги ќе стимулираат економски раст и нови можности. Учеството на туристички саеми и членувањето во релевантни организации ќе го зајакнат меѓународниот имиџ на Струга. Овие мерки ќе го подобрат туристичкото искуство, ќе поттикнат одржлив развој и ќе обезбедат економски и културни придобивки за локалната заедница. | | | |
| Ризик и претпоставки | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на потпрогамата/проектот | 01.01.2024 година | | | |
| Датум на завршување на потпрограма/проектот | 31.12.2027 година | | | |
| Вкупна вредност | **14.000.000,00 Денари** | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 3.500.000 | 3.500.000 | 3.500.000 | 3.500.000 |
| Статус на реализација на потпрограмата/проектот | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Во Буџетот на Општина Струга, во Програмата Г2-Поттикнување на развојот на туризмот, | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку интегрирање на мерки кои ги земаат предвид различните улоги, потреби и придонеси на жените и мажите во туризмот | | | |

**8.5 Програма за култура**

**Програма за култура**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | **Култура** | Ознака на буџетска/општинска програма | **К2** |
| Потпрограма | | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Културата во најширока смисла е нешто важно за луѓето и заедниците, за човечките врски, споделените спомени и искуства. Културата претставува различни културни и историски приказни, работи кои сметаме дека се вредни да ги наследиме во идните генерации. Ова е нашиот начин на поврзување на сегашноста со иднината. Културната програма се осврнува на овие уникатни вредности и искуства и и помага на општината да се интегрира и да ги фокусира напорите во сите области кои влијаат на квалитетот на животот. Општината добива јасен преглед на аспирациите и вредностите на локалните заедници | | |
| Планирани активности | • Иницијативи за културна соработка со други институции и општини во Република Северна Македонија како и со странци од областа на културата;<br>• Сценографска музичка дејност;<br>• Издавачка дејност и литература<br>• Театарска дејност<br>• Ликовна изложба<br>• Промоција на книги<br>• Фестивали<br>• Концерти<br>• Поетски вечери<br>• Благодарници за личности од областа на културата<br><br>Меѓу културните манифестаци кои ќе се развиваат и подржуваат за 2023 - 2028 година согласно буџетот на Општината, односно програмата К4, ќе се:<br><br>• Струшки вечери на поезијата - Еднонеделни културни манифестации на албанците;<br>• Еднонеделни културни манифестации на - македонците;<br>• Еднонеделни културни манифестации на турците; -<br>• Еднонеделни културни манифестации на ромите<br>• Еднонеделни културни манифестации на власите | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Носител: Општина Струга, Организаторите на манифестациите, НГО,Opçtinskite училишта и сл.<br><br>Од општинскиот буџет ќе се води евиденција и подржуваат и други културни настани од локален, национален и меѓународен карактер како што се:<br>• Културна недела на Арберешите<br>• Ден на пролета<br>• Фестивал „КенгеЈехо“<br>• Струшките вечери на поезијата<br>• Овде Фест<br>• Струга Фест<br>• Ден на езерото - културен туризам<br>• Средбите на Похуми<br>• Децки Фестивал<br>• Светски ден на јазикот | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Очекуваните резултати од овие активности се унапредување на културната сцена во општина Струга преку поддршка и организација на различни културни манифестации, фестивали и настани со локален, национален и меѓународен карактер. Овие активности ќе промовираат културна размена и соработка меѓу различни етнички заедници, институции и општини, ќе поттикнат креативност и учество на локалното население, и ќе го зајакнат културниот идентитет на регионот. Преку културни програми како Струшките вечери на поезијата, тематски фестивали и изложби, ќе се привлечат посетители и туристи, создавајќи платформа за културен туризам и економски развој на општината. | | | |
| Ризик и претпоставки | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на потпрогамата/проектот | 01.01.2024 година | | | |
| Датум на завршување на потпрограма/проектот | 31.12.2027 година | | | |
| Вкупна вредност | **13.200.000,00 Денари** | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 3.300.000 | 3.300.000 | 3.300.000 | 3.300.000 |
| Статус на реализација на потпрограмата/проектот | Вкупните средства за реализација на Програмата се утврдени во Буџетот на општина Струга за 2023 - 2028 година, Програма К4 | | | |
| Начин на реализација | Буџет на општина Струга | | | |

| | |
|---|---|
| (самостојно или во партнерство) | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку активности и политики кои ја промовираат родовата еднаквост и ја одразуваат различноста на улогите, искуствата и придонесите на жените и мажите во културниот живот. |

-

**8.6 Програма за спорт и рекреација**

Развојот на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните, опфатен во програмите на спортските и спортско-рекреативните клубови, во реализација на училишниот и студентскиот спортски систем, спортот за сите, а особено спортско-рекреативни активности на лица со посебни потреби;

Организирање на спортски приредби и манифестации, поддржување на систем на натпревари на општинско и ниво во одредени спортови и категории, поддржување на традиционалните спортски натпревари и манифестации, од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот систем на натпревари, системот на манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби, како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните;

Одржувањето и изградбата на објекти за спорт, утврдување на мрежата на спортските објекти, нивно класифицирање, одржување, користење и опремување, планирање и изградба на современи спортски објекти и определување на рекреативни зони за масовно спортување и Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови и професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на општината

**Потпрограма за спорт и рекреација**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за спорт и рекреација | Ознака на буџетска/општинска програма | LO |
| Потпрограма | Потпрограма за активности во спорт и култура | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Програма за активностите на Општина Струга во областа на спортот за 2024 – 2028 година ги опфаќа , следните цели:<br>1. Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско рекреативниот живот во градот .<br>2. Создавање услови за реализирање на спортско рекреативните активности на граѓаните особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот<br>3. Афирмација на Општина Струга во земјата и надвор од неа. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 4. Развојот на спортот и рекреативните актиности на граѓаните, според идеите и програмите на спортските клубови.<br>5. Доделување на награди и благодарници на успешни спортисти од Струга. | | | |
| Планирани активности | Согласно Законот за спортот во тесна соработка со здруженията и спортските клубови на градот ќе ги подржува активностите од областа на спортот со цел на континуитетот на традиционалните спортски манифестации развивање на масовниот спорт поддржување талентираните млади спортисти како и промоција и афирмација на градот Струга како спортски рекреативен центар.<br>Меѓу спортските активности кои ќе се развиваат и подржуваат во градот:<br>- Меѓународниот ден на спортот (6 април)<br>- Фубалски турнири,<br>- Денот на Европа – маратон за ученици,<br>- Поддршка на спортскиот сојуз на учениците од основно и средно образование,<br>- Подржување на шаховскиот турнир (ученици од основни училишта)<br>- Поддршка на спортските фудбалски клубови<br>- Поддршка на кошаркарски спортски клубови<br>- Поддршка на ракометарски спортски клубови<br>- Поддршка на карате клубови<br>- Поддршка на едриличарски клубови, кајакарски, пливачки клубови и др.<br>- Поддршка на боксерски клубови,<br>- Поддршка на џудо клубови,<br>- Поддршка на алпинизмот,<br>- Турнир за мал фудбал. | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Зголемен број на спортисти и рекреативци. Повеќе организирани спортски натпревари за девојчиња и момчиња | | | |
| Ризик и претпоставки | Неповолни временски услови за одржување на натпревари и манифестации | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | |
| Вкупна вредност | **6.900.000,00 Денари** | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 1.500.000 | 1.800.000 | 1.800.000 | 1.800.000 |
| Статус на реализација на проектот | За распределба на средства за реализација на програмата за спорт и млади, Советот на општината носи Правилник за начинот на распределба на средства до субјектите - корисници.<br>Оваа Програма ќе се финансира од Буџетот на Општина Струга, донации и спонзорства, и (Агенција за млади и спорт). | | | |

| | |
|---|---|
| | За исполнување на програмата и роковите утврдени во неа до Советот на општината, Сојузот на спортови на општината поднесува извештај. |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Оваа Програма ќе се финансира од Буџетот на Општина Струга, донации и спонзорства, и (Агенција за млади и спорт). |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку создавање активности кои ги поттикнуваат еднаквите можности за учество на жени и мажи, организирање спортски натпревари за девојчиња и момчиња, обезбедување спортска инфраструктура соодветна за сите, и промовирање на активности кои ги поддржуваат жените во спортот. |

**Потпрограма за социјална заштита**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за социјална заштита | Ознака на буџетска/општинска програма | V2 |
| Потпрограма | Програма за социјална заштита | Ознака на развојна потпрограма | V2 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Основните цели на Годишната предлог – Програма за социјална заштита за 2024 - 2028 година генерално се насочени кон:<br><br>Обезбедување активен однос на Општина Струга кон утврдување и задоволување на потребите и интересите во областа на социјалната заштита и<br>Изнаоѓање форми за утврдување на фактичката состојба, предизвиците и можностите на локално ниво. | | |
| Планирани активности | Дневен Центар за лица со интелектуална попреченост „КФДК“. Во програмата се планира хонорарно на лица и тековни трошоци<br>Стипендирање на редовни ученици, студенти, магистранти, докторанти на државни и приватни универзитети на лица со ретки болести и интелектуална попреченост<br>Ранливи категории, изнемоштени болни лица, невработени<br>Градинки во рурални средини: Велешта, Лабуништа, Делогожда, Драслајца, Радолишта<br>Индивидуални третмани со аутизам и Даунов сидром „Во мојот Свет"<br>Отворање на сензорна соба во училиштето „Браќа Миладиновци“ и „Јосип Броз Тито“ | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Подобрено квалитетот на живот на лицата со попреченост и ранливи категории.<br>Поголема интеграција на децата и возрасните со попречености во општеството.<br>Унапредени образовни, социјални и здравствени услови во општината.<br>Намалување на социјалната исклученост и зголемена инклузивност во локалната заедница. | | | |
| Ризик и претпоставки | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на потпрогамата/проектот | 01.01.2024 година | | | |
| Датум на завршување на потпрограма/проектот | 31.12.2027 година | | | |
| Вкупна вредност | **14.000.000,00 Денари** | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 3.500.000 | 3.500.000 | 3.500.000 | 3.500.000 |
| Статус на реализација на потпрограмата/проектот | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Финансирањето на активностите од областа на социјалната заштита ќе биде од средства на донатори, Министерство за труд и социјална политика и од Буџетот на Општина Струга. | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку дизајнирање на мерки и услуги кои ги адресираат специфичните потреби на жените и мажите, како и на ранливите групи. | | | |

**8.9 Програма за еднакви можности на жените и мажите**

**Програма за еднакви можности на мажите и жените**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за еднакви можности на мажите и жените | Ознака на буџетска/општинска програма | Х1 |
| Развојна потпрограма | | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на | Цел: Унапредување на здравјето на жените , мажите, момчињата и девојчињата преку подигање на свеста за редовни лекарски контроли за превенција од болести кои не погодуваат.<br>Може да се овозможи будење на свеста на жените, мажите, момчињата и девојчињата а со тоа би се допринесло кон намалување на смртноста. | | |

| | |
|---|---|
| развојната потпрограма) | |
| Планирани активности | 1. ПРОЦЕС ЗА ОТВАРАЊЕ НА ПАРАЛЕЛКИ ЗА ЦЕЛОДНЕВЕН ПРЕСТОЈ НА ДЕЦАТА<br>–организирање на трибини и предавања од областа на гинекологијата, урологијата и психологијата ;<br>–организирање на трибини и предавања од<br>областа на онкологијата;<br>–организрање на трибини и предавања за остеопороза и заболување на тироидна жлезда;<br>-континуирана крводарителска активност.<br>Печатење едукативни материјали, и<br>–печатење на промотивни материјали и постери кои би се дистрибуирале и до образовните институции за запознавање на младите со значењето на оваа проблематика .<br><br>2.УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА ГРАЃАНИНОТ<br>–организирање на трибини и предавања од областа на гинекологијата, урологијата и психологијата ;<br>–организирање на трибини и предавања од<br>областа на онкологијата;<br>–организрање на трибини и предавања за остеопороза и заболување на тироидна жлезда;<br>-континуирана крводарителска активност.<br>Печатење едукативни материјали, и<br>–печатење на промотивни материјали и постери кои би се дистрибуирале и до образовните институции за запознавање на младите со значењето на оваа проблематика .<br><br>3.ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО<br>–организирање на бесплатни часови по албански јазик, англиски јазик или друг јазик;<br>–организирање на бесплатна обука за работа со компјутери;<br>-оживување на домашни јадења – жени претприемачи преку одржување на промотивни денови за активните мерки на вработување на жените,<br><br>4.ПРЕВЕНЦИЈА И СОВЕТУВАЊЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СЕМЕЈНОТО И СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО<br>–Едукативни трибини за семејно и сексуално насилство,<br>–Обуки на педагозите, психолозите и социолозите од основните и средните училишта за препознавање на децата-жртви на семејно и сексуално насилство. |
| Очекувани резултати / ефекти | Подобрено здравје, економски статус и социјална благосостојба на населението.<br>Зголемена социјална одговорност и активна граѓанска ангажираност.<br>Подобра превенција и интервенција во здравствени, економски и социјални прашања. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Поттикнување на одржливи развојни мерки за подобрување на квалитетот на животот на локалното население. | | | |
| Ризик и претпоставки | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 01,01,2024 | | | |
| Датум на завршување на потпрограма-проектите | 31,12,2027 | | | |
| Вкупна вредност | **800.000,00 Денари** | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 200.000 | 200.000 | 200.000 | 200.000 |
| Статус на реализација на протпрограма - проектот | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Струга | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку систематски пристап кој ги адресира родовите нееднаквости и ги промовира правата и можностите на сите граѓани, без оглед на нивниот пол. | | | |

**8.10 Програма за заштита и спасување**

**Потпрограма за заштита и спасување**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за заштита и спасување | Ознака на буџетска/општинска програма | W00 |
| Потпрограма | Потпрограма за противпожарна заштита и спасување | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и воена состојба;<br>заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, земјотреси, сообраќајни и други несреќи; | | |

| | |
|---|---|
| | - создавање услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;<br>- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, обученост, опременост и координираност на силите за заштита и спасување.<br>- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на елементарни непогоди и други видови несреќи. |
| Планирани активности | За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни појави и други несреќи во мир.<br>Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Струга преку оваа Програма за 2023година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди средства потребни за материјално опремување на дел од единиците за заштита и спасување, обучување на раководниот кадар и дел на единиците за заштита и спасување,со цел да бидат способниза брзо и ефикасно да дејствуваат на целото подрачје на Општина Струга, како и обезбедување средства потребни за други активности во заштитата и спасувањето. |
| Финансирање | финансирањето на активностите во заштитата и спасувањето, според оваа Програма ќе бидат реализирани со средства на Општината Стуга VII-1 Заштита и спасување<br>1. Материјали и ситен инвентар<br>- Материјали за специјална намена<br>- Трошоци за превоз, сместување, исхрана, пијалоци и др. потреби;..<br>- надомест за превоз на загрозеното население и материјалните добра.<br>2. Паричен надоместокза Граѓаните повикани заради извршување на правата и должностите во заштитата и спасувањето (за учество во единиците за ЗС и )<br>- плата, пензија или други парични примања;<br>- еднократна парична помош во случај на смрт, повреда или оштетување на организмот;<br>- погребни и други трошоци<br>3. Договорни услуги<br>- надомест за ангажирање на Јавни претпријатија, трговски друштва и др. установи и служби за спроведување на превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување.<br>4. Надомест на штети предизвикани од природни непогоди и др. несреќи.<br>5. Противпожарен Сојуз Струга.<br>- формирање и ангажирање на доброволно противпожарно друштво и нивно обучување. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -изведување обуки, тренинг и вежби за заштита и спасување, семинари и конференции;<br>6. Субвенции и трансфери<br>- разни трансфери<br>- други трансфери<br>- пронаоѓање и уништување на неексплодирани средства.<br>VII-2 Управување со кризи<br>1. Активности во справување со кризни ситуации<br>VIII. Други форми на активности за подржување и помагање на заштитата и спасувањето.<br>Активноститеза подржување и помагање во унапредување на заштитата и спасувањето, освен со финансиски средства, Советот на Општината и Градоначалникот ќе ги помагаат и стимулираат и со:<br>- овозможување на членовите на Просторниот Штаб за заштита и спасување,командирите на просторните единици за учество на обуки, вежби, семинари и сл. организирани од Општината Струга, Дирекцијата за заштита и спасување и др. институции и меѓународни организации. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на потпрогамата/проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на потпрограма/проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | **7.800.000,00 денари** | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 1.900.000 | 2.000.000 | 2.000.000 | 1.900.000 |
| Статус на реализација на потпрограмата/проектот | Согласно Годишните програми се реализираат активностите | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Струга | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку интегрирање на мерки кои ги земаат предвид различните потреби и улоги на жените и мажите за време на кризни ситуации и во процесите на подготовка, одговор и опоравување. | | | |

**8.11 Програма за месна самоуправа**

Граѓаните во општината одлучуваат и за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и преку облици на месна самоуправа. Во општината како облици на месна самоуправа се основаат во градот Струга-како урбани заедници, а во населените места надвор од градот – како месни заедници. Подрачјето на месните заедници се границите на катастарските општини на населените места.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за месна самоуправа | Ознака на буџетска/општинска програма | ДА |
| Потпрограма | | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Унапредување и заживување на работата на Урбаните и Месните заедници на подрачјето на Општината Струга за обавување на работите од своја надлежност. | | |
| Планирани активности | - Континуирано следење на прописите во врска со воведувањето на прашањата од областа на месната самоуправа<br>- Подготвува информации по прашања од областа на месната самоуправа<br>- Соработува и дава стручна и техничка поддршка на советите на урбаните и месните заедници.<br>- се грижи за навремен избор на членовите на советите на месните заедници на собир на граѓани;<br>- Врши работи околу основање и помага на работата на урбаните и на месните заедници на подрачјето на општината<br>- Организира собир на граѓаните на месните заедници за избор на совет на месната заедница<br>- учествуваа,организира манифестација за денот на албанското знаме и други манифестаци.<br>- Меѓусебна соработка и поврзување на месните заедници на општина Струга<br>- Врши административни работи за месните заедници (дава мислење по донесените одлуки, кои се доставуваат до општинската администрација на општина Струга)<br>- Вршење перманентен надзор над работата на месните заедници и повремени присуства на седниците на советите на месните заедници.<br>- Помага во поврзување и соработка со навладини организации за изработка на заеднички проекти од нивен интерес<br>- Помагање и насочување на МЗ при давање на предлози и иницијативи за решавање на определени прашања<br>- Општината дава материјална подршка на месните зедници за тековна работа на советите на месните заедници.<br>- помага при соработка со другите одделениа при општинската администрација<br>- Насочувањена Претседателот и членовите на советот на месните заедници за правилна примена на правилата за работа на месните заедници при општина Струга | | |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Подобрена правна усогласеност:<br>Континуираното следење на прописите ќе осигури дека прашањата од областа на месната самоуправа се соодветно интегрирани во работата на општината и месните заедници.<br>Навремена и точна информативност:<br>Подготвувањето на информации ќе обезбеди транспарентност и информираност на граѓаните и членовите на месните заедници.<br>Зголемена ефикасност на месните заедници:<br>Стручната и техничката поддршка ќе овозможи поефикасно функционирање на советите на урбаните и месните заедници.<br>Редовни и легитимни избори:<br>Организирањето на собири и избори за членовите на советите ќе обезбеди легитимност и демократичност во работењето на месните заедници.<br>Функционална инфраструктура на месната самоуправа:<br>Основањето и помагањето во работата на месните и урбаните заедници ќе создаде стабилна основа за нивно долгорочно функционирање.<br>Подобра комуникација со граѓаните:<br>Организирањето на собири ќе овозможи директна комуникација со граѓаните и вклучување на нивните иницијативи во локалната самоуправа.<br>Промоција на културни и општествени вредности:<br>Организацијата на манифестации, како Денот на албанското знаме, ќе го зајакне чувството на заедништво и ќе ја зачува културната традиција.<br>Зголемена соработка помеѓу месните заедници:<br>Меѓусебната поврзаност ќе овозможи размена на искуства, подобра комуникација и заедничко решавање на проблеми.<br>Поорганизирана администрација:<br>Вршењето административни работи ќе придонесе за усогласување на работата на месните заедници со локалната администрација.<br>Надзор и контрола:<br>Перманентниот надзор ќе гарантира одговорност и ефикасност во работата на месните заедници.<br>Зголемено учество во проекти:<br>Поврзувањето со невладини организации ќе донесе нови проекти и ресурси за решавање на локалните прашања.<br>Ефективно користење на буџетски средства:<br>Материјалната поддршка од општината ќе ги обезбеди потребните ресурси за тековна работа на советите.<br>Подобра координација во општинската администрација:<br>Соработката со другите одделенија ќе ја подобри интеграцијата на месните заедници во севкупната работа на општината.<br>Унапредено работење на советите на месните заедници:<br>Насочувањето и советувањето на претседателите и членовите ќе обезбеди правилна примена на процедурите и правилата. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ризик и претпоставки | | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на потпрогамата/проектот | 01.01.2024 година | | | | |
| Датум на завршување на потпрограма/проектот | 31.12.2028 година | | | | |
| Вкупна вредност | **4.120.000,00 Денари** | | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| Индикатори | 1.030.000 | 1.030.000 | 1.030.000 | 1.030.000 | |
| Статус на реализација на потпрограмата/проектот | | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Финансирањето на активностите на советите на месните , утврдени според оваа Програма ќе биде реализирани со средства од Буџетот на општина Струга<br>- За финансирање на тековните активности на месната заедница е должна до крајот на второто тромесечие од тековната година до општината да ги достави годишните потреби насредства за покривање на тековните средства во висина до 30.000,00 денари годишно.<br>За финансирање на одредени активности на своето подрачје (чистење и одржување на канали во руралните населби и др.активности) во надлежност на месните заедници..... 1.000.000,00 денари годишно. | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку интеграција на активности кои обезбедуваат еднакво учество на жените и мажите во процесите на локално одлучување и управување. | | | | |

**Буџетски форум на Општина Струга и консултативни средби**

## 9 БУЏЕТ НА ИЛРП

Буџетот на ИЛРП на општината Струга е **индикативен финансиски план**. Како таков, тој е еден од клучните елементи за оперативното управување со севкупната стратегија за имплементација на ИЛРП.

Секторската финансиска рамка (по области на надлежност и програми, потпрограми и проекти) е одраз на фактички достапните финансиски ресурси, од една страна, приоритетите утврдени низ партиципативен консултативен процес и со учество на засегнатите страни во општината.

Од страна на општинскиот тим за развојно планирање направен е напор за јасно поврзување на програмите и потпрограмите/проектите, трошоците и изворите на финансирање со поставените стратешки и секторски цели на ИЛРП. На тој начин се овозможува попрецизно планирање на расходите и изворите на финансирање за планираните програми и

потпрограми/проекти и нивно навремено вклучување во општинскиот буџет и другите буџети (државниот, на планскиот регион, донаторскиот, ЕУ итн.) чија финансиска поддршка се предвидува во процесот на имплементација.

Буџетот на ИЛРП на општината Струга е прилагоден на повеќегодишниот циклус на планирање на општинскиот буџет, кој вклучува планирање за следната година и приближни бројки за преостанатиот број години, со постојано повторување на оваа динамика.

Динамиката на финансирање и изворите на финансирање на ИЛРП се опишани во табелите 7 и 8, подолу.

*Табела бр. 7: Буџет на ИЛРП и динамика на финансирање*

| **Програма бр.** | **Потпрограма / Проект** | **Почеток на потпрограмата/ проектот** | **Време за спроведување на потпрограмата/ проектот** | **Проценета вредност на потпрограмата/ проектот** | **Динамика на финансирање** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **Година I** | **Година II** | **Година III** | **Година IV** | **ВКУПНО** |
| **ПРГ1** | **ПП/П1.1** | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | **ПП/П 1. 2** | | | | | | | | |
| **ПРГ2** | **ПП/П 2.1** | | | | | | | | |
| | **ПП/П 2. 2** | | | | | | | | |

*Табела бр. 8: Извори на финансирање*

| **Потпрограма/ Проекти** | **Проценета вредност на потпрограмата/проектот** | **Извори на финансирање (вредности)** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Примарен општински буџет (сопствени извори на приходи)** | **Општински буџет на субвенции - Трансфери од централната власт** | **Заем** | **Донација** | **ИПА/ ИПАРД** | **Донација од приватен сектор** | **ЈПП** | **Самопридонес од граѓаните** |
| **ПП/П 1.1** | | | | | | | | | |
| **ПП/П2. 1** | | | | | | | | | |

Потребно е утврдување на јасни индикатори за следење на реализацијата на стратегиите и мерките во рамките на ИЛРП.

## 10 ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИЛРП

Стандардна МОНИТОРИНГ МАТРИЦА треба да ги содржи следните елементи:

- Наслов на програмата, потпрограма/проект;
- Опис на индикаторот (можно е дефиниција на методот на мерење за посложени композитни индикатори);
- Извор на податоци;
- Основната година со вредност на индикаторот и Годината со целната вредност на индикаторот.

За да се спроведе мониторингот и евалуацијата, потребно е да се дефинираат клучните индикатори за успешност во однос на секој од развојните приоритети и цели дефинирани во ИЛРП.

Индикатор на постоечка состојба е мерење на состојбата пред да започне акцијата/активноста (може да биде нула вредност при нова активност). Се користи за мерење на промените и следење на напредокот. Сите индикатори мора да имаат вредност на почетна состојба пред почетокот на акцијата (или треба да се наведе кога таа ќе стане достапна). Индикатор за успех е мерлива вредност што претставува напредок кон посакуваното влијание на проектот.

На пример, за активност или проект за подобрување на пристапноста преку отстранување на сите физички бариери за децата - ученици со попреченост во основните и средните училишта, потребно е да се мапира бројот и видот на физичките пречки и да се изразат како почетна вредност/состојба на индикаторот и тогаш како вредност се проектира индикатор за успех – бројот на отстранети физички бариери/пречки до крајот на годината преку спроведување на акцијата. Друг пример може да биде утврдување на постоечка ситуација со површина опфатена со валидни урбанистички планови и документација (индикатор на постоечка состојба) наспроти проектирана површина на ажурирани или нови урбанистички планови и документација (индикатор за успех). Понатаму, во рамките на секој приоритет/мерка, треба да се развие збир на квантифицирани показатели за успешност за да се следи нивната реализација.

Индикаторите можат да се поделат на „излезни“ индикатори и индикатори на „исход“. Бидејќи преводот на двата поима, излез и исход, се однесува на „резултати“, би споменале дека се работи за резултати на две нивоа: излезот е најблиску до производот, а исходот е најрелативен за ефектот.

„Излезните“ индикатори се мерат преку квантитативни податоци поврзани со постигнат резултат, на пример, „трошоци по тон собран комунален отпад“, а индикаторите на „исход“ се поврзани со квалитативна проценка на ефектите од постигнатиот резултат, на пример, „Јавната хигиена на улиците подобро или полошо се одржува.

Табеларен приказ на мониторинг матрицата на ниво на програми
Сектор/Програма

| Подпрограма за. | Наслов на потпрограмата /Проект | Опис на индикаторот на подпрограмата | Почетна вредност на индиктори(последен податок од 2024) (овие податоци од Анексите - моментална ситуација | Индикатори за успешност 2024 | Индикатори за успешност 2025 | Индикатори за успешност 2026 | Индикатори за успешност 2027 | Број на лица корисници (жени/мажи | Број на лица вклучени во мерката (жени/мажи) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Потпрограма за урбанистичко планирање уредување | Урбанистичко уредување | Со оваа Програма се планираат активности за финансирање на изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти за Општина Струга во 2023 – 2028 година | | Усвојување на детални урбанистички планови за селски подрачја во општина Струга. Изработка и донесување на урбанистички планови за вон населено место (ЕЛЕН КАМЕН 1 и ЕЛЕН КАМЕН 2). Започнување на изработка на сообраќајната студија за град Струга. | Финализација и усвојување на Генералниот урбанистички план (ГУП) за град Струга. Започнување на изработка на детални урбанистички планови (ДУП) за приоритетните урбани единици (УЕ-1 до УЕ-12). Продолжување на постапките за урбанистички планови вон населено место, вклучително и локации за управување со отпад. | Техничка исправка и ажурирање на постоечките урбанистички планови. Финализирање на сообраќајната студија за град Струга. Изработка на урбанистички проекти со планови за парцелација за приоритетни зони. | Завршување и имплементација на урбанистички планови за селските и руралните подрачја. Финализирање на сите започнати урбанистички проекти и парцелации. Целосно ажурирање на урбанистичката документација за одржлив урбан развој. | | |
| | потпрограма за капитални расходи за уредување на градежно земјиште | Програмата за работа на општинската администрација на Секторот за просторно планирање и комунална дејност во Општина Струга во | | Интензивно одржување на постојната комунална инфраструктура (улици, тротоари, зеленило, депонии). Финализација на започнатите реконструкции на улична | Започнување на изградба и реконструкција на значајни сообраќајни и комунални објекти (кружни текови, атмосферска и фекална канализација, депонии). | Целосна реализација на планираните активности за реконструкција на јавните објекти (гробишта, резервоари за вода, шеталишта). Санација и модернизаци | Имплементација на сите проекти од техничка и урбанистичка документација изготвени во претходните години. Затворање на сите застарени депонии и создавање | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | делот од Програмата за уредување градежно земјиште | | мрежа, кејови и водоводни мрежи. Старт на изработка на техничка документација за нови инфраструктурни проекти. | Поставување на модерна хоризонтална и вертикална сигнализација. Зголемување на опфатот на руралните подрачја со урбана опрема и основна инфраструктура. | ја на депонии и решавање на бесправно изградените објекти преку урбанистички документации. Завршување на проектите за осветлување на шеталиштата и клучните зони. | одржлив систем за управување со отпад. Финализација на инфраструктурните проекти за подобрување на условите во градот и руралните подрачја. | | |
| Потпрограма за капитални расходи за уредување на простор во рурални подрачја | Потпрограма за изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови | Се утврдува обемот на работите и изворите на средствата, како и распоредот на средствата и начинот на нивното непосредно користење. | | Изработка на техничка документација за изградба, реконструкција и рехабилитација на приоритетни локални патишта и одводнителни системи. Започнување на пробивање и модернизација на локални патни правци во селските подрачја. Одржување на постојните патишта под надлежност на општината. | Интензивна реализација на проекти за асфалтирање, тампонирање и реконструкција на патни правци во поголеми населени места. Изградба на пропусти, мостови и потпорни зидови за подобрување на сообраќајната безбедност. Чистење и реконструкција на одводнителни канали и инфраструктурни елементи. | Финализација на главните инфраструктурни проекти за патишта во селата со приоритетен пристап. Проширување на патната мрежа за подобра поврзаност на руралните и урбаните зони. Продолжување со рехабилитација на коловози и редовно одржување. | Завршување на реконструкцијата и модернизацијата на патиштата во сите предвидени населени места. Одржливост на патната мрежа преку редовно одржување и санација на новоизграденот инфраструктурен капацитет. Изработка на нови технички документации за иден развој на патната мрежа. | | |
| | Потпрограма за зимско одржување на локални патишта и улици | Со ова Програма се утврдуваат активностите и приоритетите, временските рокови за чистење и финансиска конструкција на | | Склучување договори со економски оператори за зимско одржување на улиците, тротоарите, кејовите и градската чаршија. Навремено обезбедување на | Проширување на обемот на зимското одржување со фокус на дополнителни улици и јавни простори во градот. Зголемување на координацијата со | Одржување на досегашното ниво на услуга со потенцијално вклучување на нови економски оператори за оптимизација на трошоците. | Целосна функционалност на системот за зимско одржување со усогласеност на сите договори според законските прописи. Одржување на јавните површини на | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | програмата за зимско одржување на локални улици и патишта на општина Струга | | индустриска сол и абразивен материјал за зимско одржување. Примена на ефикасни методи за расчистување на снег и мраз на приоритетните улици и јавни површини. | регистрирани правни лица за навремено извршување на работите. Подобрување на опремата и механизмите за зимско одржување преку јавни набавки. | Редовна ревизија и ажурирање на договорите за зимско одржување согласно законските регулативи. Осигурување на залихи од сол и абразивен материјал за целата зимска сезона. | високо ниво за безбедност на граѓаните и непречено функционирање на сообраќајот. Континуирана евалуација на процесите за одржување со препораки за понатамошно унапредување | | |
| Програма за заштита на животната средина и природата | | Општината да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани. | | Чистење на диви депонии, селски канали и порои за заштита на водите и животната средина. Започнување со одржување и реконструкција на паркови, зеленило и јавни површини. Примена на активности за санација и замена на оштетена урбана опрема и корпи за отпадоци. | Завршување на реконструкцијата на депониите и имплементација на редовни програми за дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Засадување нови дрвја и подобрување на урбаното зеленило. Подготовка на елаборати и стратегиски документи за заштита на животната средина. | Проширување на активностите за одржување на фонтаните и урбаната опрема. Поставување и одржување на нови паркови и зелени површини во градот и руралните средини. Континуирана поддршка за инфраструктурни проекти за заштитени подрачја. | Целосна реализација на активности за зачувување на јавната чистота, хигиената и зеленилото. Остварување на одржлив систем за управување со комунален отпад и третман на кучиња скитници. Одржување на висок степен на ефикасност во мониторингот и извршувањето на програмите за животна средина. | | |
| Програма за локален економски развој | | Локална контрибуција за реализација на проектни активности на приоритетни програми и проекти | | Завршување на изградбата на секундарната канализација во Велешта за подобрена санитарна инфраструктура. Набавка и ставање во функција на | Зголемено користење на обновливи извори на енергија преку поставување на дополнителни фотоволтаици и топлински пумпи. | Целосна имплементација на системите за намалување на загадувањето во јавни објекти. Промоција на резултатите од проектите за енергетска | Завршување на сите планирани активности за енергетска ефикасност и намалување на загадувањето. Интеграција на обновливи извори на енергија во | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Операционализација на Стратегијата за Локален Економски Развој | | вакум пумпа за подобро управување со отпадните води. Започнување на реконструкции за енергетска ефикасност во училиштата. Поставување на фотоволтаици на јавни објекти и техничка подготовка за нови проекти. | Продолжување на програмата за реконструкција на јавни објекти за енергетска ефикасност. Интензивирање на активностите со Црвениот крст за поддршка на ранливи категории. Вклучување во локални економско-социјални проекти преку Локалниот економско-социјален совет. | ефикасност и обновлива енергија. Поголемо учество во регионални и меѓународни проекти преку партнерства со организации како Швајцарската агенција. Одржување на постигнатите стандарди во управување со отпадни води и јавна инфраструктура. | повеќето јавни објекти во општината. Консолидирање на сите проекти преку одржување на јавни услуги и обезбедување на одржливост. Континуирана соработка со локални и меѓународни партнери за нови иницијативи. | | |
| Програма за култура | | | | Организација на културни манифестации како „Струшки вечери на поезијата“, културни недели и фестивали за различни етнички заедници. Зголемена соработка со локални и меѓународни културни институции. Поддршка за издавачка дејност, театарски претстави и ликовни изложби. Организација на поетски вечери и концерти за промоција на локалните уметници. | Проширување на културните манифестации со нови теми и интернационално учество. Вклучување на училиштата и младите во културните активности преку едукативни и креативни програми. Одржување на традиционални фестивали и воведување на нови културни настани. Зголемување на видливоста на културните активности преку промоција на книги и уметнички дела. | Поголем акцент на културниот туризам преку настани како „Ден на езерото“ и „Струга Фест“. Зголемено учество на странски културни организации во локалните настани. Поддршка за реализација на повеќе театарски претстави, фестивали и изложби од национален и меѓународен карактер. Доделување признанија и благодарници за значајни личности од | Целосна имплементација на културните програми и институционализација на годишните културни настани. Унапредување на соработката со странски културни институции и општини. Одржување на високо ниво на културни манифестации, кои ќе ја промовираат Струга како центар за култура и уметност. Поддршка за развој на нови форми на културна изразба и | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | област на културата. | иновации во културата. | | |
| Програма за спорт и рекреација | | 1. Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско рекреативниот живот во градот .<br>2. Создавање услови за реализирање на спортско рекреативните активности на граѓаните особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот<br>3. Афирмација на Општина Струга во земјата и надвор од неа.<br>4. Развојот на спортот и рекреативните актиности на граѓаните, според идеите и програмите на спортските клубови. | | Организација на традиционални и спортски манифестации како „Меѓународен ден на спортот“ и „Ден на Европа - маратон“.<br>Зголемена поддршка за спортски клубови (фудбалски, кошаркарски, ракометарски, карате, пливачки и др.).<br>Интензивирање на соработката со здруженијата и училиштата за поттикнување на младинскиот спорт. | Проширување на обемот на активности со воведување на нови спортски настани.<br>Поттикнување на женското учество во спортот преку клубови и турнири.<br>Поддршка на клубовите за шах, џудо, боксерски клубови и алпинизмот за нивно натамошно развивање. | Промоција на градот Струга како регионален центар за спорт и рекреација преку национални и меѓународни турнири.<br>Вклучување на нови спортови и активности за масовен спорт.<br>Поголемо учество на учениците во организирани спортски манифестации. | Завршување на сите планирани проекти за спортска инфраструктура и поддршка на локалните клубови.<br>Консолидирање на спортските активности и натамошно развивање на масовниот спорт.<br>Одржлив развој на спортот во Струга преку редовни манифестации и поддршка на младите талентирани спортисти. | | |


| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 5. Доделување на награди и благодарници на успешни спортисти од Струга. | | | | | | | |
| | Потпрограма за социјална заштита | Обезбедување активен однос на Општина Струга кон утврдување и задоволување на потребите и интересите во областа на социјалната заштита и Изнаоѓање форми за утврдување на фактичката состојба, предизвиците и можностите на локално ниво. | | Континуирана поддршка на Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост преку обезбедување на хонорари и покривање на тековните трошоци. Доделување стипендии за ученици, студенти и лица со ретки болести и интелектуална попреченост. Воспоставување на индивидуални третмани за лица со аутизам и Даунов синдром. Поддршка на руралните градинки за обезбедување квалитетна едукација. | Финализација на опремувањето и активирањето на сензорните соби во училиштата „Браќа Миладиновци“ и „Јосип Броз Тито“. Зголемување на опфатот на лицата од ранливите категории преку посебни програми за поддршка. Унапредување на услугите во руралните градинки преку нова опрема и ресурси. | Проширување на капацитетите на Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост за подобрување на услугите. Зголемување на бројот на стипендии за лица со посебни потреби. Воспоставување на дополнителни индивидуални програми за третман на лица со попреченост. | Интегрирање на сите програми за лица со посебни потреби во еден одржлив систем на поддршка. Постигнување на целосна функционалност на сензорните соби и нивно проширување во повеќе училишта. Одржливост на програмите за поддршка на ранливите категории, градинките и индивидуалните третмани. | | |
| | | | | | | | | | |

## АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА

Охридско-Струшката котлина се протега на крајниот југозапад, сместена помеѓу планините Јабланица, Беличка Планина и Мокра на запад; Галичица, Петрина, Плаќенска и Илинска Планина на исток; Стогово и нејзиниот огранок Караорман на север и ридестиот предел Гора на југ. Котлината зафаќа површина од 103.407ха.

Струга се наоѓа на 698 м надморска височина.

Сместена е во подножјето на планината Јабланица, во Охридско-Струшката котлина,на северниот брег од Охридското Езеро, непосредно на местото каде се излива реката Црн Дрим од Охридското езеро. На југ и запад општинската граница се поклопува со
државната граница кон Албанија и е во должина од 57км, а само дел се граничи со општина Вевчани.Северната граница почнува над с. Дренок, а завршува на врвот Бабин Срт и нејзината должина изнесува 16км.На исток општина Струга се граничи со општина Охрид и должината на оваа граница изнесува 52км.Се смета дека уште од старо време постоела мала населба под името Енхалон,од старо грчкиот збор што во превод значи јагула. Подоцна населбата го добива името Струга од старословенскиот збор , што значи речен ракав,притока, место со инсталирани уреди за риболов.



Струшката Општина зафаќа површина од 5073 ха или 1/3 од вкупната брегова линија на езерото т.е. половина од вкупната површина на Котлината. На оваа површина се наоѓа градот Струга и 50 населени места (Мислешево, Драслајца, Мороишта, Ложани, Биџево, Враништа, Долна Белица, Заграчани, Калишта, Мали Влај, Радолишта, Радожда, Франгово, Шум, Октиси, Вишни, Горна Белица, Дренок , Модрич, Глобочица, Луково, Нерези, Безево, Јабланица, Лакаица, Прискупштина, Буринец, Збжди, Локов, Присовјани, Р'жаново, Селци, Брчево, Богојци, Тоска, Делогожди, Корошишта, Ливада, Мислодежда, НовоСело, Поум, Џепин, Боровец, Лабуништа, Подгорци, Ташмаруништа, Велешта, Горно Татеши, Долно Татеши, Добовјани).

| # | Localcommunities | Надморска висина | Површ. (km2) | Inhabitants (in 000) | | Agrarianstructure (ha) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1994 | 2002 | Agrariansoil | Pastures | Forests | Total |
| **MunicipalityStruga** | | **856** | **468.2** | **59,926** | **63,376** | **11,993** | **10,743** | **22,083** | **44,819** |
| **1** | Bezovo | 810 | 2.5 | 66 | 53 | 39 | 69 | 124 | **232** |
| **2** | Bidzevo | 700 | 2.3 | 454 | 545 | 222 | 2 | - | **224** |
| **3** | Bogojci | 940 | 4.5 | 156 | 170 | 65 | 95 | 280 | **440** |
| **4** | Boroec | 900 | 13.9 | 970 | 628 | 181 | 138 | 978 | **1,297** |
| **5** | Brcevo | 950 | 7.1 | 31 | 9 | 138 | 180 | 366 | **684** |
| **6** | Burinec | 1,020 | - | - | - | - | - | - | **-** |
| **7** | Veleshta | 716 | 9.3 | 5,035 | 5,833 | 829 | 19 | 1 | **849** |
| **8** | Visni | 1,040 | 20.3 | 28 | 14 | 159 | 767 | 1,052 | **1,978** |
| **9** | Vranishte | 699 | 5.8 | 1,428 | 1,516 | 504 | 4 | - | **508** |
| **10** | Globocica | 660 | - | - | - | - | - | - | **-** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **11** | GornaBelica | 1,120 | - | 2 | 1 | - | - | - | **-** |
| **12** | GornoTatesi | 730 | 7.4 | 876 | 1,146 | 324 | 105 | 266 | **695** |
| **13** | Delogozdi | 770 | 15.1 | 2,230 | 2,920 | 564 | 234 | 622 | **1,420** |
| **14** | Dobovjani | 700 | 1.0 | 434 | 475 | 79 | 7 | 1 | **87** |
| **15** | DolnaBelica | 730 | 6.4 | 891 | 1,025 | 524 | 63 | 3 | **590** |
| **16** | DolnoTatesi | 715 | 5.2 | 590 | 699 | 221 | 49 | 210 | **480** |
| **17** | Draslajca | 699 | 4.5 | 808 | 777 | 426 | 5 | - | **431** |
| **18** | Drenok | 1,095 | 7.4 | 2 | 2 | 39 | 55 | 630 | **724** |
| **19** | Zagracani | 760 | 4.8 | 1,008 | 1,074 | 320 | 123 | 9 | **452** |
| **20** | Zbazdi | 1,060 | 50.7 | 15 | 10 | 646 | 1,600 | 2,686 | **4,932** |
| **21** | Jablanica | 925 | 39.1 | 740 | 552 | 312 | 1,548 | 1,925 | **3,785** |
| **22** | Kalishta | 696 | 3.7 | 997 | 1,178 | 180 | 90 | 100 | **370** |
| **23** | Korosista | 740 | 8.8 | 1,516 | 1,715 | 269 | 182 | 361 | **812** |
| **24** | Labunishta | 915 | 20.0 | 5,961 | 5,936 | 198 | 961 | 750 | **1,909** |
| **25** | Lakaica | 1,300 | - | 7 | 3 | - | - | - | **-** |
| **26** | Livada | 708 | 3.5 | 1,328 | 1,484 | 322 | 1 | - | **323** |
| **27** | Lozani | 698 | 5.7 | 710 | 728 | 525 | 22 | - | **547** |
| **28** | Lokov | 1,325 | - | - | - | - | - | - | **-** |
| **29** | Lukovo | 805 | 13.1 | 511 | 446 | 163 | 217 | 868 | **1,248** |
| **30** | MaliVlaj | 1,000 | 9.8 | 161 | 71 | 31 | 149 | 786 | **966** |
| **31** | Mislesevo | 696 | 13.2 | 3,247 | 3,506 | 1,223 | 4 | - | **1,227** |
| **32** | Mislodezda | 945 | 9.9 | 581 | 720 | 242 | 172 | 564 | **978** |
| **33** | Modric | 940 | 16.2 | 51 | 25 | 191 | 223 | 1,178 | **1,592** |
| **34** | Moroista | 698 | 6.0 | 911 | 909 | 527 | 12 | - | **539** |
| **35** | Nerezi | 810 | 7.3 | 232 | 213 | 146 | 147 | 393 | **686** |
| **36** | NovoSelo | 720 | 1.7 | 213 | 280 | 119 | 34 | 28 | **181** |
| **37** | Oktisi | 800 | 13.3 | 2,810 | 2,497 | 355 | 454 | 425 | **1,234** |
| **38** | Piskupstina | 790 | 5.5 | 256 | 182 | 34 | 139 | 348 | **521** |
| **39** | Podgorci | 910 | 13.6 | 2,231 | 2,160 | 256 | 480 | 567 | **1,303** |
| **40** | Poum | 960 | 12.3 | 188 | 168 | 174 | 313 | 712 | **1,199** |
| **41** | Prisovjani | 1,040 | 20.2 | 9 | 10 | 195 | 430 | 1,368 | **1,993** |
| **42** | R'zanovo | 1,250 | - | - | - | - | - | - | **-** |
| **43** | Radozda | 700 | 7.9 | 844 | 808 | 59 | 187 | 505 | **751** |
| **44** | Radolishta | 760 | 14.3 | 2,893 | 3,119 | 336 | 237 | 814 | **1,387** |
| **45** | Selci | 1,075 | 27.9 | 6 | - | 30 | 844 | 1,895 | **2,769** |
| **46** | Struga | 721 | 8.2 | 15,641 | 16,559 | 625 | 11 | 4 | **640** |
| **47** | Tasmarunishta | 800 | 9.4 | 209 | 210 | 77 | 233 | 616 | **926** |
| **48** | Toska | 880 | - | - | - | - | - | - | **-** |
| **49** | Frangovo | 810 | 9.4 | 1,554 | 1,739 | 124 | 138 | 648 | **910** |
| **50** | Dzepin | 720 | - | 345 | 424 | - | - | - | **-** |
| **51** | **Shum** | **702** | **-** | **750** | **837** | **-** | **-** | **-** | **-** |

Селата се протегаат лево и десно од течението на реката Црн Дрим,
- Лево од Дрим на источниот подгор на Јабланица селата од Струшки Дримкол и две села на брегот на езерото и две планински села на падините на Јабланица.

- Во планинскиот подгор на Јабланица селата од Дримкол
- Од десната страна на Дрим се наоѓа пределот Малесија, а посеверно од неа пределот Дебарска Жупа
- На јужниот подгор од Караорман и наработ од полето
- На дното од Струшко Поле

Селата во Општина Струга претежно се од збиен тип.

**Бројното движење на населението** претставува основна демографска компонента, која ги покажува демографските карактеристики и динамиката за движење на сите демографски компоненти кои се од големо значење во процесите на планирање на локалните политики кои се во надлежност на Општината согласно Закон за Локална самоуправа.

Сумарните податоци за населението согласно Пописот 2021 за општина Струга се дадени во табеларниот приказ подолу:

| **Општина Струга** | **Вкупно резидентно/нередизентно население** | **Домаќинства** | **Станови** |
|---|---|---|---|
| **2021** | 50980/70103 | 14606 | 22668 |
| **2002** | 65395 | 14485 | 18300 |

Според официјалните податоци на ДЗС за пописните години 2002 и 2021 евидентно е зголемување на бројот на жители на ниво на општина Струга. Во 2002 година бројот на попишани е вкупното население на општината, додека со новата методологија населението се дели на резидентно и нерезидентно со што е овозможено подобра слика за бројното движење на населението. Од табелата се гледа дека општина Струга е општина со видок степен на нерезидентно население со 27,3%. Ова е крајно неповолен миграциски индекс со оглед на фактот дека најголем процент од нерезидентното население е младо работспособно население во репродуктивен период. Според типот на миграции, најголем процент отпаѓа на надворешни миграции надвор од границите на државата со најголем број на исселеници во Германија, Италија, Швајцарија и Словенија. Во последните години се бележи и бројот на сезонски миграции на население кое најчесто заминува на краткотрајно вработување во сектор туризам и угостителство во Република Хрватска или Црна Гора.

Со оглед на фактот дека општина Струга спаѓа во регионот на најголема туристичка активност во државата неопходни се преземање на поактивни мерки во делот на обучување кадар и задржување на младото население како не би се довело во прашање функционирањето на секторот во целина во делот на давање на услуги.

| Населени места – Општина Струга Попис 2021 | | |
|---|---|---|
| **1. Безово** | 18. Дренок | 36. Ново Село |
| **2. Биџево** | 19. Заграчани | 37. Октиси |
| **3. Богојци** | 20. Збажди | 38. Пискупштина |
| **4. Бороец** | 21. Јабланица | 39. Подгорци |
| **5. Брчево** | 22. Калишта | 40. Поум |
| **6. Буринец** | 23. Корошишта | 41. Присовјани |
| **7. Велешта** | 24. Лабуништа | 42. Р'жаново |
| **8. Вишни** | 25. Лакаица | 43. Радожда |
| **9. Враниште** | 26. Ливада | 44. Радолишта |
| **10. Глобочица** | 27. Ложани | 45. Селци |
| **11. Горна Белица** | 28. Локов | 46. Струга |
| **12. Горно Татеши** | 29. Луково | 47. Ташмаруништа |
| **13. Делогожди** | 30. Мали Влај | 48. Тоска |
| **14. Добовјани** | 31. Мислешево | 49. Франгово |
| **15. Долна Белица** | 32. Мислодежда | 50. Џепин |
| **16. Долно Татеши** | 33. Модрич | 51. Шум |
| **17. Драслајца** | 34. Мороишта | |
| | 35. Нерези | |

| **Општина Струга** | | | | | | | | | **Возраст** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пол | Вкупно | 0-4 | 5-9 | 10-14 | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 |
| | Вкупно | 50980 | 2752 | 3147 | 3000 | 3107 | 3301 | 3912 | 3800 |
| | Мажи | 25355 | 1426 | 1655 | 1551 | 1577 | 1666 | 1987 | 1982 |
| | Жени | 25995 | 1326 | 1492 | 1449 | 1530 | 1635 | 1925 | 1818 |

| **Општина Струга** | | | | | | | | | | | **Возраст** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 35-39 | 40-44 | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-64 | 65-69 | 70-74 | 75-79 | 80-84 | 85+ |
| **Вкупно** | 3424 | 3349 | 3584 | 3420 | 3696 | 3376 | 20708 | 2076 | 1167 | 752 | 409 |
| **Мажи** | 1741 | 1636 | 1745 | 1637 | 1842 | 1642 | 1346 | 914 | 512 | 308 | 188 |
| **Жени** | 1683 | 1713 | 1839 | 1783 | 1854 | 1734 | 1362 | 1162 | 655 | 444 | 221 |

**Половата структура** на населението го покажува бројниот сооднос на машкото и женското население во однос на вкупното население. Оваа структура на населението е важна за физиолошката рамка за биолошка репродукција на населението во одредена област (Маџевиќ М. 2007).

Бројот на машките и женските лица во рамките на една средина обично се разликува до одреден степен, но во случаите, кога се појавуваат големи разлики настануваат сериозни промени и проблеми во останатите структури на населението, а тоа остава сериозни последици врз развојот на населението

Во однос на половата структура може да се воочи дека половата структура соодносот на машко и женско население е воедначен, без присуство на значителен полов дисбаланс. Машкото население е застапено со 49.73%, додека женското со 50.99% од вкупното резидентно население.
Структурата по возрасни групи ни ја покажува динамиката и бројната состојба на населението. Овие показатели се важни во однос на планирањето на соодветна структура и капацитети за давање на услуги согласно потреби на групите. Од овие податоци може да се согледа потребата за проширување или намалување на капацитети на градинки, потребата од отворање на старечки домови, потребата од планирање на оптимизација на училишната мрежа.

| **Општина Струга** | **Вкупно попишани** | | | **Вкупно резидентно население** | | | **Вкупно нерезидентно население** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно 70103 | Мажи 35740 | Жени 34363 | Вкупно 50980 | Мажи 25355 | Жени 25625 | Вкупно 19123 | Мажи 10385 | Жени 8738 |
| **Македонци** | 16295 | 8139 | 8156 | 14900 | 7366 | 7534 | 1395 | 773 | 622 |
| **Албанци** | 41863 | 21576 | 20287 | 25785 | 12912 | 12873 | 16078 | 8664 | 7414 |
| **Турци** | 4352 | 2155 | 2197 | 3472 | 1649 | 1823 | 880 | 506 | 374 |
| **Роми** | 178 | 93 | 85 | 177 | 92 | 85 | 1 | 1 | - |
| **Власи** | 539 | 309 | 230 | 492 | 286 | 206 | 47 | 23 | 24 |
| **Срби** | 74 | 45 | 29 | 68 | 41 | 27 | 6 | 4 | 2 |
| **Бошњаци** | 130 | 69 | 61 | 95 | 48 | 47 | 35 | 21 | 14 |
| **Други неспомнати** | 3048 | 1579 | 1469 | 2420 | 1217 | 1203 | 628 | 362 | 266 |
| **Не се изјасниле** | 27 | 13 | 14 | 27 | 13 | 14 | - | - | - |
| **Непознато** | 37 | 40 | 27 | 14 | 9 | 5 | 53 | 31 | 22 |
| **Лица за кои податоците се преземени од административни извори** | 3550 | 1722 | 1808 | 3530 | 1722 | 1808 | | | |

| **Вкупно работоспособно население на возраст од 15 и повеќе според возраст, пол и економската активност, по општини, Попис 2021** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | Работоспособно население – ВКУПНО | | | Активно население – ВКУПНО | | | Активно население – вработени | | |
| | Пол – ВКУПНО | Мажи | Жени | Пол – ВКУПНО | Мажи | Жени | Пол – ВКУПНО | Мажи | Жени |
| **Возрасна група – ВКУПНО** | 42081 | 20723 | 21358 | 17656 | 10873 | 6783 | 13855 | 8553 | 5302 |
| **15-19** | 3107 | 1577 | 1530 | 336 | 219 | 117 | 122 | 83 | 39 |
| **20-24** | 3301 | 1666 | 1635 | 1514 | 928 | 586 | 940 | 587 | 353 |
| **25-29** | 3912 | 1987 | 1925 | 2491 | 1435 | 1056 | 1913 | 1095 | 818 |
| **30-34** | 3800 | 1982 | 1818 | 2495 | 1489 | 1006 | 2039 | 1231 | 808 |
| **35-39** | 3424 | 1741 | 1683 | 2221 | 1305 | 916 | 1854 | 1095 | 759 |
| **40-44** | 3349 | 1636 | 1713 | 1997 | 1183 | 814 | 1663 | 1003 | 660 |
| **45-49** | 3584 | 1745 | 1839 | 2027 | 1268 | 759 | 1619 | 1017 | 602 |
| **50-54** | 3420 | 1637 | 1783 | 1778 | 1130 | 648 | 1430 | 898 | 532 |
| **55-59** | 3696 | 1842 | 1854 | 1732 | 1125 | 607 | 1379 | 881 | 498 |
| **60-64** | 3376 | 1642 | 1734 | 974 | 722 | 252 | 816 | 600 | 216 |
| **65+** | 7112 | 3268 | 3844 | 91 | 69 | 22 | 80 | 63 | 17 |

| **Вкупно работоспособно население на возраст од 15 и повеќе според возраст, пол и економската активност, по општини, Попис 2021** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Работоспособно население – ВКУПНО | | | Активно население – невработени | | | Вкупно неактивно население | | | Непознато | | |
| | Пол – ВКУПНО | Мажи | Жени | Пол – ВКУПНО | Мажи | Жени | Пол – ВКУПНО | Мажи | Жени | Пол – ВКУПНО | Мажи | Жени |
| **ВКУПНО** | 42081 | 20723 | 21358 | 3801 | 2320 | 1481 | 23325 | 9356 | 13969 | 1100 | 494 | 606 |
| **15-19** | 3107 | 1577 | 1530 | 214 | 136 | 78 | 2671 | 1304 | 1367 | 100 | 54 | 46 |
| **20-24** | 3301 | 1666 | 1635 | 574 | 341 | 233 | 1698 | 703 | 995 | 89 | 35 | 54 |
| **25-29** | 3912 | 1987 | 1925 | 578 | 340 | 238 | 1328 | 521 | 807 | 93 | 31 | 62 |
| **30-34** | 3800 | 1982 | 1818 | 456 | 258 | 198 | 1191 | 447 | 744 | 114 | 46 | 68 |
| **35-39** | 3424 | 1741 | 1683 | 367 | 210 | 157 | 1089 | 385 | 704 | 114 | 51 | 63 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **40-44** | 3349 | 1636 | 1713 | 334 | 180 | 154 | 1235 | 392 | 843 | 117 | 61 | 56 |
| **45-49** | 3584 | 1745 | 1839 | 408 | 251 | 157 | 1450 | 422 | 1028 | 107 | 55 | 52 |
| **50-54** | 3420 | 1637 | 1783 | 348 | 232 | 116 | 1534 | 455 | 1079 | 108 | 52 | 56 |
| **55-59** | 3696 | 1842 | 1854 | 353 | 244 | 109 | 1873 | 667 | 1206 | 91 | 50 | 41 |
| **60-64** | 3376 | 1642 | 1734 | 158 | 122 | 36 | 2318 | 885 | 1433 | 84 | 35 | 49 |
| **65+** | 7112 | 3268 | 3844 | 11 | 6 | 5 | 6938 | 3175 | 3763 | 83 | 24 | 59 |

Вкупното работоспособно население по групи е показател на движењето и ресурсите на работна сила и степенот на ангажираност на работоспособното население.
Врз основа на овие показатели, во соработка со АВРМ и бизнис заедницата на локално ниво може да се креираат мерки и програми кои може да опфатат мерки на поддршка на отворање на сопствен бизнис, преквалификаци и доквалификации, потребите на бизнис секторот. Истотака овие податоци ги покажуваа тенденциите кои може да се очекуваат во идниот период.
Клучни наоди

**Клима**

Општо земено климата во општина Струга е континентална, но поради влијанието на суптропската медитеранската клима е релативно блага и покрај големата надморска висина и се карактеризира со долги топли лета и благи зими. Со преградување на речното корито на Црн Дрим, се забележува преовладување на континенталната клима и намалување на медитеранската што условува поладни и подолги зими во последните децении.

Поради влијанието на овие два типа на клима, температурите се умерени во текот на целата година и не се забележуваат екстремни варирања.

Максималните воздушни температури во месеците јули и август можат да варираат од 28$^{o}$C – 36$^{o}$C. Во летната сезона односно месеците јули и август, температурата на водата може да достигне дури 22,4 С.

Просечниот број на денови со летна температура на воздухот повисока од 25 степени и на површинскиот дел на водата од езерото од 20 степени, изнесува од 73-78 денови, со најголем интензитет во јули и август.
Во зимскиот период од годината средно месечните температури се над нулата.

Во планиските делови над 1600 м.н.в. температурите пониски од 0 степени започнуваат од декември до крајот на март.

**Инсолација**

Инсолацијата во Струга и струшкиот регион е мошне висока со 2171час годишно,Струга го зазема првото место во Нашата држава или 49% од вупната годишна инсолација. Инсолацијата е различна во различните годишни времиња така што вредноста на инсолацијата е највисока во месец Август и изнесува 286,1 час, а најниска е во Декември, кога изнесува52,1 час. Во месеците

јули и август просечната инсолација стигнува од 10 до 12 часа, со што позитивно влијае во општата клима на градот Струга.

**Облачност**

Според статистичките податоци во Струга и струшката котлина облачноста е најголема во декември и изнесува до 7,6 часа, а најмала во август кога се спушта на 1,4 часа дневно.

**Врнежи**

Врнежите од дожд во Струшката котлина во зависност од апсолутната височина се движат од 600 – 1000мм а умерената влажност на воздухот изнесува од 70 – 83 %мм. А на околните планини достигнува од 2000-2500мм дожд ,тој пример е планината Јабланица.
Во струшката котлина во просек годишно има 117 врнежливи денови.

Снежната покривка се јавува во ноември месец и трае во период од 4 месеци, а нејзината просечна дебелина се движи од 20 см во градот до 72 цм во планинските предели, а просечниот број на денови со снег изнесува 21,2 дена. Снегот во вкупното количество на врнежи учествува со 14 – 15%.

**Ветрови**

Со оглед на географската положба на Струга, отвореноста на струшката котлина, планините околу градот како и близината на езерото, се појавува струење на воздушната маса речиси од сите страни.
Ветровите се делат на постојани и локални.

Во постојани ветрови спаѓаат ветровите што доаѓаат од југ и од север.
Ветровите од север обично доаѓаат по долината од реката Црн Дрим и носат свежина, ги има претежно во зимскиот период . Јужниот ветер дува обично во март и април, а поретко во мај и во есенскиот и зимскиот период. Јужниот ветер е погоден за лов на јагула, а најсилен е во пролет и зима кога носи дожд.

Локалните ветрови се производ на нееднаквото загревање на копното и езерската водена маса.

Карактеристичен ветер за Охридското Езеро е ветерот Стрмец. Доаѓа од околните планини и затоа е студен, дува преку цела ноќ до изгрејсонце со тивок ветер.

**Природни ресурси Хидрографија**

Територијата на Охридско-Струшката котлина изобилува со богато разгранета хидрографска мрежа. Се среќаваат повеќе хидрографски форми како подземни води, извори и врутоци, другипротечни води, природни(тектонски и леднички) и вештачки езера.

Охридското Езеро претставува најголема водна површина во Нашата држава и е сместено во Охридската котлина меѓу варовитата Галичица на исток и Јабланичка и Мокра Планина на запад.

Денешнато ниво на езерото се наоѓа на 695 надморска височина, односно пониско од првобитното за 265 метри. Езерото има издолжена форма. Најдолго е во правец север –југ,од Струга до Св.Наум. Околу 40% од површината на дното на езерото се наоѓа под 200м длабочина, додека најголемата длабочина изнесува 286 метри.

Езерото се снабдува со вода преку подземните канали низ Галичица од водите на Преспанско Езеро. Најбројните и најбогатите извори (околу 80 извори) се наоѓат меѓу Св.Наум, Р. Македонија и ТушемиштаР.Албанија,на должина од 5 км.

Во басенот на Охридското Езеро има околу 50 милјарди $м^3$вода,а езерото има површина од 348$км^2$. Реката Црн Дрим е единствениот истек на Езерото.Црн Дрим е регулатор на нивото на водата во езерото. Во долината на Охридско Езеро има две вештачки езера : Глобочица и Дебарско езеро .

Од другите хидрографски ресурси поголемо значење имаат: Црн Дрим , Сатеска, Глобочичкото Езеро, Глацијалните езера на планината Јабланица, Горно-Беличките и Вевчанските извори и врелото Шум.

Во општината се регистрирани повеќе извори со издашност од 4 па се до над 30 литри во секунда.

**Планини**

Планината Јабланица се наоѓа на запад општина Струга, нејзината меридијанска должина изнесува 45 км, додека ширината достигнува 25 км. Највисок врв е Стрижак (2.233м). Изобилува со карактеристична флора и фауна изразена во ендемски врсти. Планината има вкупна денивелација од околу 10000 метри што претставува можност за трасирање на скијачки патеки.Караорман се наоѓа на северната страна на општина Струга, се протега во меридијански правец север – југ, со врвот Орли Врв (1.794м). На оваа планина се наоѓа областа Малесија која опфаќа неколку рурални населби.

**Минерали и руди**

Наоѓалишта на камен јаглен – лигнит се лоцирани во струшката котлина и се наоѓаат во северниот дел во селото Пискупштина каде постои површински коп за експлоатација. Од другите видови минерали познати се карактеристичните видови камен кои се користат во градежништвото за поплочување, а се експлоатираат во околината на Вевчани и други села кои се наоѓаат на падините на околните планини.

**Растителен и животински свет Растителен свет**

Течението на реката Црн Дрим со нејзината длабока клисура, геолошката подлога, конфигурацијата на теренот, местоположбата и посебните климатски карактеристики овозможуваат опстанок на поголем број растителни видови кои живеат само во овој регион.

Во Струшкото Поле застапена е мочуришна вегетација,а во крајбрежјето на езерото е присутна трската.

Во потпланинскиот раб на Јабланица е распространета виновата лоза, потоа започнува шумата на питомиот костен, над костенот е дабова шума, а над неа букова шума.

На планинските предели се сретнуваат голем број планински лековити, украсни растенија и бројни видови печурки.

**Животински свет**

Струшката котлина изобилува со разновиден животински свет. Одредени животински видови потекнуваат од далечното геолошко минато и претставуваат уникатни претставници на животинскиот свет што живеат само во овие предели. Листата на ендемски видови на планината Јабланица вклучува два ендемски вида карактеристични само за ова место, седум видови за кои Јабланица е единствен познат локалитет во Македонија и уште 20 видови кои се прогласени како многу ретки.

Повеќето видови цицачи со исклучок на малите можат слободно да се третираат како загрозени со опасност од исчезнување на поедини видови. Еден од загрозените видови претставува и рисот кој воедно претставува и амблем на Нашата држава.

По околните планини живеат неколку вида крупен дивеч и тоа: мечка, волк, рис, срна, дива мачка, дива коза, дива свиња.

Карактеристични претставници на Струшкиот блатски обалски регион се и блатните птици: диви патки, чапји, жерав, штрк, лиска и блатни кокошки.

**Животински и растителен свет во водите на Охридското Езеро**

Охридското Езеро со својот разновиден животински и растителен свет претставува ризница на ретки и ендемски видови. Растителниот и животинскиот свет во Охридското езеро речиси не се изменил од неговото создавање до денес. Најкарактеристични ендемски врсти кои живеат во езерото се охридската белвица и слатководниот сунѓер и секако најпознатата охридска пастрмка.

Во езерото се застапени околу 146 видови организми. Има вкупно 17 видови риби кои припаѓаат на три групи: пастрмки, бели риби и јагули.

Групата на водоземци ги претставуваат жабите, а групата на влекачите неколку видови водни змии.

Според досегашните податоци флората во Охридско Езеро е застапена со повеќе од 750 растителни видови ( алги, лишаи, габи, локвањ).

**Екологија**

Општината Струга се наоѓа на едно од најчистите езера пребогато со ендемски форми на живот, прекрасни реки, шумовити планини со специфична флора и фауна.

Охридското езеро во кое спаѓа и дел на регионот на општина Струга е заштитено од меѓународната организација УНЕСКО.

Од еколошки аспект за општината и неговата поблиска околина важат истите забелешки и согледувања кои важат за глобалното еколошко загадување.

Карактеристика за Струшкиот регион е непланска експлоатација на шумите, користење на дрвото и јагленот за добивање топлинска енергија, непостоење на прописна општинска депонија за цврст отпад, недовршен колекторски систем, проблем со регулирање на текот на реката Сатеска, немање соодветна заштита на крајбрежниот појас со трски, слаба контрола и непревземање санкции против рибокрадците и ловокрадците и др.

Моментално, во сферата за заштита на околината активно функционираат околу 12 невладини организации во урбаниот и руралниот дел од општината. Истите работат во неколку области и тоа:

-во областа на ***биолошката разновидност***, активностите се однесуваат на промоција и заштита и одржливо користење на водните и крајбрежните екосистеми, шумските екосистеми и планинските екосистеми

-во областа на ***климатските промени*** активностите се однесуваат на енергетска ефикасност и промовирање на користењето на обновливи извори на енергија

-во областа на ***интернационалните води*** активностите се однесуваат на еколошкиот акцент на меѓуграничните водни површини, заканите од површинското и подземното загадување што го одредуваат квалитетот на водите

-во областа на ***деградација на земјиштето*** активностите се однесуваат на :интегрирано управување со водените површини, заштита на земјиштето, пошумување, заштита од шумски пожари и сл.

**Управување со отпад**

Организираното и секојдневно одржување на хигиената во градот, одрување на зеленилото, уредно функционирање на градскиот пазар и сервисот на потребни услуги се појдовни дејности кои ги обавува ЈП „Комунално“ – Струга. Имајќи ги во предвид широкиот спектар на потребни услуги својата структурна поставеност ја има организирано во работни единици, сектори и одделенија. Одделението за паркови и зеленило во состав на Р.Е. Холтикултура ги одржува зелените површини на територијата на градот Струга. И тоа паркови во Централното Градско подрачје, зелените површини на сообраќајниците, дрворедите, парк шумите и цветните леи. Вкупната површина која треба да се одржува изнесува 66 800 м2².

Во состав на ова одделение работи и цвеќарата која произведува сезонски цвеќиња.

Градското и приградското зеленило се одржува на површина од 133.800,00 м² и претежно е лоцирано во Централното Градско подрачје, редовно се одржуваат тревните површини со косење, полевање, засадување со сезонско цвеќе и друг засадувачки материјал.

Во состав на работната единица комунална хигиена покрај одделението за јавна хигиена, работи и одделението услужна хигиена чиј домен на работа се следниве задачи : собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад.

Во состав на работната единица комунална хигиена функционира оделението механизација, која претставува основа за обезбедување услови за работа на основната дејност како и на останатите дејности.

Во склоп на секторот работи и одделението гробишта со капела. Градските православни гробишта со кои стопанисува ЈП Комунално лоцирани се месноста Лениште локалитет мала мера на влезот во Струга од западна страна и во моментов зафаќаат површина од 15 000 $M^2$ . Муслиманските гробишта се наоѓаат веднаш наспроти градскиот стадион за фудбал со површина од 25.000м2 и со нив управува Исламската Верска Заедница од Струга.

Градскиот пазар во Струга е организиран за продажба на земјоделски производи. А во посебен издвоен дел е организирано продажба на текстил и бижутерија. За управувањето со паркинзите во градот Струга формирано е посебно јавно претпријатие Еко Струга.

Во селото Октиси за управување со комуналниот отпад формирано е ЈП Октиси. Во склоп на неговата програма е и јавната чистота на населбата во доменот на работа на ЈП Октиси.

Во село Лабуништа постои јавното комунално претпријатие ЈКП Хигиена кое ги извршува следните задачи : собирање , транспортирање и депонирање на комуналниот отпад што се создава во текот на секојдневниот живот и работа во индивидуални домаќинства, дворните како и во работните простории. Со собирање на комунален смет опфатена е целата територија на населбата - Лабуништа.

Село Делогожда исто така има свое јавно претпријатие за управување со водоводот и собирањето на отпадот.

**ОТПАД**

Општина Струга нема постојана депонија каде би се депонирал отпадот. Постои само привремена депонија која се наоѓа во непосредна близина на градот.
Привремената депонија не ги задоволува елементарните санитарни стандардни прописи. На локацијата во изградба е трансфер станица за пресување на отпад како дел од идниот систем за регионално управување со отпад.

| жители | туристи | Сезонски жители | Отпад туристи по ноќ кг | Отпад годишно население | Отпад тони од постојани | Отпад туристи тони | Вкупно создаден отпад | Вкуно собран отпад тони | Покриен со услуги |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 65.202 | 400.857 | 1.098 | 1,2 | 174 | 11.352 | 481 | 11.833 | 8.815 | 74% |

***Креиран и собран отпад по генератори на отпад***

| | 2016 | 2021 | 2026 | 2031 |
|---|---|---|---|---|
| Струга | 174 | 174 | 175 | 176 |
| Урбан дел | 189 | 189 | 189 | 189 |
| Рурален дел | 152 | 152 | 152 | 152 |

***Стапка на создаден отпад кг/жител/годишно***

| Градинарски отпад | 14,26% | Алуминиум | 1% | Текстил | 6,72% |
|---|---|---|---|---|---|
| Биоразградлив отпад | 30,88% | Композитни материјали | 1,48% | Кожа | 1,22% |
| Хартија | 6,98% | Пластична амбалажа | 1,64% | Пелени | 6,61% |
| Картон | 5,49 | Пластични кеси | 6,35% | Дрво | 1,02% |
| Стакло | 5,04 | ПЕТ амбалажа | 2,96% | Друг отпад | 4% |
| Метал | 1,57 | Друга пластика | 2,22% | | |

***Состав на собран отпад во Југозападниот регион***

| | | површина | отпад |
|---|---|---|---|
| Струга | Струшко поле-Моришки мост | 35,000м2 | 297,500м3 |
| Струга | Градски гробишта | 5,000м2 | 5,000м3 |
| Струга | Кај Ќафасан | 10,980м2 | 43,900м3 |
| | | | |

***Затворени депониии во регионот на Општина Струга***

| | **Регистрирани диви депонии Општина Струга** | | |
|---|---|---|---|
| **1** | 7470717; 4562676 | Долна Белица и Враниште | **до асфалтна база Илинден - локација на депонија за градежен отпад** |
| **2** | 7471168; 4562826 | на патот за градежната депонија | **Кај Каменолом Ми-транс-градежен отпад** |
| **3** | 7473270; 4560586 | на патот од градежната депонија | **мешовит отпад** |
| **4** | 7473253; 4560476 | Патен правец Струга- Ќафасан | **градежен отпад на приватен имот градежен отпад на приватен имот** |
| **5** | 7473293; 4559805 | Патен правец Струга- Ќафасан | |
| **6** | 7471884; 4559185 | Во близина на центарот на градот | **градежен отпад** |
| **7** | 7471085; 4557126 | н. Калиште | **градежен отпад** |
| **8** | 7471160; 4557900 | н. Калиште -долж брегот | **мешовит отпад** |
| **9** | 7471160; 4557900 | н. Калиште -долж брегот | **градежен отпад** |
| **10** | | **по пат Струга - с. Белица** | **градежен отпад од двете страни на патот** |

**Економија**

Во недостаток на поединечни податоци по општини за учеството на БДП на општина Струга во вкупниот национален БДП ќе бидат презентирани податоци од Југозападниот Плански регион во кој и припаѓа општината. Бруто домашниот производ по глава на жител покажува голема нереамномерност на ниво на држава. Во тој поглед учеството на Југозападниот плански регион е доста скромна. Според податоците дадени во 2009 г. БДП по жител во 2007 во овој регион изнесува 110.771 денар според паритетот на куповната моќ. Ако се земе во предвид дека просекот на ниво на држава изнесува173.385 денари може да се види јасна диспропорција. Индексот на БДП во југозападниот плански регион има индекс од 63,9 под просекот на државата. Учеството на Југозападниот плански регион во создавањето на БДП на Нашата држава изнесува 6,9 %.

Врз основа на горенаведеното може да се заклучи релативното слабо учество на Југозападниот регион во создавањето на БДП на Нашата држава.

Поегзактни анализи за локалната економија можат да се вршат само врз база на податоците за бројот на деловните субјекти според видот и секторите на дејност и според податоците за вработеноста во општината.

**Број и структура на деловните субјекти**

Економската структура на општина Струга, според секторите на дејности е претставена во следнава табела:

| *АКТИВНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ДЕКЕМВРИ 2018* | | |
|---|---|---|
| **Вкупно** | 2134 | **100.00%** |
| **Земјоделство, шумарство и рибарст.** | 48 | **2.25%** |
| **Преработувачка инд.** | 198 | **9.28%** |
| **Градежништво** | 258 | **12.09%** |
| **Трговија на големо и мало;** | 727 | **34.07%** |
| **Транспорт и складирање** | 123 | **5.76%** |
| **Објекти за сместување и храна** | 237 | **11.11%** |
| **Информации и комуникации** | 28 | **1.31%** |
| **Финансиски дејности осигурување** | 12 | **0.56%** |
| **Стручни, научни и тех.дејнос** | 155 | **7.26%** |
| **Административни и помошни услужни дејности** | 48 | **2.25%** |
| **Образование** | 22 | **1.03%** |
| **здравствена и социјална заштит** | 95 | **4.45%** |
| **Уметност, забава и рекр.** | 37 | **1.73%** |
| **Други услужни дејн.** | **120** | **5.62%** |

Од анализата на табелата може да се изведат следните заклучоци: Најдоминантно учество во економијата на општината има трговијата со учество од34,07%, по трговијата следува градежништвото со 12,09% и угостителството и туризмот со 11,11%, преработувачката индустрија со по 9,28%, додека сите останати учествуваат со околу 34,1%.

Структурата на претпријатијата според нивната големина е прикажана на табелата погоре. Од табелата може да се види дека доминантен е бројот на микро претпријатија со вкупен број 1.712 и малите претријатија со 408. Се забележува значителна бројка на микро бизниси, што укажува на локални занаети или самовработувања, додека е многу мала бројката на големи претпријатија кои би имале голем придонес во намалување на стапката на невработеност во општината.

**Работна сила, вработеност и невработеност**

Работната сила (економски активното население кое го сочинуваат вработените и невработените) во општината изнесува околу 30%. Стапката на невработеност изнесува 30,4%, а на вработеност 41,5%.

**Преглед на невработени лица во општина Струга во 2018 според место на живеење**

| | Вкупно | Град | Село |
|---|---|---|---|
| **Струга** | 2,904 | 1,245 | 1,659 |

**Преглед на невработени лица во општина Струга во 2018 според образование**

| Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| **2904** | **1375** | **1229** | **537** | **395** | **118** | **766** | **395** | **36** | **14** | **446** | **290** | **32** | **21** | **0** | **0** |

**Преглед на невработени лица во општина Струга во 2018 според старосна структура**

| Вкупно | | од 15 до 19 години | | од 20 до 24 години | | од 25 до 29 години | | од 30 до 34 години | | од 35 до 39 години | | од 40 до 44 години | | од 45 до 49 години | | од 50 до 54 години | | од 55 до 59 години | | од 60 години и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 2904 | 1375 | 52 | 27 | 253 | 149 | 341 | 184 | 270 | 144 | 267 | 140 | 270 | 117 | 285 | 125 | 342 | 163 | 471 | 225 | 353 | 101 |

**Преглед на невработени лица во општина Струга во 2018 според национална припадност**

| Вкупно | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 2904 | 1375 | 1715 | 863 | 914 | 404 | 51 | 23 | 30 | 16 | 2 | 0 | 3 | 0 | 2 | 0 | 187 | 69 |

**Преглед на инвалидизирани лица во општина Струга во 2018 според старосна структура**

| Вкупно | | од 15 до 19 години | | од 20 до 24 години | | од 25 до 29 години | | од 30 до 34 години | | од 35 до 39 години | | од 40 до 44 години | | од 45 до 49 години | | од 50 до 54 години | | од 55 до 59 години | | од 60 години и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 17 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 3 | 0 | 1 | 0 | 3 | 2 | 3 | 1 | 4 | 2 | 0 | 0 |

Од погоре наведените прегледи за структурата на невработеноста може да се изведат следниве констатации;

- Според полот, од вкупниот број невработени лица во општина Струга (2904), жени се 1375 (47,3%) а мажи се 1529(52,7%).
- Според возрасната граница, најмногу невработени се на возраст од 50 нагоре или вкупно 1166лица или 40,15% .
- Според квалификуваноста, најголем број невработени се без образование или со основно училиште 1229 или 42,32% од вкупно невработените лица.

- Според националната припадност, најголем број се Македонци - 1715 лица(59,05%), па следуваат Албанците со 914 лица(31,47%)
- Според местото на живеење, 42,87% или 1245 невработени лица живеат во градот, а 57,13% или 1659 лица се од селата;
- Невработеноста на младото население (како % од работната сила на возраст од 15 до 24 години) изнесува 8,7%.
-

| **Вид на осигуреник** | **Број** |
|---|---|
| Број на осигуреници по сите основи | 9354 |
| Носители на јавни функции | 5 |
| Физички лица кои вршат самостојна дејност и самостојни уметници | 269 |
| Осигуреници од Внатрешни работи и агенција за разузнавање | 32 |
| Осигуреници според законот за зголемување на вработувањето | 12 |
| Вработени лица до 29 години | 84 |
| Вработени до 35 години | 261 |
| Вработени од 35-50 години | 87 |
| Вработени над 50 години | 78 |
| Вработени над 58 години | 13 |
| Замена на работник на породилно отсуство | 4 |
| Невработени лица од 35-50 години ослободени до 60 месеци неплаќање на придонеси | 70 |
| Невработени лица над 50 години ослободени до 60 месеци неплаќање на придонеси | 40 |
| Невработени лица ослободени до 36 месеци неплаќање придонеси до 35 години | 230 |
| **Индивидуални земјоделци** | **239** |

**Опис на поважните економски сектори**

**Текстилна Индустрија**

Традиционално Струга е позната како производител на завеси и трикотажа. Оваа стопанска гранка во минатото вработувала најмногу луѓе во општината (околу 3000 лица). Во периодот на транзиција повеќето од поголемите капацитети не успеале адекватно да се прилагодат на новите услови и дел од нив се приватизирале, а дел уште се во фаза на приватизација и рестартирање.
Во меѓувреме се појавија многу мали текстилни фирми кои претежно работеа конфекционирање за познат купувач – лоан систем. Дел од нив прераснаа во лидери на новата текстилна индустрија во Струга како што се Кимико и Кимико-Гардине.

Краткорочно, оваа индустрија влијае позитивно на намалување на социјалните тензии бидејќи вработува голем број луѓе (околу 1000). Долгорочно, текстилната индустрија има тенденција на опаѓање и не е перспективна.

**Дрвна Индустрија**

За стопанисување со шумите во општина Струга одговорно е Ј.П. Македонски Шуми подружница Јабланица. Околу 90% од шумите се во државна сопственост.
До крајот на 90те години, најголемиот капацитет во општината беше дрвниот комбинат, кој покрај основната дејност имаше и секундарни дејности (паркетара, производство на резана граѓа и преработка на дрвото).

Развојот на дрвната индустрија оди во нагорна линија од 90те години наваму. Неколку локални фирми имаат поголеми погони за производство на мебел се извозно ориентирани. Лидери во производството на мебел се фирмите Барок и Лачка.
Во општината постојат голем број мини-пилани кои произведуваат резана граѓа за градежништвото.

**Градежна Индустрија**

Традиционално, Струшкиот крај е познат по своите неимари-градежници кои работеле на целиот Балкански Полуостров и низ светот. Таа традиција во периодот меѓу 1945- 1990 била организирана преку неколку големи фирми кои работеле на изградба на инфраструктурата и на големите индустриски капацитети.

Во периодот на транзицијата, големите фирми се приватизираа и се појавија многу нови мини-градежни фирми со потесна специјализација и модерен градежен парк. Поголем дел од сопствениците на тие фирми, искуството го стекнале работејќи во странски градежни фирми. Истовремено се појавија и фирми кои почнаа со производство на современи градежни материјали, како и готови елементи за градежната индустрија.

**УСЛУГИ**

**Трговија**

Во градското подрачје функционираат големи маркети со добра покриеност на градот и снабденост со стока, која ги задоволува потребите на потрошувачите. Во централното градско подрачје се наоѓа зелен пазар кој е релативно добро снабден, меѓутоа просторно и функционално има мал капацитет за да опслужи поголем број на граѓани посебно во летниот период кога има зголемен број на луѓе.Во следната табела е прикажан бројот на трговски објекти кои се забележани при пописот на продажните капацитети во трговијата на мало во 2008 година.

**продажни капацитети и типови на продавници, по општини, според Пописот на продажните капацитети во трговијата на мало во Нашата држава, 2008**

| | Вкупно продавници | | Класични продавници | | Самопослуги | | Салони за автомобили | | Бутици | | Киосци | | Пумпни станици | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на продавници | Продажен простор во м2 | Број на продавници | Продажен простор во м2 | Број на продавници | Продажен простор во м2 | Број на продавници | Продажен простор во м2 | Број на продавници | Продажен простор во м2 | Број на продавници | Продажен простор во м2 | Број на продавници | Продажен простор во м2 |
| Струга | 756 | 56 787 | 649 | 36 711 | 79 | 7 663 | 0 | 0 | 7 | 265 | 13 | 133 | 8 | .. |

**Транспортните услуги**

Во општина Струга копнениот транспорт е организиран од страна на повеќе приватни превозници . Собраќајот со селата се одвива преку линиски превоз на патници од страна на приватни лиценцирани автопревозници.Бројот на лиценцирани фирми кои вршат такси или линиски превоз во општината изнесува 29 фирми.

Тарифата на такси превоз е составена од следните цени:
Заштитна цена до 1.5 км изнесува 40 денари, а за секој изминат километар се наплатува по 20 денари. Секоја минута чекање изнесува 5 денари.

Воздушните транспортни услуги се одвиват од аеродромот Охрид кој се наоѓа на 7 км одалечен од градот . Постојат редовни летови како и чартер летови за сите поважни светски и европски дестинации.

На 12 км на југо-запад се наоѓа граничниот премин Ќафасан кон Р. Албанија.

Во градот постои Царински терминал каде што може да се врши извозно и увозно царинење на сите видови стоки. Постојат 3 шпедитерски служби.

**Финансиски и други услуги**

Во Струга свои филијали имат најголемите банки во Р. Македонија. Банките кои ги вршат своите финансиски услуги во најголем дел се со странски капитал.

Во делот на финансиските услуги, свои финансиски услуги и своите осигурителни услуги овозможуваат осигурителните друштва кои имат свои филијали во Струга.

Осигурителните друштва претежно се со странски капитал.

Во општината свои услуги нудат голем број сметководствени фирми.

Во општината има повеќе приватни фирми кои даваат услуги од ИТ технологијата, интернет и телекомуникации.

За граѓаните достапни се и приватни адвокатски и нотарски канцеларии, како и една регионална канцеларија на судски извршител.

Поштенските услуги се вршат преку Централната Пошта во Струга и 5 истурени пошти во поголемите села.

**Земјоделство**

Во општина Струга според пописот на земјоделството од 2007 се користат околу 5914ха обработлива површина и тоа:

Ораници, бавчи и куќни градини на околу 4764 хектари Ливади на околу 813 ха,

Пасишта на околу 194 ха, Овоштарници на околу 116 ха, Лозја на 26 ха,Расадници на 0,23 ха.

Во општина Струга има регистрирано 5542 индивидуални земјоделски стопанства, со вкупно расположливо земјиште на површина од 7385 ха, од која искористената површина изнесува 5914 хектари .

**Полјоделство и овоштарство**

Главни полјоделски култури се пченицата и јачменот. Според податоците од државниот завод за статистика, во 2007 површините на кои се засадени житни култури се следните:

| **полјоделски култури** | **Површина во ха** |
|---|---|
| Пченица | 1713 |
| Јачмен | 290 |
| Пченка | 976 |
| **Останати житни култури** | **38,45** |

Овоштарството е застапено со неколку култури во општината од кои најзастапени се јаболкото и сливата со вкупен број на засадени стебла од 66.372 и 20.119 респективно. Вкупните овошни насади изнесуваат 114ха .
Вкупните лозови насади изнесуваат 26 ха.

**Сточарство**

Во 2007 во Општина Струга се регистрирани 7670 грла говеда и 20663 грла овци. Најголем проблем на сточарите е откупот на млекото.
Постојат три приватни ветеринарни друштва.

Во општина Струга има вкупно 7933 ха пасишта.
Во приватен сектор се 1383 ха , а во општествен 6550 ха.Од нив високопланински пасишта се **3950** ха и **3983** ха нископланински пасишта **.**

**Шумарство**

На подрачјето на општина Струга, шумскиот фонд е застапен на релативно големи површини. Вкупната дрвна маса на шумите во општина Струга се проценува на
1.852.456 м$^3$, со вкупен годишен прираст од 37.855 м$^3$. Ј.П. „Македонски Шуми" ПШС „Јабланица" стопанисува со вкупно површина од 24.751ха, од кои 23.128ха или околу 93,4% се наоѓаат во државна сопственост, додека 1568,86ха или 6,6% се во приватна сопственост.Површините со високо стеблести шуми изнесуваат 5.564,5 ха. и ниско стеблести на површина од 14.376,9ха. Според намената 100% од шумите се од стопански карактер. Годишната сеча во ПШС „Јабланица од Струга во последниве години изнесува околу 33000-34000м3 годишно.
Шумските пожари се честа појава предизвикана од човечки или природни фактори и често зафаќаат значителни површини под шума. Во 2012 година се забележани 48 пожари на 484 хектари со уништена дрвна маса од 790 м$^3$.

**Риболов и лов**

Охридското езеро претставува голем потенцијал за развој на риболовот во Општината, но неконтролираниот лов во минатото доведе до драстично намалување на рибниот фонд од бели риби (пастрмка, белвица) и јагула кои претставуваат главен улов од езерото. Со рибниот фонд стопанисува риболовно претпријатие кое има концесија.

Реката Сатеска постојано донесува мил и наслаги кои се таложат и ги загрозуваат мрестилиштата од пастрмката на Струшкиот дел на езерото со што придонесува за нејзино повлекување и исчезнување од овој дел на Езерото. Покрај пастрмката во езерото егзистираат и крапот, плашицата, мренката, кленот, грунецот, скобусот и др.

Во Општина Струга функционира и вештачко мрестилиште за пастрмка кое се наѓа во селото Шум.

За риболовот карактеристични се и регионите по текот на реката Црни Дрим и Глобочичкото Езеро.

На територија од Општина Струга има 4 ловишта кои се протегаат на површина од околу 35000 ха. Дивеч кој најчесто се среќава е дивата свиња и прелетниот дивеч , а исто така има и мечка и рис кои се заштитени со закон и се забранети за лов,додека срната со измената на законот е заштитена со ловостој. Во рамките на ловиштата функционира и репроцентар кој е солидна база за обнова на ловниот фонд. Стопанисувањето на ловиштата е дадено под концесија на три ловечки друштва.

**Туризам**

Општина Струга како туристичка дестинација располага со афирмирани туристички вредности кои претставуваат значаен туристички потенцијал и чие активирање треба да претставува еден од императивите за севкупниот развој во наредниот период.

Најголеми адути на Општина Струга што се однесува на туристичкиот развој и силниот пробив на меѓународниот туристички пазар се:

- одличната гео-стратегиска положба и релативно добро развиената сообраќајна инфраструктура,
- умерено-континенталната и средоземноморската клима со висок степен на инсолација преку целата година,
- исклучителен фонд на флора и фауна со голем број ендемски форми,
- простори со одлично сочувана природна средина и здрава храна,
- богатото историско минато со огромен број археолошки наоѓалишта и културно-историски споменици,
- планински масиви со извонредни услови за развој на зимските спортови,
- силно изразената традиција во доменот на гостопримството и фолклорот и тн.

Главната туристичка сезона започнува од средината на месец Јуни и трае до крајот на месец Август и почетокот на Септември. *Езерско-рекреативниот туризам* е најразвиен вид на туризам во Општината и има најповолни услови за понатамошен развој и афирмација. Во последниве години се прават напори за развивање на алтернативните видови туризам со што ќе се прошири понудата и ќе се збогати вкупниот туристички производ.

Можностите за развој на *зимско-спортскиот туризам* се однесуваат на туристичките потенцијали на планината Јабланица врз основа на погодностите на теренот за трасирање на скијачки патеки, врнежите од снег и дебелината на снежната покривка.

Руралниот туризам во Општината има тенденција на развој, што значи дека треба да се создадат услови за негов развој, дефинирање на населбите кои според своите природни, естетски и амбиентални вредности, и со соодветна комунална и инфраструктурна опременост можат да сметаат за потенцијал во наредниот период.

Според податоците од државниот завод за статистика капацитетот на угостителските и сместувачките објекти може да се види во следните табели:

**Капацитети за сместување, по општини, според Пописот на угостителството, 2008**

Од податоците во табелата може да се види дека бројот на деца од предучилишна возраст е околу 550 дечиња, што е и максималниот капацитет на градинката. Во однос на половата структура згрижени се повеќе машки деца (55.49%) во однос на женски деца (44.50%).Во однос на половата структура на вработени лица повеќе се жени (88.1%) во однос на мажи (11.9%)

## Основно образование

Основното образование на територијата на општина Струга се состои од мрежа на централни и подрачни училишта. Наставата се изведува на три наставни јазици:македонски,албански и турски јазик.

Во продолжение е дадена бројна состојба на број на ученици и број на класови, како и бројна состојба на ниво на училишта согласно добиени податоци.

**Основно бразование**

Во Општина Струга има 12 основни општински училишта со 24 подрачни училишта.

Имаме еднојазични, дво јазични и тро јазично училишта.[22]

| Година | Училишта | Паралелки | Ученици-вкупно |
|---|---|---|---|
| **2017/18** | 11 основни општински училишта и 24 подрачни | 418 | 5504 |
| **2018/19** | 11 основни општински училишта и 24 подрачни | 418 | 5427 |
| **2019/20** | 11 основни општински училишта и 24 подрачни | 417 | 5335 |
| **2020/21** | 12 централни додека бројот на подрачните останува ист | 417 | 5116 |
| **2021/22** | 12 централни додека бројот на подрачните останува ист | 415 | 5129 |
| **2022/23** | 12 централни додека бројот на подрачните останува ист | 418 | 4983 |
| **2023/24** | 12 централни додека бројот на подрачните останува ист | 420 | 4852 |

Во анализираниот период од 5 години се забележува намалување на бројот на ученици по околу 100 ученици на годишно ниво, со исклучок на пандемискиот период. На подолгорочен план ако се зема предвид намалувањето на живородени деца и стапката на иселување, како потреба се наметнува процес на оптимизација на училишната мрежа и реогранизирање на образовниот систем на локално ниво.

Во продолжение е табеларен приказ на бројно движење на ученици и класови со основни училишта на ниво на општина за период 2017-2023/24.

| | Име на училиште 2017/18 | Број на ученици | Број на паралелки |
|---|---|---|---|
| **1** | ООУ,, АшимАгуши.. Радолишта | 496 | 45 |
| **2** | ООУ,, Зини Хани ќ,,Велешта | 341 | 30 |

[22]**Основно Општинско Музичко Училиште – Струга** е ново основно општинско училиште, наставата се изведува на албански и македонски јазик.Учениците кои го посетуваат ОМУ се дел од вкупната бројка во редовните училишта

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3** | ООУ,, Браќа Миладиновци,,Струга | 1164 | 70 |
| **4** | ООУ,, Нури Мазари,, Делогожда | 490 | 46 |
| **5** | ООУ,, Единство,, Октиси | 304 | 32 |
| **6** | ООУ,, Мурат Лабуништи,, Лабуништа | 1151 | 67 |
| **7** | ООУ,, Јосип Броз Тито,, Струга | 767 | 51 |
| **8** | ООУ,, Климент Охридски Драслајца | 225 | 23 |
| **9** | ООУ,, Гоце Делчев,, Јабланица | 79 | 15 |
| **10** | ООУ ,,Гоце Делчев,, Подгорци | 328 | 18 |
| **11** | ООУ,, Орхан Џемаили,, Татеши | 159 | 21 |
| **Вкупно** | | 5504 | 418 |

| | **Име на училиште 2018/2019** | **Број на ученици** | **Број на паралелки** |
|---|---|---|---|
| **1** | ООУ,, АшимАгуши.. Радолишта | 491 | 45 |
| **2** | ООУ,, Зини Хани ќ,,Велешта | 320 | 30 |
| **3** | ООУ,, Браќа Миладиновци,,Струга | 1167 | 70 |
| **4** | ООУ,, Нури Мазари,, Делогожда | 473 | 46 |
| **5** | ООУ,, Единство,, Октиси | 296 | 32 |
| **6** | ООУ,, Мурат Лабуништи,, Лабуништа | 1139 | 67 |
| **7** | ООУ,, Јосип Броз Тито,, Струга | 770 | 51 |
| **8** | ООУ,, Климент Охридски Драслајца | 218 | 23 |
| **9** | ООУ,, Гоце Делчев,, Јабланица | 71 | 15 |
| **10** | ООУ ,,Гоце Делчев,, Подгорци | 319 | 18 |
| **11** | ООУ,, Орхан Џемаили,, Татеши | 163 | 21 |
| **Вкупно** | | 5427 | 418 |

| | **Име на училиште 2018/2019** | **Број на ученици** | **Број на паралелки** |
|---|---|---|---|
| **1** | ООУ,, АшимАгуши.. Радолишта | 469 | 45 |
| **2** | ООУ,, Зини Хани ќ,,Велешта | 314 | 30 |
| **3** | ООУ,, Браќа Миладиновци,,Струга | 1176 | 70 |
| **4** | ООУ,, Нури Мазари,, Делогожда | 453 | 46 |
| **5** | ООУ,, Единство,, Октиси | 289 | 31 |
| **6** | ООУ,, Мурат Лабуништи,, Лабуништа | 1128 | 67 |
| **7** | ООУ,, Јосип Броз Тито,, Струга | 758 | 51 |
| **8** | ООУ,, Климент Охридски Драслајца | 209 | 23 |
| **9** | ООУ,, Гоце Делчев,, Јабланица | 69 | 15 |
| **10** | ООУ ,,Гоце Делчев,, Подгорци | 312 | 18 |
| **11** | ООУ,, Орхан Џемаили,, Ташеши | 158 | 21 |
| | Вкупно | 5335 | 417 |

| | **Име на училиште 2019/20** | **Број на ученици** | **Број на паралелки** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1** | ООУ,, АшимАгуши.. Радолишта | 459 | 45 |
| **2** | ООУ,, Зини Хани ќ,,Велешта | 318 | 30 |
| **3** | ООУ,, Браќа Миладиновци,,Струга | 1219 | 72 |
| **4** | ООУ,, Нури Мазари,, Делогожда | 418 | 46 |
| **5** | ООУ,, Единство,, Октиси | 169 | 31 |
| **6** | ООУ,, Мурат Лабуништи,, Лабуништа | 1069 | 65 |
| **7** | ООУ,, Јосип Броз Тито,, Струга | 745 | 51 |
| **8** | ООУ,, Климент Охридски Драслајца | 201 | 23 |
| **9** | ООУ,, Гоце Делчев,, Јабланица | 69 | 15 |
| **10** | ООУ ,,Гоце Делчев,, Подгорци | 305 | 18 |
| **11** | ООУ,, Орхан Џемаили,, Ташеши | 144 | 21 |
| | Вкупно | 5126 | 417 |

| | **Име на училиште 2021/22** | **Број на ученици** | **Број на паралелки** |
|---|---|---|---|
| **1** | ООУ,, АшимАгуши.. Радолишта | 440 | 45 |
| **2** | ООУ,, Зини Хани ќ,,Велешта | 324 | 30 |
| **3** | ООУ,, Браќа Миладиновци,,Струга | 1216 | 72 |
| **4** | ООУ,, Нури Мазари,, Делогожда | 402 | 46 |
| **5** | ООУ,, Единство,, Октиси | 266 | 31 |
| **6** | ООУ,, Мурат Лабуништи,, Лабуништа | 1041 | 63 |
| **7** | ООУ,, Јосип Броз Тито,, Струга | 737 | 51 |
| **8** | ООУ,, Климент Охридски Драслајца | 197 | 23 |
| **9** | ООУ,, Гоце Делчев,, Јабланица | 59 | 15 |
| **10** | ООУ ,,Гоце Делчев,, Подгорци | 305 | 18 |
| **11** | ООУ,, Орхан Џемаили,, Ташеши | 142 | 21 |
| **Вкупно** | | 5129 | 415 |

| | **Име на училиште 2022/23** | **Број на ученици** | **Број на паралеки** |
|---|---|---|---|
| **1** | ООУ,, АшимАгуши.. Радолишта | 405 | 45 |
| **2** | ООУ,, Зини Хани ќ,,Велешта | 316 | 30 |
| **3** | ООУ,, Браќа Миладиновци,,Струга | 1249 | 75 |
| **4** | ООУ,, Нури Мазари,, Делогожда | 328 | 46 |
| **5** | ООУ,, Единство,, Октиси | 251 | 30 |
| **6** | ООУ,, Мурат Лабуништи,, Лабуништа | 1017 | 64 |
| **7** | ООУ,, Јосип Броз Тито,, Струга | 740 | 51 |
| **8** | ООУ,, Климент Охридски Драслајца | 199 | 23 |
| **9** | ООУ,, Гоце Делчев,, Јабланица | 58 | 15 |
| **10** | ООУ ,,Гоце Делчев,, Подгорци | 286 | 18 |
| **11** | ООУ,, Орхан Џемаили,, Ташеши | 134 | 21 |
| **Вкупно** | | 4983 | 418 |

| | Име на училиште 2023/24 | Број на ученици | Број на паралелки |
|---|---|---|---|
| **1** | ООУ,, АшимАгуши.. Радолишта | 412 | 45 |
| **2** | ООУ,, Зини Хани ќ,,Велешта | 315 | 29 |
| **3** | ООУ,, Браќа Миладиновци,,Струга | 1229 | 75 |
| **4** | ООУ,, Нури Мазари,, Делогожда | 352 | 46 |
| **5** | ООУ,, Единство,, Октиси | 233 | 32 |
| **6** | ООУ,, Мурат Лабуништи,, Лабуништа | 933 | 63 |
| **7** | ООУ,, Јосип Броз Тито,, Струга | 713 | 51 |
| **8** | ООУ,, Климент Охридски Драслајца | 193 | 23 |
| **9** | ООУ,, Гоце Делчев,, Јабланица | 57 | 15 |
| **10** | ООУ ,,Гоце Делчев,, Подгорци | 279 | 20 |
| **11** | ООУ,, Орхан Џемаили,, Ташеши | 136 | 21 |
| **Вкупно** | | 4852 | 420 |

## Средно образование

Средното образование на територија на општина Струга е организирани во две општински средни училишта
СОУ,, Нико Несто,, средно стручно училиште
И
СОУ,, Др, Ибрахим Темо,, гимназиско образование.

Во СОУ Нико Нестор,, наставата се изведува на македонски албански наставен јазик и ги опфаќа учениците од територија на општина Струга.
Училиштето наставата ја изведува во следниве струки:

| **Градежно -геодетска струка** |
|---|
| **Економска, правна и трговска струга** |
| **Електротехничка струка** |
| **Здравствена струка** |
| **Текстилно-кожарска струка** |
| **Угостителстко туристичка струка** |
| **Хемиско – технолошка струка** |

Во СОУ ,,Др.Ибрахим Темо,, се организиран настава од гимназиско образовани и истата се изведува на македонски, албански и турски наставен јазик,покрај ученици од општина Струга како дел од наставана на турски најсавенјазик,настава посетуваат и ученици од општина Охрид.

Наставните програми на училиштето се поделени на:

| |
|---|
| **Природно математичко подрачје** |
| **Општествено – хуманистичко подраќје** |
| **Јазичко –уметничко подрачје** |

**Во продолжение е даден табеларен приказ на бројот на ученици и паралелки во двете средни училишта:**

| **Име на училиште 2017/18** | | | **Број на ученици.** | **Број на пар** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | СОУ,, Нико Нестор,, Струга | | 1305 | 66 |
| **2** | СОУ гимназија ,,Др. Ибрахим Темо,, Струга | | 782 | 43 |
| | Вкупно | | 2087 | 109 |

| **Име на училиште 2018/19** | | | **Број на ученици** | **Број на пар.** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | СОУ,, Нико Нестор,,Струга | | 1360 | 67 |
| **2** | СОУ гимназија ,,Др.ИбрахимТемо,,Струга | | 738 | 43 |
| | Вкупно | | 2098 | 110 |

| **Име на училиште 2019/20** | | | **Број на ученици** | **Број на паралелки** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | СОУ,, Нико Нестор,, Струга | | 1340 | 66 |
| **2** | СОУ гимназија,, Др. Ибрахим Темо,, Струга | | 678 | 41 |
| | Вкупно | | 2018 | 107 |

| **Име на училиште 2021/22** | | | **Број на ученици** | **Број на паралелки** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | СОУ,, Нико Нестор,,Струга | | 1459 | 65 |
| **2** | СОУ ,,Др.Ибрахим Темо,, СТруга | | 607 | 40 |
| | Вкупно | | 2066 | 105 |

| **Име на училиште 2022//23** | | | **Број на ученици** | **Број на пар** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | СОУ,, Нико Нестор,, Струга | | 1451 | 65 |
| **2** | СОУ гимназија ,,Др.Ибрахим Темо,,СТруга | | 543 | 38 |
| | Вкупно | | 1994 | 103 |

**Здравство и социјална грижа Здравство**

Здравствената заштита на подрачјето на општина Струга се реализира преку работатана 4 јавни здравствени организации (Здравствен дом, Општа болница,Завод за Нефрологија и Здравствен Дом – Вевчани). На територијата на општината има и 12 приватни ординации од примарната здравствена заштита; 2 приватни ординации за специјалистичка здравствена заштита; 15 приватни стоматолошки ординации; 16 приватни аптеки.
Во општина Струга има 79,663 здравствени осигуреници, лични 57,486 лица

Изборот на матичен лекар е сопствен избор на граѓаните, додека за децата на возраст до 14 години избор може да врши и родителот.

Со новиот Закон за децентрализација дел од здравството од 2007 премина во надлежност на локалната самоуправа т.н. Примарно здравство, со кое граѓаните најпрво се среќаваат при барањето здравствени услуги. Во состав на локалната самоуправа - Општина Струга спаѓа новата здравствена организација ЈЗУ (Јавна здравствена установа) Здравствен дом - Струга, согласно законските одредби, како носител на примарната здравствена заштита на граѓаните кои живеат на територијата на општина Струга. ЈЗУ Струга има амбуланти во 8 села.
ЈЗУ Здравствен Дом Струга како јавна здравствена установа пружа примарна и превентивна заштита. Здравствената дејност ја врши како дејност од јавен интерес и тоа: итна медицинска помош и домашно лекување, диспанзер за деца, вакцинации и советувалиште, школска медицина, поливалентна патронажа, спортска медицина, снабдување со лекови и помошни медицински материјали за потребите на домот, детска превентивна стоматологија, лабораториско – биохемиска дејност. Вкупно вработени во ЈЗУ Здравствен Дом Струга се 89.

Фондот за Здравствено Осигурување на Македонија има склучено договор со 12 Приватни Здравствени Организации на ниво на општина Струга.

**Социјална заштита**

Јавната Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Струга е единствена институција во општина Струга која спроведува социјална политика и заштита на населението. Во склоп на Центарот работат повеќе служби за спроведување на социјалната заштита и тоа:
-Служба за материјални давања(постојана, социјална и еднократна парична помош, сместување во друго семејство, туѓа нега, посебен додаток);
-Служба за нарушени брачни-семејни односи (бракоразводи и средби родител-дете) посредување за помирување, семејно насилство.
-Служба за малолетничка деликвенција (сторители на кривични дела од 14 – 18 год.)
-Служба за посвојување на малолетно дете и старателство над малолетни лица кои останале без двајцата родители и старателство над полнолетни лица.
-Служба за општи и заеднички работи
-Служба за доделување детски додаток

*Примател на парична и друг вид помош по разни основи во 2005 година*

| **Примател на социјална парична помош** | **1449** |
|---|---|
| Примачи на постојана на парична помош | **59** |
| Додаток за туѓа нега | **336** |
| Еднократна парична помош | **859** |
| Лица сместени во дом-семејства | **6** |
| Случаи на семејно насилство | **3** |
| Корисници на детски додаток | **525 лица/1186 деца** |
| Помош за опрема за новороденче | **252** |

Извор: Центар за социјална Работа, Струга

Во социјалната грижа за специфични категории лица влегуваат стари лица материјално необезбедени или неспособни за работа и лица без семејна грижа. Во 2005 бројот на овие лица изнесувал 60. Посебна категорија претставуваат децата со посебни потреби – 154 деца. Оваа категорија деца се корисници на посебен додаток кој го добиваат преку нивните родители.

Во Струга има Центар за деца со посебни потреби во кој се згрижени повеќе деца. За категоријата лица со асоцијално однесување (зависници од дрога, алкохол) сеуште не е изнајдено соодветно решение. Не постои Центар за згрижување на овие лица.

Бројот на питачите особено во летната сезона е во постојан пораст и треба да се превземат мерки за негово решавање.

**Заштита и спасување на граѓаните, животните, растенијата и материјалните добра**

За безбедноста и јавниот ред и мир во општина Струга се грижи одделението за внатрешни работи – ОВР Струга. ОВР Струга има и четири подрачни станици по селата: Франгово, Велешта и Делогожда. Состојбата со јавниот ред и мир во градот е задоволителна.Најчести причини за нарушување на истиот се нерешените имотно- правни прашања, а во туристичката сезона се: точењето на алкохол на малолетници, прекршување на работното време и сл.

Постојат и повеќе приватни агенции за обезбедување на имоти и лица.

Против Пожарната единица-Струга ја покрива територијата на Општина Струга и Вевчани. Лоцирана е на магистралниот пат Струга-Ќафасан и располага со четири противпожарни возила .

Центарот за известување и тревожење е одговорен за откривање и превенција на последиците од природните катастрофи, епидемии и други облици на катастрофи што им се закануваат на луѓето, природните богатства и културно-историските вредности во мирнодопски и воени услови.

**Култура**

**Антропогени вредности**

Како најзначајни во групата на атропогените туристички мотиви се културно- историските туристички мотиви . За културната историја на Струга и Струшко се сретнуваат траги уште од неолитот. Откриените артефакти во крајбежието на реката Дрим и на самото крајбрежие на езерото,покажуват дека од неолит наваму Струга била населба.

Од подоцнежниот период ,за грчко –римската епоха податоците покажуват дека во Струга и Струшко се развивало интензивен културен живот одбележан со остатоци на делови од познатата Римска трговска комуникација „ВиаИгнација”

Од ранохристијанскиот период од посебно значење се базиликите во с.Радолишта и с.Октиси, а од предримскиот период некрополата во с.Делогожда.

Интересни и доста ретки се и пештерските цркви кои ги има во Струшкиот регион кои потекнуваат од 14 и 15 век.

Културниот живот кој се одвивал во турскиот период исто така оставил свои траги во Струга и Струшко. Во Струга има исламски световни и религиозни архитектонски градби, изградени за време на Отоманската Империја во Македонија.

Во групата на културно –историски мотиви покрај споменативе ,треба да се споменат и спомениците на културата и спомен обележјата, институциите од областа на културата ,музеите,галериите, културните манифестации , литературните ,музичките и уметничките творби .

При Центарот за култура „Браќа Миладиновци” во Струга работи и Народната Библиотека .
Значајни културни институции се Спомен куќата на Браќата Миладиновци, Уметничката галерија на Вангел Коџоман, Природно Научниот Музеј “ Д-р Никола Незлобински”.
Најпозната манифестација е интернационалниот поетски фестивал “Струшки Вечери на поезијата” кој традиционално се одржува во август. Пепознатлив за Струга е и фестивалот на албански народни песни и ора КëngëJeho.
Од останатите културни манифестации позначајни се: Струшка Музичка есен и Ревија на народни носии, кои традиционално се одржуваат секоја година.

**Јазик**

Општина Струга претставува конгломерат на култури и нејзиниот мултиетнички карактер е изразен и во јазикот.Општина Струга е мултијазична општина каде се зборуваат следните јазици Македонски, Албански, Влашки, Турски, Српски, Ромски. Службени јазици на кој се одвива институционалното локално комуницирање се Македонски и Албански јазик.

**Спорт**

Спортот во општина Струга има долга традиција која се манифестира во следните спортски дисциплини : ракомет, кошарка, фудбал, пинг-понг, бокс, карате, едриличарство, кајак-кану, веслање, ватерполо, јога, шах и параглајдинг.

Анализата на состојбата на објектите за спорт и физичка култура во Општината, јасно укажува дека од вкупно 121 објект, најголем дел се отворени игралишта. Повеќето од нив спаѓаат во објекти од трета категорија поради нивната нефункционалност. Само мал број спаѓаат во прва/втора класа и тоа претежно објектите со кои располагаат туристичките организации.

Објектите во најголем дел се во сопственост на образовните институции, дел се на хотелско-угостителските организации и мал дел на други јавни претпријатија.

Вкупната корисна површина на истите изнесува приближно 200.000м$^2$ , сметајќи ги просториите кои се пратечки објекти на основните, што значи просечно по жител на Струга му припаѓа 3 м$^2$ . Од затворени објекти – изградена е спортска сала Тими по моделот на приватно јавно партнерство во 20121-1013 и една спортска сала во состав на средношколскиот центар која е постара и се кроисти и за насатава, како и затворениот базен кој е комплетно руиниран.

**НВО Сектор**

Струшкиот регион има регистрирано повеќе НВО во делот на заштита на животна средина, едукација на жени, човекови права, млади, демократија и култура, уметност,култура, лица со посебни потреби, хуманитарни и социјални работи .

Од нив само 10 невладини организации покажуваат активност и поседуваат основни услови за работа, опрема и човечки ресурси. Посебно се активни неколку организации кои во последните години работат на програмите на ЕУ за претпристапна помош и прекугранична соработка .

Невладините организации остваруваат тесна соработка со локалните и централните власти, локалните бизниси и население. Претставуваат значаен фактор за поттикнување и решавање на дел од важните прашања за заедницата.

**Медиуми**
Во општина Струга постојат две телевизиски станици ТВ Калтрина и Арт Канал, 2 радио станици ( Play Радио и Rapi Радио) и дописништва од сите поголеми ТВ и печатени медиуми

***Рурален развој***

Руралниот развој е од исклучителна важност за целокупниот развој на општина Струга бидејќи поголемиот дел од Струга е рурален. Во Струга има поголеми рурални центри кои имаат атрибути на урбани населби како Лабуништа, Велешта, Делогожда, Радолишта и други, кои во иднина можат да бидат генератори на развојот на микро регионите околу нив.

Но, руралните средини се соочуваат со големи проблеми веќе подолго време и тоа: нефункционални месни заедници, миграцијата на населението во градовите и во странство, немање организиран откуп на земјоделските производи, немање организации на земјоделци, проблеми со инфраструктурата во селата, негрижа за шумскиот фонд, неинформираност за новите технологии во оваа сфера. Видлив е диспаритетот во развојот помеѓу руралните центри и руралните населби Малесија и Дримкол. Карактеристично е што тие се слабо населени, инфраструктурно се неуредени и немаат деловни активности. Со субвенционирање на земјоделското производство во последните години се забележува зголемување на бројот на регистрирани земјоделци и зголемување на земјоделските површини што претставува добра основа за поинтензивен развој.
Потенцијалите за развој се препознаваат во еколошко земјоделско производство и селски туризам.

***Регионална соработка***

Општина Струга има долгогодишна успешна соработка со соседните општини – Охрид и Подградец (Р. Албанија). Главни полиња на соработка се заштитата на Охридското Езеро и унапредување на еко-системот.
21 јуни е воспоставен како ден на езерото кој заеднички го празнуваат сите три града. Изработена е стратегија за регионален развој на југозападен плански регион за периодот 2015-2020 во чиј состав е и општина Струга.

***Ингеренции на општината***
Според законот за локална самоуправа, „Општина" е единица на локална самоуправа, како заедница на жителите на одредено подрачје, утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон. Општините се правни лица и своите надлежности ги извршуваат преку органи избрани непосредно од граѓаните.

**Прописи на општината:**


- Општината го уредува вршењето на своите надлежности со статутот и други прописи.
- Со статутот на општината се уредуваат:
    - организацијата и работењето на органите на општината, организацијата и работењето на комисиите на советот;

- вршењето на работите од членот 20 на закон за локална самоуправа; начинот на информирање на граѓаните;
- случаите на исклучување на јавноста од седниците на советот;
- начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на општината и постапување по нив;
- начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните;
- начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба, како и други прашања од значење за локалната самоуправа.

- Прописите на општината се објавуваат пред да влезат во сила.
- Начинот на објавувањето на прописите се уредува со статутот.

**Општината е надлежна за вршење на следните работи:**

- Урбанистичко (урбано и рурално) планирање
- Заштита на животната средина и природата
- Локален економски развој
- Комунални дејности
- Култура
- Спорт и рекреација
- Социјална заштита и заштита на деца
- Образование
- Здравствена заштита
- Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјални добра
- Противпожарна заштита вршена од територијалната противпожарна единица
- Надзор над вршењето на работи од надлежност на општината
- Други работи определени со закон




**Буџет на општина Струга**

Приходите и расходите на општината се утврдуваат со буџетот на општината.

Буџетот на општината содржи биланс за приходите и расходите, а се однесува за фискална година од 12 месеци која почнува на 1 јануари, а завршува на 31 декември од секоја календарска година.
Буџетот на општината пред донесувањето се усогласува со Министерството за финансии, во делот за потребите и можностите за земање на заем од буџетот на Републиката за финансирање на буџетскиот дефицит.
Предлогот на Буџетот на општината го утврдува градоначалникот и го доставува до Советот на општината за донесување во ноември во тековната година.